СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 2 јуни 1992 година

Скопје, јуни 1992 година

**ДИСКУТАНТИ НА ЧЕТИРИЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2 јуни 1992 година**


1. АЛИУ ХАМИД - 87
2. ГОШЕВ ТУШЕ - 137
3. ГОШЕВ ПЕТАР - 122
4. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 41
5. ДАВЧЕВ САНДЕ - 38
6. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 91
7. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 58
8. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 2
9. МАЛЕСКИ Д-р ДЕНКО - 6
10. МИЉОВСКИ ЈАНЕ- 13
11. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 70
12. НАУМОВСКИ СИМЕОН - 48
13. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 82
14. ПОПОВСКИ КИРО - 99
15. ПРЕВАЛА ШАБАН - 27
16. СЕЛМАНИ АСЛАН - 67
17. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 3, 26
18. СТАНКОВСКИ РИСТО - 76
19. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 33
20. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 40
21. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 68
22. ТЕМЕЛК0ВСКИ ПЕТАР - 108


<u>ДНЕВЕН РЕД НА СТР.5</u>

продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 2 јуни 19 92 г.**

Седницата се одржа во сала број 1 во Собранието на Република Македонија со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Чкатроски, Јордан Зафиров и Флоре Масалковски ме известија дека до оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записникот до 37-та седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од 37-та седница е усвоен без забелешки.

За денешнава седница се поканети претседателот на Република Македонија, господин Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членови на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека група пратеници од Собранието на Република Македонија поднесоа предлог Собранието да расправа за ставот на македонскиот олимписки комитет во врска со учеството на македонските спортисти на Олимписките игри "Барселона 92" со барање да биде дополнет дневниот ред за 40-тата седница на Собранието.

Ве потсетувам дека Собранието има донесено заклучок на оваа седница да расправа само по законите за трансформација и за локалната самоуправа.

Со оглед на актуелноста и обемноста на прашањата по кои Собранието ќе расправа, предлагам на оваа седница да не се расправа по предлогот на групата пратеници.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (двајца)

Јас се извинувам, не забележав дека госпоѓата Лазаревска побара збор пред да пристапиме кон гласањето.

Збор има госпоѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи побарав збор пред да се гласа, најверојатно претседателот не ме виде, инсистирам оваа информација да биде на дневен ред на денешнава седница токму заради тоа што времето веќе ја прегазува Информацијата, нејзиното значење. Значи на идната седница веќе ќе биде депласирано да се дискутира.

Незнам како Собранието го заклучи токму ова или Претседателството на Собранието на денешната седница да не може за тоа да се разговара.

Бидејќи веќе знаеме што се случува со нашето опкружување и со најновата Резолуција, навистина бев изненадена од синоќашниот коментар на телевизијата во врска со оваа одлука, беа кажани неколку реченици со жалење, па сметам дека на оваа седница треба да се разговара за таа информација. Бидејќи треба да поведеме расправа за политичката тежина на одлуките на институциите надвор од Собранието, оти кога се одлучува за спортските термини, кога се одлучува за организирањето на спортот во олимпискиот комитет, тоа е нешто друго. Но, кога се одлучува за нешто што е надвор од политиката што ја донело ова Собрание, тоа е веќе нешто друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие предлагате да биде на седница на дневен ред? (да) Збор побара господинот Стојков.,

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Ова Собрание, иако има и работи по стар деловник, сепак треба да се придржуваме кон тој деловник.,Според членовите 98 и99 од тој деловник може секој пратеник на седница на Собранието да предложи дополнување на дневниот ред. Никаков заклучок, а јас незнам за тој заклучок дека е донесен, дека само за овие две точки денеска треба да расправаме. Мислам дека ова не е деловнички.

Затоа, согласно на членовите 98 и 99 пратениците имаат право да предлагаат дополнување на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ги знаете одредбите на тој деловник, да не ги толкуваме секој ден по два-три пати.

Не би навлегувал во тоа, само да кажам дека јас излагањето на госпоѓа Лазаревска го сфатив како предлог да се расправа денеска, а нејзиното образложување да го разбереме како образложение за итноста на предлогот.

Дали е така госпоѓа Лазаревска? (така е)

Значи, ова што го изнесе госпоѓа Лазаревска треба да го сфатиме како предлог на денешнава седница да се расправа. Се разбира, тоа е заклучокот што го кажав јас на Собранието а не на Претседателството, сега да расправаме само по двете точки. Меѓутоа, Собранието може тој заклучок да го измени. Нема проблеми околу тоа.

Одредбите што ги спомна господинот Стојков се однесуваат кога секој може да предложи, но и да ја образложи итноста. Еве, сега да сфатиме дека госпоѓата Лазаревска тоа го сторила.

Дали може така? (Може)

Дали некој бара збор во врска со излагањето на госпоѓа Лазаревска? (Не бара)

Тогаш, го ставам на гласање ова што госпоѓа Лазаревска го образложи.

Кој е за, молам нека крене рака? (32 пратеници)

Бидејќи за предлогот гласаа само 32 пратеници, констатирам дека предлогот на госпоѓа Лазаревска не е усвоен.

Владата на Република Македонија ме извести дека ќе го информира Собранието во врска со Резолуцијата на Советот за безбедност на организацијата на Обединетите Нации и за мерките што ги презема Владата на Република Македонија.

Дали има потреба да се образложува итноста на ова барање на Владата? (нема).

Значи, се согласуваме со овој предлог на Владата? (Се согласуваме).

Во оваа смисла предлог достави и пратеникот Тодор Петров.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Информација за спроведувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите Нации и за мерките што ги презема Владата.

2. Предлог за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

3 Нацрт на закон за локалната самоуправа.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали има некој воздржан? (1)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Информација за спроведувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите Нации и за мерките што ги презема Владата.

Собранието ќе го информира, односно Информацијата ќе ја поднесе министерот за односи со странство, господинот Малевски.

Има збор господинот Малевски.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ**: (прилог)

д-р ДЕНКО МАЛЕСКИ
Министер за односи со странство
на Република Македонија

Господине претседателе,

Дами и господа, пратеници,

Непобитен е фактот дека состојбите во некои делови на поранешна Југославија "претставуваат закана за меѓународниот мир и безбедност". Опасноста оваа национална зараза да се пренесе и на други делови на Балканот и во Советскиот сојуз е сосема реална. Тоа пак, би значело почеток на!светска катастрофа..Имајќи го ова предвид, како и фактот дека варварството во овие краишта премногу долго трае, Советот за безбедност без ниту еден глас против ја усвои Резолуцијата бр. 757, покрената од страна на САД, Велика Британија, Франција, Белгија, Унгарија и Мароко. Со оваа Резолуција СР Југославија (Србија и Црна Гора) е практично изолирана од меѓународната заедница, иако нејзиното членство во Обединетите нации, засега, се уште формално не е оспорено.

Со Резолуцијата Србија и Црна Гора се обвинети како главни виновници за војната во Босна и Херцеговина, а исто така остро се осудени и другите страни вмешани во судирите.

Санкциите се насочени кон надворешно- трговската размена на СР Југославија (Србија и Црна Гора) и сите финансиски, сообраќајни и други трансакции поврзани со оваа размена; кон отстапувањето на индустриски, сообраќајни и други капацитети, авио-сообраќајот и финансиската соработка.

Тука се опфатени повеќе области:

1. Надворешно- трговска размена - се забранува извозот к увозот на југословенски стоки (на сите суровини и производи) со потекло од СРЈ по датумот на усвојувањето на Резолуцијата.

Исто така, се забранува и транзитот на стоки со потекло од СР Југославија.

2. Отстапување на капацитети - се забранува отстапување на било какви индустриски, сообраќајни и останати капацитети на СРЈ во земјите членки на ОН, освен за стриктно хуманитарни потреби. .

3. Авио-сообраќај - се забранува авио-сообраќајот со СРЈ, транзитот на авиони што слетуваат или полетуваат од територијата на СФРЈ,

4. Финансиска соработка - не е можно да се ставаат на располагање било какви финансиски средства или економски ресурси на властите на СФРЈ или на било кој трговски, индустриски или јавен оркан во СРЈ,

Наведените економски санкции не се однесуваат на материјални наменети за медицински цели и намирници, а за евентуалните испораки треба да се извести Комитетот основан во согласност со Резолуцијата 724.

Резолуцијата 757 ги повикува сите држави,. вклучувајќи ги и државите кои не се членки на 00Н, да дејствуваат строго во согласност со нејзините одредби, без оглед на постоење на било какви права или обврски настанати пред усвојуваше на оваа резолуција, и до 22 мај 1992 година да го известат генералниот секретар за преземените мерки.

Имајќи предвид дека Република "Македонија е суверена и самостојна држава, како и определбите изнесени во Декларација на Собранието од 17.9.1991 година дека Република Македонија ќе ги почитува општоприфатените меѓународни норми и принципи содржани и во документите на 00Н, република Македонија треба да ја прифати. Резолуцијата 757 на Советот за безбедност на 00Н од 30.5.1992 година со која се предвидуваат мерки спрема СР Југославија (Србија и Црна Гора).

Истовремено треба да се имаат предвид и сериозните тешкотии и материјалната штета врз македонското стопанство и Републиката кои ќе настанат со преземаше на мерки од страна на надлежните органи на Републиката кои се предвидени со резолуцијата 757.

Од тие причини согласно Повелбата на ООН (член 50), Владата на Република Македонија треба да оствари контакт и соработка со Советот за безбедност на ООН заради економска помош и надомест на штетите што со резолуцијата 757 ќе произлезат за Република Македонија.

Смислата на оваа, од Војната наваму невидена блокада на европскиот  континент е да престане војната во Босна. Ка убивањето треба да му се стави крај. Дали тоа ќе се случи и колку бргу, останува да се види. Посеаната омраза меѓу етничките групи не може веднаш да исчезне. Премногу луѓе се убиени, раселени и малтретирани за да може да се очекува антагонизмите бргу да исчезнат.

Сепак, доколку блокадата придонесе завојуваните страни, а пред се Србија, Црна Гора и ЈНА да го одложат оружјето и на преговарачка маса да го побараат разрешувањето на кризата, тоа треба да се поздрави. Се разбира останува дилемата дали економски санкции можат да решат етнички судири, или пак напротив можат да ги влошат.

Сепак, едно е извесно: ова е последна "мирна" мерка која доколку не успее може да биде проследена и со воена интервенција. Затоа е нужно оваа "мирна" мерка да успее и да ги принуди завојуваните страни на дијалог. Не може да се очекува Светската организација да се повлече доколку санкциите не успеат, туку сосема извесно дека следниот чекор би бил употреба на сила.

Тоа би било несреќа за Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, како и за оние кои живеат во непосредна околина, како Македонија. Оттука

е нужно економските и политичките санкции да го произведат толку посакуваниот мир.

5.-

Нашите државни институции и народот во целина се исправени пред едно големо искушение. Неможноста да се придржуваме па санкциите предвидени со Резолуцијата, може да не вовлече во зоната на санкциите.

Примената пак, на санкциите силно ќе не погоди нас самите, дури можеби во прво време повеќе отколку Србија. Имено, станува збор за една економија која е органски поврзана комплементарноста на стопанствата на Србија и Македонија е таква што прекинувањето на заемните односи може да предизвика застој на економијата кај нас. Конечно, се работи за стопанство кое постои како едно преку 70 години.

Дилеми сепак не треба да има дали да се поддржи Резолуцијата на Обединетите нации или не. Конечно, нејзината цел е да се сопре војната. Што поскоро тоа се случи, толку поскоро и санкциите ќе престанат. Меѓутоа, изјаснувајќи се во прилог на Резолуцијата не значи дека чекорите што ќе ги преземеме заедно со Светската заедница треба да предизвикаат колапс на економијата во Македонија. Оттука тоа го прави Владата е нужноста се изготви целосна сметка за последиците од санкциите, како дел од програмата на Владата. Се разбира ние ќе треба да ја платите цената за мир, меѓутоа, така, за да не предизвикуваме беда и војна во нашата средина. Тоа, секако, не би бил придонес кон мирот и стабилноста во Регионот. За тоа, и за сите други проблеми треба да ја информираме светската заедница до 22 јуни.

Да се надеваме дека војната дотогаш ќе стивне, но да се подготвуваме и за можноста таа да трае долго.

На крајот неколку збора за брзината на нашето реагирање поточно дали беше потребно толку бргу да одговориме на повикот на Советот4на безбедност.

Ако внимателно ја прочитате Резолуцијата ќе видите дека Република Македонија индиректно е Л0викана да ги почитува нејзините одредби. Имено, апелот за придружување на санкциите не е упатен само на членките на Обединетите нации, туку и на државите кои тоа не се. Ова, очигледно се однесува пред се на Република Македонија.

А, дека мораше брзо да се соопшти ставот на Републиката сведочи и настанот од неделата, првиот ден од воведувањето на санкциите. Имено, британските власти во телефонско обраќање ме ставија на своевидна проба. Пилотот на авионот на ЈАТ на забрана на властите од Лондон да полета од аеродромот Гетвик кон Белград, изјавил дека нивното одредиште е Скопје. Нашиот одговор беше дека ние во целина ќе ја почитуваме Резолуцијата на Обединетите нации, што беше нешто подоцна содржано во Соопштението на Владата. Било каков друг одговор можеше да не доведе во сукоб со Светската организација и до опасноста и

Република Македонија да биде опфатена во зоната на санкциите а потоа да ја дели судбината на оној дел што е под санкции. Не треба велење дека

7.-

сето тоа можеше да ги поништи сите наши досегашни напори на патот кон меѓународното признавање и членувањето во Обединетите нации.

Сигурен сум дека ги изразувам и вашите чувства ако речам дека никој не е среќен со ова што се случува. Но и убивањето мора да престане, веднаш.

Ова е последниот мирен начин властите кои што располагаат со воена сила да ја прекинат војната и да седнат на преговарачка маса. Ако тоа не се направи, иднината на сите нас кои живееме на овие региони е крајно неизвесна.

Владата ги разгледуваше своите задачи што произлегуваат од Резолуцијата на неколку состаноци во текот на вчерашниот и денешниот ден. Ќе преземе мерки Резолуцијата да се спроведе така, за да проблемите од тој дел на бивша Југославија не се пренесат и во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има предлог да водиме расправа по информацијата на министерот Денко.

Кој е за молам да крене рака? (9)

Не е прифатен предлогот да водиме расправа.

Одиме на втората точка: Предлог за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Предлогот за донесуваше на законот, извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за градежништво и урбанизам, Законодавно правната комисијата, Комисијата за труд и социјална политика и забелешките на пратеникот Петар Георѓиев,ви се доставени односно поделени.

Воведно излагање по предлогот за донесување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ќе поднесе д-р Јане Миљовски, министер во Владата на Република Македонија.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, еве после долга работа од речиси една година, и после долги дискусии, конечно предлог законот е пред вас и ние денеска можеме да водиме расправа околу она што го напишавме во овој предлог закон.

Ми се чини ќе погрешиме, ако овој закон го третираме како обичен закон, како закон како и другите кои што решаваат некои мали проблеми. Мислам дека мораме веднаш да кажеме дека се работи за закон со

исклучителна важност, закон кои што задира во речиси сите пори ка нашето живеење и прв закон од економската област, кои што драматично треба да



го измени нашиот стопански систем.

Досега не сме разговарале за закон кои што толку темелно ги менува основите на нашата економија, како што е тоа законот за трансформација на општествената сопственост. Кога говориме за неговото значеше, мораме да нагласиме дека неговото значење е пред се, од она што ние го очекуваме од овој закон. Целата оваа трансформација која што не може да биде ни болна ни едноставна, едноставно ја преземаме заради тоа што со оваа трансформација очекуваме Македонија конечно да го скрши маѓепсаниот круг на сиромаштијата и полека да почне да се вреднува меѓу поразвиените земји.

Имавме искуства на многу реформи, на многу обиди, да го измениме нашиот систем и Македонија да ја направиме поразвиена. Досега сите реформи кракираа. Ова е најрадикален начин кои се обидуваме да го измениме нашиот стопански систем. Сосема свесни за тежината на проблемот, му пријдовме на изработката на законот и многу сериозно. Формиравме повеќе тимови, што работеа на подготовка на законот.

Всушност, формиравме два тима, едниот беше претежно од домашни стручњаци, другиот беше во соработка со странски стручњаци. И двата тима долго време го испитуваа и светското искуство и домашното искуство и се случи една чудна работа, двата тима независни еден од друг дојдоа до слични решенија и конечниот предлог за стратегијата која што треба да ја примениме при приватизацијата, независни еден од друг на двата тима стратегијата беше многу слична, многу комплементарна. Ние добивме еден предлог, една стратегија за приватизација, која навистина, беше научно издржана и која навистина се базираше врз анализата на искуството и на

другите земји, кои што почнале со трансформација. меѓутоа и на она искуство кое постоеше во Македонија во дотогашната трансформација.

II/3

Некои луѓе се уште не се убедени дека мораме да почнеме со оваа трансформација. Многумина мислат дека ќе можевме да продолжиме и со стариот систем. Некои предлагаат да направиме мали измени на досегашниот систем и дека како што сме живееле досега, ќе живееме и понатаму.

Меѓутоа, сакам само да ве потсетам на неколку факти кои што вие веројатно, многу добро ги знаете.

Причината да пријдеме кон ваква радикална реформа е пред се, е диктирана од фактот што имаме повеќе од единаесет години пораст на општествениот производ, кои што е близу до нулата или негативен. Во историјата ретко се среќава земја кој што има така ниски стапки на раст како што ги има во Македонија во последните единаесет години. Ние исто така кога размислуваме дали моравме сега да почнеме со оваа трансформација или не, како да го заборавивме еден друг факт: дека речиси 40 години Македонија е после Косово, подрачје во Европа со највисока стапка на невработеност. И таа стапка на невработеност постојано расте. Тоа е уште еден доказ дека сите реформи досега што ги презедовме не успеваат да го решат овој клучен проблем.

Ако сега ги погледнеме нашите производни капацитети, ќе се увериме дека се работи во голема мера со застарена техника, не е на нивото кое што е вообичаено во светот. Ако го погледнеме и целиот општествен живот ќе видиме дека сме соочени со вистинска и демотивираност, и дезорганизираност, речиси во сите сфери на животот.

Оттука, е јасно дека без длабоки промени не ќе можеме да тргнеме по патот кој што води кон Македонија која што ќе личи на развиените земји.

Многумина мислеа дека кога ја почнавме трансформацијата, основна цел ќе биде да се најде сопственик на општествениот капитал кој дотогаш немаше сопственик. Ова не беше цел. Ќе беше многу лесно, ако навистина

II/4

баравме само сопственик на општествениот капитал. Ние бевме сосема свесни за економските проблеми што се соочува Македонија и во трансформацијата тргнавме многу поамбициозно, отколку да најдеме сопственикот на општествениот капитал. Сакавме да извршиме такво преструктуирање на македонското стопанство, да не се претвориме од сиромашно социјалистичко во сиромашно капиталистичко стопанство, туку да почнеме да покажуваме позитивни стапки на раст, конечно да почнеме да го зголемуваме стандардот на нашиот граѓанин.

Ако се обидевме да дадеме модел со кој би се бавел само сопственик на општествениот капитал, тоа ќе беше за Владата многу благодарна работа , затоа што тоа не е тешко, може со една правна формула да се реши проблемот на сопственоста. Горе долу тие системи на создавање на приватна сопственост, не предизвикуваат големи отпори кај населението, ќе се добие аплаузи, меѓутоа, трагично ќе беше она што ќе следеше после 10-тина години, ќе беше една таква крита која што Македонија веројатно, многу, многу долго ќе требаше да работи за да излезе.

Ние се одлучивме, како што рековме на потешкиот начин на една трансформација, која штоп всушност, значи лечење"на болното македонско стопанство. Ако во оваа генерална определба да ја покачиме ефикасноста на македонското стопанство, би требале да бидеме поконкретни, што е тоа што сакаме да го постигнеме, тогаш јас на прво место би ја навел ефикасноста. Главна цел на оваа трансформација е да се зголеми ефикасноста во управувањето во претпријатијата и ефикасноста на располагање со средствата во претпријатијата.

Како втора главна цел. на оваа трансформација би ја нанел конкурентноста. Имено, само преку конкуренција,преку конкурентска борба ќе овозможиме и брз раст и подобрување на стандардот на луѓето.

II/5

Постои уште еден проблем, кои што е евидентен во сите земји кои ја отпочнаа трансформацијата на државниот бл8пштествениот капитал а тоа е оној период кога од едниот систем се доаѓа до другиот систем во тој период се случува уништување на општествената или на државната сопственост. Таа беше третата цел која што си ја поставивме да најдеме начин на трансформација на општествениот капитал, кои што од првиот ден ќе спречи уништување на ова богатство кое што е создадено на овој простор, се едно чие е, сеедно кому му припаѓа.

Во дискусиите околу предлог законот имаше доста размислувања, дали е овој најпогодниот момент. Се наоѓаме во услови на блокада, економскиот систем не е до крај завршен во Македонија, се уште има елементи на стопанскиот систем коишто треба да бидат завршени. Вие знаете дека во подготовка е новиот даночен систем. се работи и на цела серија закони кои се занимаваат со оздравување на банкарството и така натака и така натака. Значи имаше многу души кои што рекоа дека овој не е најдобриот момент да се почне со една ваква болна трансформација. Меѓутоа, како се случи да дојдеме до вака лоша економска ситуација. За жал ние немаме време и немаме можност прво да го извлечеме стопанството, а после да почнеме со трансформацијата на сопственоста. Единствен начин фактички да го извлечеме стопанството е да почнеме со трансформација на сопственоста. Само преку трансформацијата на сопственоста, ќе извршиме ревитализација на производните сили во Македонија. Дури и да ве потсетам, ве потсетам во изминатите 11 години немавме толку лоша ситуација,како што имавме оваа година, па сепак и

општествениот производ опаѓаше и невработеноста растеше и нивото на техниката во производните организации опаѓаше. Очигледно е дека проблемите наши не се од конкретните состојби. нашите проблеми лежат длабоко во економскиот систем во кои што живееме и токму заради тоа, мораме да извршиме негова радикална смена.

II/6

Кога зборуваме за трансформацијата на општествената сопственост, јас би ја нарекол оваа промена, една од ретките промени во која што ние самите можеме нешто да направиме за нас. Ние можеме да ја почнеме трансформацијата без туѓа помош, се разбира, ако дојде до туѓа помош, тоа ќе биде добредојдено, дури би рекол кога ќе ја почнеме трансформацијата, туѓата помош и многу полесно ќе дојде, меѓутоа, менувајќи го стопанскиот систем на овој начин ние ги будиме сите креативни сили во ова општество и му даваме шанса на нашето стопанство, конечно во него да добијат шанса оние кои што имаат и идеи, и знаење и кои што се спремни да рескираат нешто за тие свои идеи, коишто се спремни да рескираат нешто за тоа свое знаење. Затоа им даваме на тие луѓе шанса.

Би сакал сега да говорам за неколку важни принципи, кои што вие, веројатно сте ги виделе во предлог законот, меѓутоа, би сакал едно ставено да ги нагласам, за да биде јасно колкава важност им придаваме на овие принципи .

Првиот принцип е дека во приватизацијата одиме со така наречен систем на платена приватизација. Поаѓаме од принципот дека не може никој да се стекне со сопственост без да биде таа платена. Овој принцип е единствениот начин, односно единствениот пазарен. начин на кои што се стекнува сопственост. Многу би било нелогично да градиме општество од пазарен тип, општество во кое што ќе доминира профитот, а да го почнеме со трансформација која ќе биде од непазарен тип. Освен тоа, системот наплатена приватизација има одредени предности, во врска со

рамноправноста на граѓаните, т.е., можноста на секој поединечен граѓанин, под еднакви услови да добие дел од општествениот капитал.

Натамошен принцип кои што ви го предлага законот е задолжителна претходна проценка на имотот. Значи не се задржуваме на книговодствената вредност, туку задолжително имаме претходна проценка

II/7

на вредноста на општествениот имот.

Околу книговодствената вредност на општествениот имот досега имаше разни дискусии. Едни велеа дека имотот е потценет, други е дека е преценет. И едните и другите имаат право. Имено, книговодствениот. метод некаде го преценува имотот, некаде го потценува. Токму за да избегнеме вакви работи, ние ќе одиме на систем на задолжителна проценка на имотот кои што оди во трансформација.

Натамошна карактеристика на законот кои што ви го предлагаме е што не одиме со еднаква постапка за сите претпријатија, за сите гранки, туку предвидуваме цела палета мерки, кои што можат слободно меѓусебно да се комбинираат за да може секое претпријатие, од цела таа палета мерки да ги избере оние, кои најмногу ќе погодуваат на конкретната, реална ситуација на секое претпријатие. Генерално во нашиот пристап ние ги делиме претпријатијата на големи, мали и средни и за секои тип од нив предвидуваме различни постапки. Се разбира, за малите претпријатија очекуваме приватизацијата да оди најбрзо, постапката е наједноставна, претпријатието има најголема самостојност во избирањето и комбинирањето на разните методи на /приватизација. За да биде јасно ние инсистираме секој тип на трансформација да биде навистина, еднакво достапен на сите граѓани на Македонија, дури и за странците, ги ставаме во еднакви услови, како и нашите граѓани Оттука, купувањето на акции, или на удели на одделни претпријатија, ќе се врши преку аукции, кои што ќе бидат јавни и достапни за секого. Меѓутоа, ако на една аукција се постигнат

еднакви услови тогаш, вработените имаат извесна предност во добивањето на сопственоста врз акциите или врз уделите, Значи, при еднакви услови други, вработените би добиле извесна предност да ги добијат акциите, Тоа е кога говориме за малите претпријатија.

II/8

Постојано ми се забележуваше, кога го изнесував овој наш концепт дека во Македонија немаме доволно капитал, кој што е спремен да ја купи општествената сопственост. Ако се случи едно претпријатие да речеме после две јавни наддавања да остане непродадено, нашиот закон предвидува можност со оној кој што понудил највисока цена да се постигне договор и да се даде претпријатието да речеме, за 50% од цената , додека другите 50% би биле отплатени во текот на неколку наредни години и тоа би биле отплатени од профитот што ќе го добие претпријатието.

Кога го реков ова дека од профитот ќе се продаваат претпријатијата, јас тука го спомнав и главниот принцип на нашата приватизација. Имено, ние инсистираме на тоа поради фактот што во Македонија навистина нема доволно капитал, кој што би купил сите претпријатија, приватизацијата да се врши од идните профити. Меѓутоа, ова не е само решаваше на проблемот на недостатен капитал. овој принцип има и друго значење. Обезбедува секој оној кој што сака да стекне сопственост врз дотогаш општествениот капитал, е принуден во наредните години на високо користење на капацитетите на претпријатијата.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Само на тој начин ќе успее да обезбеди високи профити и се разбира радикална трансформација на самото претпријатие и подигање на профитабилноста на претпријатието. Со ова мислиме дека смалуваме една од главните опасности кои што се јавуваа во другите економии кои што почнаа со трансформација, а тоа беше затварање на претпријатијата и масовни отпуштања. Опасноста од отпуштање постои. Меѓутоа, со ваков метод на трансформација веројатно таа опасност се сведува на најмала можна мера токму заради тоа што се присилува претпријатието да работи со полн капацитет. Слична е постапката за следните претпријатија со тоа што ако претпријатието не се продаде после две аукции, тогаш може да се склучи т.н. договор за управување, само сега наместо 50% веќе доволни се 20% да се почне со управувањето со претпријатието, додека остатокот до 51% идниот сопственик е ^должен да го купи од профитот што ќе се оствари во текот на наредната година. Слична е и. постапката за големите претпријатија, со која што почетниот капитал тука е 10%. Има уште една карактеристика на оваа наша шема која што ја одликува од другите, а тоа е следното. При трансформацијата законот инсистира на тоа да се најде доминантен сопственик, да се најде сопственик на доминантниот дел од акции, или удели за да биде потполно јасно во чии раце се управувачките права со претпријатието. Оваа работа не ја направивме случајно, туку ја направивме намерно и тоа ја направивме токму заради сознанието дека ако може да се лоцира точно интересот на поединецот за зголемен профит, тогаш мора и управувачките права да се концентрираат кај тој кој што има најголем интерес да го добие овој зголемен профит.

Јас досега не го спомнав тоа, меѓутоа со нашиот концепт предвидуваме формирање на агенција, на, една нова агенција која што ја

замислуваме како едно мало динамично тело, една организација суи генерис, нема тоа да биде јавно претпријатие, едноставно ќе биде организација посебна формирана со закон која што ќе ја има задачата да биде менаџер на идната македонска трансформација. Оваа агенција ја замислуваме како стручно тело, како тело кое што ќе обезбеди соработка со најдобрите стручњаци и во земјата и во странство и на тој начин ќе успее да помогне во трансформацијата на нашите претпријатија. Обичај во светот е сите работи околу трансформацијата на некој начин да се врзани со министерство. Ние сакавме да избегнеме таква опасност, да ја избегнеме опасноста на преголемо врзување на процесот на трансформација за министерство, сакавме да го нагласиме тој стручен аспект на оваа трансформација и токму од тие причини ја формираме агенцијата за да во оваа битна промена на нашиот стопански систем едноставно да доминира тој стручен аспект на нештото. Се разбира дека агенцијата ќе биде во одреден однос зависна од Владата, меѓутоа сметаме дека ќе биде многу подинамична, многу пофлексибилна. Агенцијата би имала задача да заврши цела низа стручни работи кои што останаа недовршени. Меѓу другите тоа е пропишување на методологијата на проценка на претпријатието, таа сама нема да се бави со проценка на претпријатијата, преоценката ќе ја доверува на други овластени организации и лица, меѓутоа ќе води сметка да се примени онаа методологија која што е вообичаена во светот.

Секоја приватизација всушност значи и расчистување на одредени финансиски дубиози. Јасно е, на сите ни е познато дека во социјализмот фактички се создаваше еден хаос во финансиите. Сигурно тоа е систем со најголема финансиска недисциплина. Оттука ако имаме амбиции нашето македонско стопанство да го оздравиме и да го ставиме на еден пат на прогресот нужно ќе мораме да расчистиме дел од овие нерасчистени

финансиски односи во Републиката. Оттука овој модел на приватизација ќе ни послужи на извесен начин да го смалиме, или сосема да го исплатиме и внатрешниот и надворешниот долг на Републиката, или барем еден дел од нив. Тука говорам за средствата кои што ќе се соберат кај агенцијата. Тие средства ќе се употребат прво, за да се исплатат долговите кон девизните штедачи кои што имаат замрзнати средства во нашите банки и кои што се спремни и кои што се заинтересирани со тие средства да добијат еден дел од општествениот имот кој што се трансформира. На овој начин еден дел од тој долг ќе се смали. Понатаму, 15% од вкупно собраните средства мораат да одат како акции и како траен влог во фондот за пензиско осигурување и ова го сметаме како наш прв чекор кон оздравување на овој Фонд како наш придонес кон едно општество во кое што ќе покажеме дека знаеме да водиме сметка за постарата генерација, нешто што е одлика на секое цивилизирано општество. Понатаму, дел од средствата кои што ќе бидат прибрани во агенцијата ќе одат за плаќањето на поранешните сопственици на нивните побарувања од сегашниот општествен капитал и еден дел ќе оди за плаќањето на долговите на Република Македонија кои што не можат на /друг начин да се исплатат.

Програмата која што ви ја понудуваме пред се е свртена кон иднината. Таа се занимава со тоа каков стопански систем сакаме да имаме во иднина, каква економска состојба во Македонија сакаме да имаме за некоја година и така е направена Програмата. Очигледно дека не е нејзината цел да ги расчисти сите можни неправди кои што се случувале во изминатите години. Меѓутоа, иако економијата не е наука која што се бави со моралните чувства сепак и во економијата еден минимум етичност е нужен. Оттука во вашиов закон предвидуваме и специјална постапка за сите оние на кои што им бил одземен имотот и ги заштитуваме од можноста

нивниот одземен имот сега на еден оправдан начин се трансформира. Ние предвидуваме можност поранешните сопственици да ги најават своите побарувања, тој дел од имотот да се резервира за нив и со донесување на законот за денационализација кој што веќе е во нацрт готов да се реши конечно и тој проблем со имотите на оние на кои што им биле одземени, фабрики и друг вид имот.

Сега јас би сакал малку да говорам за некои критични забелешки кои што се слушнаа околу законот. Морам да ви кажам дека имавме доста дискусии околу овој закон и дека особено беа плодни дискусиите кои што ги имавме во Собранието, навистина се одвиваа во една коректна атмосфера со голема желба да се придонесе за подобрување на текстот. Јас едноставно очекувам дека и денешната седница ќе има таков ток и ќе доминираат такво вид дискусии кои што ќе сакаат да ни помогнат и на нас како на изготвувачи евентуално некои работи да ги подобриме, иако е . јасно дека концептот е веќе одреден како таков, меѓутоа секогаш може нешто и да се подобри во еден текст. Сепак, би сакал да се осврнам на некои критички забелешки, она што го понудивме на јавноста. Една^ од нив е следната. Се смета дека со овој закон се врши подржавување на општествениот капитал. Едноставно морам да речам дека тоа не е точно и дека е тоа навистина точно обратното од она што овој закон го има за намера. Овој закон има намера да изврши конечен развод меѓу државата и стопанството, еден дел од стопанството да го трансформира на тој начин и тоа да дојде веќе во таква состојба државата да не може веќе таму да се меша. Ова префрлување околу тоа дека се работи за подражавање изгледа овој закон го добива заради тоа што предвидува одредени организации дека не можат да одат во постапка на приватизација по овој законот. Ако смеам да објаснам исклучувањето на тие организации е од многу

прагматични причини. Првата причина е, веќе неколку пати ја спомнавме недостатокот на капитал во Македонија Оттука е многу јасно дека ние не можеме веднаш да приватизираме се дека мора да има некаква постапност во таа приватизација. Сосема јасно е дека се определивме за оној конкурентен сектор, а дека оставивме за подоцна да биде приватизирано она што во најголем дел од земјите на Европа е во јавна, или државна сопственост. Моите амбиции се инаку и тој дел на стопанството да го приватизираме, меѓутоа тоа да го направиме во оној момент кога ќе создадеме услови за такво нешто.

Втора забелешка беше дека агенцијата има преголеми ингеренции и дека кај неа ќе се собере голем капитал. Од бројките кои што ви ги кажав е јасно дека кај агенцијата одреден капитал може само да помине, таа да го трансферира од едно место во друго, меѓутоа всушност агенцијата нема голем капитал заради тоа што конечните корисници на тој капитал од трансформацијата веќе се познати. Ние се трудевме овој концепт да го направиме што е можно повеќе флексибилен, што е можно повеќе да може да се прилагодува на конкретната состојба на секоја поедина организација. Јас се надевам дека ќе успееме да докажеме дека може и во Македонија да имаме еден таков концепт кој што е флексибилен, а кој што нема веднаш да биде нападнат дека всушност се работи за преголеми ингеренции на државата.

На крајот можам да кажам дека ние нашата работа ја завршивме. Се потрудивме да ви дадеме квалитетен текст и ми се чини дека имате квалитетен текст. Јас очекувам дека и Собранието и пратениците навистина на овој текст ќе му го посветат нужното внимание, навистина ќе доминира основната теза која што доминираше и кај нас при изработката, а тоа е следното: каде Македонија ќе се најде после примената на овој закон?

Наиме, тоа е она за што треба да дискутираме. Мислам дека би било погрешно да дискутираме како секој конкретно ќе смета дали ќе има корист, или штета од овој закон. Треба да се прашаме дали можеме да излеземе од оваа лоша економска ситуација на друг начин освен на овој кој што го предлага овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, при трансформација на општествениот капитал треба да се соочиме со тоа да во таа трансформација има што повеќе правда, со помалку неправда. Секогаш ќе се најдат стручњаци и обични граѓани кои ќе бидат за или против, за овој начин, или за друг начин и облик за разрешување на ова деликатно прашање. Сигурно секогаш ќе има онеправдани, но ние се одлучивме за пазарно стопанство кое според мене е единствено природен, а не наметнат пат за подобро и поуспешно опстојување на едно општество, па така и на македонската независна држава. Крајната цел на овој обемен зафат кој верувам нема да биде краткотраен ќе доживува можеби надградби и допрецизирања, една општа благосостојба согласно нашите реалности и способности. Има една изрека, би рекол мудра која вели: "Ако господ им го препушти управувањето со вселената на пет економисти, а не на еден, тие за 24 часа ќе создадат хаос во хармоничното опстојување на вселената", Ова не мора секогаш да биде и вистина. Но, мојата забелешка се однесува и на денешнава дискусија што верувам ќе произлезе дека има различности, па дури и крајности од ист

калибар на стручност и образование. Моите забелешки се однесуваат на децидната контрола при оценката на вредноста на имотот и можните манипулации од одредени добро ситуирани општински, или државни олигархии. Како што е предвидено дека 15% од сопственоста му припаѓа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, според мене би требало и одреден процент да им припадне на вработените во тие сегашни општествени претпријатија иако помалите и средните претпријатија во делови, или во целост ќе можат да бидат откупени од вработените со предност. Ме плашат и објасненијата дека ако не се најде поседувач кој откупил 51% од сопственоста ќе се даде преку агенцијата на оние кои понудиле 20% за средните и 10% за големите претпријатија. Од ваквите одредби се плашам од можните манипулации. Нешто би сакал да кажам и за односот на Службата на општествено книговодство и неговите сознанија за можните манипулации во трансформацијата по основ на законот за личните доходи, оној сојузниот т.е. вториот и интерните акции што преку овој закон со кои интерни акции се вршеше досегашна трансформација на општествениот капитал со наводно енормно фиктивно зголемување на личните доходи некаде во некои претпријатија од^800 до 1000% и претворање на таквите лични доходи, или поголемиот дел на таквите лични доходи во интерни акции. Затоа не ме чудат и сегашните притисоци врз СОК која верувам и така нема да биде повеќе актуелна со трансформацијата на општествениот капитал, но додека тој општествен капитал не се трансформира би требало таа служба да си ја обави својата функција за која и беше така да речам измислена без притисок од сегашните моќници.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани претставници на Владата и колеги. Јас немам намера да се задржам на она што значи определби на

законот, или конкретни решенија. Ние по нив расправавме на седниците на комисиите и си го кажавме својот збор. По однос на предлогот за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, а не по предлог на закон се произнесе и разните сојузи, Сојузот на економистите, Сојузот на правниците во стопанството, па и Комората, разните здруженија итн. Мислам дека беше таа една шанса да се расправа како за концептот за трансформација на општествениот капитал кај нас, така и да се нудат посреќни решенија, тоа кај нас да се изведува што е можно поуспешно. Мислам дека во оваа прилика треба да се подвлече дека со самата определба за пазарно стопанство ние нужно се опре- деливме и за промена на стопанскиот и општествениот систем кај нас. Таквата промена не може да се замисли без промена на сопственоста на капиталот кај нас. Ние впрочем токму заради тоа пред две-три години уште од 19 89 година додека живеевме во заедничката татковина Југославија после опстојните размислувања и вклучувања го започнавме тој процес и тој донекаде во Македонија наиде на своевидна реализација што се гледа и преку одреден број на претпријатија што веќе извршија трансформација на сопственоста на средствата, или пак го започнаа тој процес и застанаа до одредена фаза. Сега станува збор повеќе за продолжување на процесот на трансформација на капиталот отколку за отпочнување. Значи имаме .дно мало искуство во тој поглед што може да ни користи да кажеме во реализацијата на оваа мошне суптилна и комплексна задача. Се разбира дека основната цел на трансформацијата е да бидеме поуспешни. Јас ефикасноста ја разбирам како синтетичен показател на повисока продуктивност, повисок степен на економичност, рационализација итн. па сметам дека подобрувањето на ефикасноста значи со други зборови остварување на сите квалитативни фактори на стопанисувањето со цел да

излеземе од евидентната заостанатост и како Република и како држава што особено е драстична ако таа се споредува со други земји и во другите континенти. Мислам дека доволен показател за тоа е ако се земе и општествениот производ по глава на жител. Јас имам показатели дека Македонија во 1989 година имаше некаде 1600 долари по глава на жител годишно. Во истиот период Португалија имаше 4.260, Грција 5.340 долари по глава на жител, Ирска 8.500 и Шпанија 9.150 долари по глава на жител. Исто така, во истиот период Јужна Кореја и Финска имале 22.600 долари по глава на жител. И таму имало годишен пораст на општествениот производ по стапка од 2,9%, а во одреден период дури со 4,7%. Значи не само висок износ на општествен производ по глава на жител, туку и еден вид, еден динамичен развој со стапка достојна за почит. Истото може да се однесува и за Јапонија со 23.730 долари по глава на жител и со годишна стапка на пораст од 3,5, односно 4,7%. Има една оценка што беше изнесена и во дневниот печат дека ние за да ја постигнеме соседна Грција што имаше како што рековме 5.340 долари по глава на жител.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**: (продолжение)

Ни треба во наредните 20 години да забележуваме пораст од 8% годишно на општествениот производ и тоа под услов општествениот производ да забележи пораст од 2%, значи да не назадува, да не касни. Оттука мислам дека оправдана е оценката дека ние оваа трансформација меѓу другото, сакаме да ја продолжиме и да ја завршиме , би рекол јас, што е можно поскоро за да конечно бидеме поефикасни, да се развиваме подинамично и да се носиме со развиениот свет, наспроти ќе се најдеме во мошне тешка и незавидна положба. Ова дотолку е актуелно сега, кога сме оставени сами на себе, кога креираме сами политика за развој, што сигурно дека ја наметнува потребата од еден оригинален пристап. А дел од тој оригинален пристап е и определбата да понудиме модел на трансформација што ќе биде спроводлив, кај нас, во наши услови. Се разбира дека нема да оди лесно трансформацијата, промената на сопственоста на капиталот во Македонија. Ова и од причини за што станува збор не само за промена на сопственоста, туку и за длабоки социјални промени во општеството. Тоа нормално дека ќе има своја цена, ќе има свој одраз и врз положбата на вработените. Меѓутоа, ако сакаме едно подобро утре, ако сакаме утре да бидеме побогати, нашите генерации што ќе доаѓаат да бидат побогати и да не се соочуваат со проблеми како што ние се соочуваме во оваа фаза и како што ќе се соочиме утре, ние мораме тој рез да го направиме. Оттука мислам дека и одредени упатувања сега и укажувања и од синдикатите ан ОХИС и на Унијата на независните синдикати да се воздржиме од расправа по оваа материја, што ни е непосредно сега ги добивме, мислам дека заслужуваат внимание, меѓутоа,

ако се мисли посериозно за значењето ка овој акт за што ние се определивме, мислам дека не можеме да ги прифатиме во целост.

IV/2.-

Се разбира дека овој пак ќе речам, Предлог за донесување на закон на кој м у престојува фаза на подготвување на Предлог на закон, дека сигурно авторите, Владата ценејќи ги укажувањата досегашни од разните структури, мислам дека ќе излезат пред нас со Закон што ќе ја одрази и суштината и потребата и на нашето стопанство и интересот на вработените, па на крај на краиштата и на интересите на вработените во ОХИС и на независните синдикати. Јас само сакав во оваа прилика да подвлечам дека Законот и било кој закон, па и овој што денеска е како предлог за расправа, мора да биде така конципиран да може утре да биде спроводлив, значи да може да се применува, да се оживотвори во практиката. За да се оживотвори, мора да се имаат предвид сите околности во кој што ќе се спроведува тој.

Мислам дека наместо се забелешките дека ние него ќе го спроведеме во мошне сложени услови и политички и економски, во услови кога можеби тешко ќе го привлечеме тој толку поканет, толку прозван капитал од странство. Јас мислам дека ние мораме, а прилика е, пред се, овој закон да го базираме врз она што е наша можност за трансформација, нашите материјални можности да ги употребиме за негово оживотворуваше. Ако е така, тогаш ние не можеме исцело да кажеме дека тој базира само на жив капитал, на готовински капитал, на готови средства, финансиски, за да се трансформира капиталот.

Ние мораме да направиме еден комбиниран модел што ќе значи во него да се вклучат сите оние што денеска имаат слободни средства, готовински средства, а и оние што антиципативно ќе можат да се вклучат во купувањето на акции врзани со трансформацијата на општествениот

капитал. Оттука,јас морам да кажам, а тоа го реков и на Комисијата за економска политика и развој и во една друга прилика дека може би е место

IV/3.-

при изготвувањето на конечната верзија на Предлогот на законот да се поразмисли и за малку или з а степен што ќе биде доволно да се анимираат изработените во трансформацијата во смисла на тоа, да се даде одреден попуст во вредноста на акциите. патем да речам дека искуството на Црна Гора говори дека во Црна Гора им се дава попуст на сите граѓани на Црна Гора во износ од 30%, и плус на вработените во претпријатијата освен тие 30% уште попуст од 1 насто годишно за секоја година помината во претпријатието. Тоа значи дека се преземени решенија од поранешниот сојузен закон. Во Србија една третина од вредноста на акциите се дава со попуст исто така од 30%. Се, :јас мислам со единствена цел за да се анимираат и тие скромни средства на вработените и на некој начин да не се дозволи неправичност во спроведувањето на законот, на што мислам оправдано се укажуваше и во печатот и во расправиите. А од друга страна еве на некој начин вработените да се анимираат во трансформацијата.

Што се однесува од агенцијата за трансформација на општествениот капитал, тас сакав да го повлечам/само тоа што на некој начин доста успешно го подвлече и д-р Миљовски, да речам дека таа агенција треба да се сфати повеќе како катализатор, забрзувач на она што ние сакаме да го постигнеме. Тоа е еден механизам што мислам дека во наши услови треба да најде своја примена за што така како што сме одредени, има одреден јавашлук во спроведувањето ан сите наши замисли па мислам и во остварувањето на трансформацијата. Мислам дека потребата од таквата агенција е евидентна. Мислам на тоа да не се компромитира со укажување дека е тоа државен механизам итн. Напротив, да се смета дека е. тоа. еден

нужен механизам за успешно спроведување на оваа мерка врзана со радикалната промена на нашиот општествен и стопански систем.

IV/4.-

Се разбира дека самото спроведување на Законот за трансформација на општествениот капитал значи одреден континуитет, поради тоа што јас веќе реков дена ние со трансформацијата почнавме пред 2-3 години. Меѓутоа мора во почитувањето, во спроведувањето, во остварувањето на тој континуитет да се тргне од расчистени состојби. Она што досега е остварено како трансформација нужно е да подлежи на трансформација, на стручна и професионална ревизија, се со цел понатаму да се продолжи по еден исправно трасиран пат кон трансформација. Еве јас току би рекол и на крајот да речам мислам дека ние мораме да се залагаме за донесувањето на овој закон, за што се би било илузорно ако истиот не го поддржиме и не го донесеме и што е можно со подобра содржина, со подобри решенија по применливи и појасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Благоја Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Прифаќајќи го начело предлогот за донесување на/закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, би сакал да изнесам некои мои размислувања и предлози кои по мое мислење треба да бидат внесени во предлогот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, имено, се работи според мое мислење, за две суштествени работи, за две прашања кои што се однесуваат на односот меѓу предлогот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал што треба да го донесе ова

Собрание, и започнатите трансформации на претпријатијата со општествен капитал од почнати согласно Сојузниот закон за општествениот капитал, а кои се подесуваат на:

IV/5.-

Прво, дали со влегувањето во сила на овој закон, Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал треба да се остави можност СОК во рок од 30 дена, од денот на влегувањето во сила на овој закон само да изврши контрола односно ревизија на законитоста на исправноста на податоците во трансформирањето на општествениот капитал, а особено начинот на утврдувањето на општествениот капитал согласно правилникот за начинот на утврдувањето на износот на деловниот фонд итн., како сега се предвидува со преодните и завршните одредби или пак треба прецизно и јасно да се рече дека досегашната трансформација на претпријатијата согласно Сојузниот закон за општествениот капитал се анулира. Натамошната трансформација и на овие претпријатија треба да се извршува согласно одредбите на овој закон. Имајќи предвид она што е констатирано во Предлогот за донесување на законито за трансформација на општествените претпријатија со општествен капитал а имено дека најчест модел за трансформација на општествениот капитал е издавањето на интерни акции, заради прибирање на дополнителен капитал. Интерните акции најчесто се издавани само на вработените во претпријатијата, што значи целта на трансформацијата не беше прибирањето на дополнителен капитал дека признавањето на интерните акции насекаде се користеше книговодствената вредност на општествениот капитал од последниот годишен биланс на состојбата. Познато ми е дека прикажаната вредност на општествениот капитал во многу претпријатија што извршиле трансформација е неколку десетина пати помала од реалната вредност на тој капитал. Такви сознанија има и СОК во Битола, а имам и јас лично такви

сознанија дека веќе се донесени од СОК и решенија за стопирањето за натамошната трансформација во одредени претпријатија, заради неисправноста во прикажувањето на вредноста на општествениот капитал.

IV/6.-

Дека сосема мал дел од интерните акции издадени според законот за општествениот капитал се отплатени во готово односно дека поголемиот дел се платени во интерни акции, честопати без да постои покритие па дека според тоа се констатира дека начинот на трансформацијата е извршена согласно -Законот за општествениот капитал, не придонесува за суштинска трансформација на работењето, организацијата и управувањето во претпријатијата, всушност, со него во голема мера се пресликува самоуправниот начин на управување и одлучување, и дека поради тоа постои голема веројатност, надворешните инвеститори, домашни и странски да не се заинтересирани за вложување во таквите претпријатија, како и од мое лично сознание дека во многу претпријатија извршената трансформација во тие претпријатија е извршена само заради искористување на општествениот капитал преку користењето на попустот што го овозможуваше законот за општествениот капитал до 30% и 1 % за секоја година спроведена на работа во тоа претпријатија за секоја откупена акција. И преку тој начин, само преку попустот на откупените интерни акции е пренесен скоро целокупниот општествен капитал, од општествен во приватен на акционерите. Од тоа најголем дел на раководните тимови и структура, што по мое мислење преставува своевиден грабеж на општествениот капитал. Сметам дека со преодните и со завршните одредби на законот што треба да го донесеме, да^, се предвиди анулирање на сите извршени трансформации на претпријатијата со општествен капитал врз основа на Законот на општествениот капитал бидејќи таа трансформација очигледно е спротивна на сите интереси и на интересите и правата на

поголем број од граѓаните во нашата Република. тука мислам да одредени граѓани а тука користат прилика само оние кои се вработени во општествените претпријатија, а каде се граѓаните во образованието,



здравството културата, во правосудството итн. Тие отпаѓаат од комбинацијата во однос на акционери. Мислам дека за вакви решенија можат да се најдат основи во Уставниот закон и во самиот Устав. Познат ми е случајот во претпријатија во кои само на одобрениот попуст на откупените акции што се одобруваат на товар на општествениот капитал, општествениот капитал се пренесува во приватна сопственост преку 94%, од вкупната вредност. Претпријатијата прикажуваат општествен капитал во одредена вредност а распишани се интерни акции со дупла вредност. Одобрениот попуст на откупените интерни акции во просек изнесува 42%, што значи дека општествениот капитал се преселил во приватен акционерски капитал, скоро целиот, останува само околу 2;4%, без да се плати ниту еден динар за овој капитал. Па затоа се доведува во нерамноправна положба не само поголемиот број на граѓаните, според мое објаснување како здравството, културата, образование, правосудството итн., туку поголем дел на претпријатија и вработените во нив не ја искористиле можноста за таков начин на трансформација согласно Сојузниот закон, бидејќи тие сега ќе мора да се трансформираат според законот што треба да го донесеме а тој не предвидува никаков попуст за што треба да се плаќа со готови пари, во кеш.

Затоа лично сметам со овој закон, ако има било каква правна можност, изрично и категорично да се пропише дека досегашната трансформација треба да се прогласи за неважечка. Натамошната трансформација и на овие претпријатија да се врши според одредбите на овој закон.

Второ, ако ќе се прифатат моите предлози под точка 1, тогаш предлагам, да се предвиди одредба со која ќе се анулираат, ќе се прогласат за неважечки сите оние трансформации на претпријатијата со општествен



капитал кои се организирале како акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност доколку при трансформацијата не ја утврдиле вредноста на општествениот капитал со проценка барем на недвижностите, односно овие претпријатија да се задолжат дополнително да извршат проценки на својата недвижност, па ако се покаже дека книговодствената вредност на овие вредности е знатно помала од реалната вредност, извршените трансформации да се прогласат за незаконски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници

Сопственичката трансформација во Република Македонија започна да се спроведува при крајот на 1990 година, со Сојузниот закон за општествен капитал. Досегашното искуство во нашето општество, стекнатите знаења и мотивацијата на работниците и на раководните тимови, како и одреденото чувство за сопственост на средствата со кои се управува овозможија преминот од еден систем во друг да почне да се извршува без поголеми потреси. Предлого1 за донесување на Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал што сега ни се нуди го посматрам само како континуитет во трансформацијата на општествениот капитал. Законот мора да овозможи напуштање на монополот во сите сегменти на општеството, посебно државата, нејзиното управување и мешање во правата на стопанските субјекти да решаваат самостојно економски и развојно.

Законот мора да овозможи трансформираните претпријатија да ги поседуваат следните основни карактеристики.

1. Претпријатието произведува стоки и услуги заради стекнување на доход односно добивка.

2. Претпријатието со околината комуницира преку пазарот на стоки капитал и труд .

3. Претпријатието е самостојно во водењето на деловната и кадровската политика и

4. Претпријатието е само одговорно за своето работење односно самостојно го сносува ризикот за работењето.

Интерните акции треба да најдат место во овој Закон со што ќе се добијат работници акционери. Работникот акционер е заинтересиран за две цели и тоа;

V/2

1. За својата работна сила и
2. За претпријатието.

Првата цел ја стекнува со колективниот договор и својата тековна работа, а втората преку дивидендата и сопственоста над капиталот. Работникот како продавач на својата работна сила ќе прифати методите налозите и работата на менаџерите ако е сопственик да бара способни менаџери кои работејќи со поголеми овластувања ќе му гарантираат дивиденда.

Работниците кои по законот за исплата на личните доходи на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана на работниците во текот на работата запишаа обврзници и овие обврзници ги наплатија по 12 месеци со камата без разлика дали обврзниците се покриени со остварениот приход, а работници кои запишаа интерни акции, а кои акции по овој Закон можат да бидат и оспорен* се прашувам кој е во предност, дали оној кој штеди и размислува за иднината на претпријатието или другиот. На вработените треба да им се даде многу поголема шанса да дојдат _до претпријатијата. Македонија во услови на истоштеност и длабока економска криза нема таков капитал со кој би се откупиле акциите од проценетиот општествен капитал. Тоа би овозможило доминација на државната сопственост, а такво општество каде државната сопственост е доминантна е економски неефикасна. Со предлогот на законот агенцијата треба да го изврши поддржувањето на претпријатијата бидејќи таква моќ и е дадена. Таа ќе изврши подржавување а потоа и продавање на

претпријатијата и во Република Македонија ќе стане нов сопственик на моќен капитал, а тоа никој не го сака.

Предлогот за донесување на закон за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал го поддржувам со напомена дека во нацртот треба да бидат опфатени образложените забелешки.

V/3

На крајот морам да кажам слушајќи го образложението на министерот Миљовски дека излагањето не кореспондира со предлогот за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и излагањето треба автентично да се пренесе во предлогот на Законот.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател почитувани дами и господа.

Внимателно го слушав излагањето на министерот Миљовски и со многу констатации се согласувам во изнесеното, меѓутоа на ниедно место не беа засегнати девизните штедачи чии вредност на девизни штедни влогови во нашите банки изнесува некаде 950 милиони долари. Иако во Предлогот на законот за трансформацијата на претпријатијата во општествен капитал, некаде во член 19 20 се напоменува, меѓутоа еден ваков, огромен број на луѓе со девизни штедни влогови кои од минатата година некаде после мај месец станаа замрзнати, дури така да речам дури ограбени истите, бидејќи од тој период наваму сосема малку или скоро еден добар дел ниедна девизна пара односно марка или долар не земаа. Според тоа, мислам дека овие луѓе со овие штедни влогови заложуваат посебно внимание бидејќи тие пари не се стекнати туку во најголем дел се донесени од странство било како луѓе кои поминале поголем период на работа во западно европските земји или Америчкиот или Австралискиот континент.

Ако во минатото во општествениот капитал на бивша Југославија се проценуваше над 400 милијарди долари тоа значи дека општествениот капитал како една десетина Македонија би изнесувал околу 40 милијарди долари, тогаш за овие штедни влогови од 1 милијарда мислам дека најпрво требаше да се најде соодветно решение со продавал на општествените претпријатија или пак да станат акционери. Мислам дека досега скоро

V/4

година дена помина од лани, кога беа замрзнати нивните штедни влогови тие луѓе сеуште се во една неизвесност а да се потсетиме само, и покрај многубројните нивни напори да го решат проблемот, да ги одмрзнат тие штедни влогови не вроди плод дури ни пред две недели кога еден добар дел од околу 100-тина граѓани на овие штедни влогови манифестираа пред .Собранието. Мислам дека претседателот на Владата, д-р Никола Кљусев и министерот Јане Миљовски треба нешто повеќе од оваа говорница и за овој аудиториум тука, за пратениците, затоа што и од нив еден дел имаат штедни влогов, не, или пак во нивните семејства или нивни роднини, кај македонската јавност чии девизни штедни влогови се замрзнати треба нешто повеќе да дознаат односно да се радуваат дека и они ќе можат да учествуваат во акциите. Но на еден можеби и стимулативен начин, затоа што нивните пари за овие 13-14 месеци навистина беа мртов капитал. Еден добар дел на луѓето беа со едно чувство дека повеќе нема да ги добијат тие средства.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници.

Министерот Јане Миљовски, задолжен во Владата по еден многу значаен документ, а тоа е всушност потребата од изготвување на модел за приватизација во своето излагање ги изнесе целите и задачите на

трансформацијата на општествениот капитал. Моето искажување ќе го започнам со познатата постапка во врска со сопственоста.

Материјалниот интерес каков и да и во кој да е вид има своја основа во сопственоста и во односите што никнуваат од тој интерес. Сметам дека ние подолго ќе се задржиме во делот. на односите кои што изникнуваат од тај интерес. Во првобитната заедница не постоела свест за каков и да е интерес затоа и на овој степен од развојот не е регистрирана сопственост. Но, со забрзаниот степен на поделбата на трудот се јавува и посебен



заеднички интерес заснован на солидарна основа за задоволување на заедничките потреби како во образованието одбраната, заштитата така и во областа на здравството културата и другите области. Но, непобитен е фактот дека појдовна основица од која се изведени тие заеднички интереси е индивидуалната сопственост од која зависи структурата на заедничкиот интерес и по обем и по видови. Тој заеднички интерес на овој степен од развојот е обликуван во еден заеднички вид на сопственоста а тоа е државната сопственост. Тежнението да овие заеднички интереси, па р интересот за задоволување на личните потреби преку личната потрошувачка на солидарен принцип, преку урамниловка итн., таканаречената општествена сопственост остави на свеста на активното население т.е. кај граѓаните и диктирана од личниот интерес и степенот на поделбата на трудот трајни последици во општеството. Веќе створената материјална основа под контрола на тие створени односи на сечија и ничија имовина не можат да се вратат во односи во присилен, радикален и неправичен начин на субјекти што само искажуваат своја спремност за алиментирање на еден дел од програма за зголемување на ефикасноста, како што е посебно во законот потенцирано во член 44 ,само со откуп односно плаќање на 10% од проценетата вредност за големите

претпријатија односно алиментирање или плаќање 20% од вредноста на средните претпријатија. Се поставува прашањето дали не е пореално да се отвори простор за примена на сите видови на сопственост, кој ќе дојде до израз или ќе опстане и во која област нека биде резултат на слободната конкуренција на пазарот и потребите на развојот.

Суштината треба да биде во моделот на самата трансформација на општествениот капитал кој ќе може јасно да се операционализира и да профункционира така што во системските промени и во развојните услови ќе придонесе за поефикасно стопанисување.

V/6

Поаѓајќи од целите на трансформацијата меѓу кои најглавна е зголемувањето на економската ефикасност со јасни управувачки права што произлегуваат од самата сопственост и ограничувачките детерминанти меѓу кои степенот на развиеноста, политичката и социјална димензија на самиот проблем а исто така и присутната инфлација кој што, еве имаме сега антиинфлациона програма, но не се става под контрола налага да се прифати модел на трансформација што ќе се реализира без поголема принуда и мешање на државата, туку арбитер да биде конкуренцијата изразена преку зголемената ефикасност во работењето.

Јас сум за еден модел во кој што ние во овој момент нема да прифатиме еден ризик кој што сигурно треба да го понесеме врз себе како една голема одговорност да го спроведеме односно да усилуваме спроведување на еден закон кој што ќе има тешки последици и социјални потреси.

Овие денови, посебно пред некој ден јас ќе цитирам бидејќи госпоѓата Маргарет Тачер искажа една мисла која што е сврзана со овој процес кој што ние денес го отвораме а тоа е процесот на трансформацијата на

капиталот "Човекот има право да работи како што сака но државата треба да му служи, а не да биде негов господар".

Праксата во развиените земји покажа и потврди дека приватниот капитал кој повеќе не се врзува со поединецот како сопственик и претприемач туку се повеќе се одвојува капиталот од самиот сопственик од капиталот кој што е во функција. Така тој пред се понесен од функцијата што треба да ја изврши самиот капитал е далеку поконкурентен на државниот капитал што е далеку поеластичен и брз, ги прати промените што настануваат. Исто така ги следи и стопанските гранки што косат поголем профит а влијае и на техничко технолошките промени, иновациите кои се основни за ефикасноста.

V/7

Во самата расправа беа изнесени бројни забелешки! И јас дадов конкретни забелешки по предлогот на законот,. Тие забелешки пред се се концентрирани во 4 групи на прашања за кои што јас очекував министерот на одреден начин да ги потенцира и се изјасни за сходните прашања што произлегуваат на предлогот на законот, но на жалот министерот и овој пат покажа дека е изготвен еден добар предлог на закон и дека немаат намера, најверојатно нешто да менуваат, а доколку и менуваат требаше да соопшти барем во кој правец ќе се менува тоа што во расправата како забелешки беа изнесени.

Првата група на прашања се од областа на принудата сврзани со овластувањата на агенцијата. Има многу одредби, во сите членови на законот каде што таа принуда јасно е искажана и која што доколку ваков закон се усвои во пракса треба да се реализира, а исто така и агенцијата, иако тој кажа дека нема некои конотации на подржавување сигурно во делот на она што значи самата работа на агенцијата нема, но во делот на она што значи прибирање на средства односно акумулираше на средствата

и пренесување на тие средства од продажбата го области каде што ќе се цени, сигурно дека тој дела на подржавување постои, затоа што така е и во одредбата посебно потенцирано.

Втората група на прашања е прашањето на ретроактивноста што е во спротивност со уставните определби иако се рече дека ретроактивноста не е застапена. Таа посебно е искажана во преодните и завршните одредби што сметам дека таа ретроактивност не треба да го спречи досегашниот процес на трансформација бидејќи се работи само за пренесување на управувачките права. Никаде не е спомнато што значи управувачки права и сигурно дека посебно акцијата како еден, според мене финансиски инструмент конечно го определува степенот на тие управувачки права.

Третата група на прашања се во правичноста на самата трансформација. Во .член 75 е определено каде тие средства треба да

V/8

бидат наменети од продажбата. Јас поконкретно ќе укажам на делот на правичноста, посебно на делот на она што го имаат како право вработените во колективите заради изградување на еден процес на трансформација кој што беше по закон спроведуван и сигурно дека со преодните и завршните одредби тој дел на процесот на одреден начин е ставен во прашање на понатамошно спроведување.

Четвртата група на прашања е спроводливоста на самиот закон во пракса. Сметам дека процесот на трансформацијата вака како што е предложен и по програмата на која што се*базира самиот закон ќе оди подолго посебно за средните и големите претпријатија. Затоа сметам дека треба уште еднаш да се преиспита самата спроводливост на законот. Ние денеска во праксата го имаме тој проблем следејќи ги и спроведувањето на стечајните постапки во далеку помалите претпријатија каде што се стечајните постапки, па самите можеме да заклучиме дека многу тешко самите стечајни постапки каде што се завршува стечајната постапка со продажба прво се постигнуваат големи ефекти од продажбата. Многу мали

ефекти се постигнуваат а многу тешко се разрешува проблемот со вработените, иако тоа е мал број на вработени. Јас поставувам прашање доколку овој процес вака отпочне така ние ќе се понесеме со вработените каде што имаме над 250, 1000 и 1500 работници по критериумите што се определени за трансформацијата на капиталот.

Конкретно по забелешките ќе дадам свој коментар не навлегувајќи во тоа што писмено ги дадов забелешките, но во секој случај сметам дека треба да укажам дека уште на самиот почеток на првата реченица ка самиот закон многу смело се укажува на тоа дека општествената сопственост е виновна за сето ова. Многу смело, Сметам дека нужни се далеку поголеми промени во делот на производството,размената распределбата и потрошувачката. Доколку не настанат промени во сите

V/9

тие четири сфери ние само со титуларот на сопственоста што ќе го измениме ништо друго нема да измениме.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ**: (Продолжение)

Влегуваме во сопственичка трансформација со национален доход од 650 долари по жител. Јас се прашувам од каде пари за еден ваков смел потфат да се спроведе во едно време кое што е диктирано во самиот Закон, во едно кратко време. Не знам како ние ќе ја измениме распределбата на општествениот производ, бидејќи на крајот на краиштата битката е за распределбата на општествениот производ  Се друго е само во функција на самото производство. Она што останува како ние ќе го распределиме кога денес имаме распределба на општествениот производ, за репродукција ни останува само 17%,  за јавната потрошувачка 35%, утврдивме јавна потрошувачка од 35%,  дали ќе ја одржиме е прашање и за лична потрошувачка 50%. Јас се прашувам доколку останат вака овие односи, а вака ќе останат се додека не се изменат, многу други работи кои треба да го следат овој процес на сопственичката трансформација сигурно дека многу долго ќе се чека на доаѓање на странски капитал кој ќе влезе за да учествува во промената на трансформацијата.

Оттука, сметам дека би требало да се имаат предвид сите овие забелешки што беа изнесени на повеќе средби кои беа организирани, средби со правниците на Република Македонија, Друштвото на економистите, исто така и поединечни средби и секаде скоро доминираат овие забелешки, но очекував дека Владата ќе се искаже по тие забелешки, барем за тоа дали тие забелешки ќе најдат место во Предлогот на законот.

Од тие причини, јас предложив и конкретен заклучок, кој, упатува на тоа дека има потреба од донесување на Законот и не е спорна потребата

од донесувањето на законот, но во секој случај самиот закон треба уште еднаш да се најде во процедура на изјаснување, со тоа што би била задолжена или се задолжува Владата на Република Македонија во рок од 10 дена врз основа на сегашната расправа, бројните забелешки што се упатени во писмена форма до Владата да изготви нацрт на закон кој ќе биде повторно предмет на расправа и на тој начин да избегнеме во завршната фаза на донесувањето на законот можеби бројни амандмани кој ќе го доведат во прашање и донесувањето на самиот закон. Не треба толку да се брза со еден ваков закон кој треба да се донесе, бидејќи кон овој закон веќе следи една процедура на повеќе значајни законски прописи кои треба претходно да се донесат или во процедура додека ние го расправаме по однос на нацртот на законот, за да можеме после да обликуваме закон кој ќе биде применлив во пракса.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитувани колеги и останати присутни, уште на почетокот во својата дискусија сакам да кажам дека сум во целина за приватизација на општествениот капитал, сум за брз процес на приватизација без никакви застои, процес кој треба и мора да посвети најсериозно внимание на два клучни фактори во реализацијата и тоа, на факторот човек, субјектот кој досега а и се уште управува и раководи со општествениот капитал и на факторот време од аспектот на времето како клучен фактор за постигнување брзи позитивни ефекти во стопанството на Републиката, така неопходни во овој момент за нас.. Доминацијата на приватната сопственост која треба да се постигне најбрзо со овој закон со сигурност ќе овозможи ефикасност .во работењето„ во стопанството, вистинско продуктивно

вработување и ангажирање на вистинскиот профил на стручни кадри во стопанството кое од своја страна ќе ги открие правците во кои натаму треба

VI/3

да се развива образованието, ќе ангажира свежи финансиски средства од приватниците, па и од странство, макар што тие за почеток ќе бидат во мал обем, ќе ја анулира можноста претпријатијата, дел од; ,нив да бидат социјални средини како досега тоа што го имавме и имаме со многу општествени претпријатија и тоа оние кои повеќе години со ред работеа со загуба. Веројатно е потребно со нови решенија внесени во Законот овие претпријатија загубари најприоритетно да се продадат и најважно, приватниот сектор е тој кој најлесно може и ќе> ги руши државните граници и бариери и посебно успешно ќе се бори и спротивставува на разните национализми во економијата кои денес ги имаме, посебно на овој бивш југословенски простор.

Конечно, пред нас го имаме долго очекуваниот и најавуван повеќе од една година Предлог на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Законот треба да дојде како замена на сојузните прописи од оваа област кои систематски, макотрпно и со извесна доза на присила ги проучувавме и применувавме во изминатите две ипол години.

Предлогот на Законот има доста нови а и позитивни решенија. Во него е направен еден нов пристап кон трансформацијата на општествената сопственост, потполно базиран на капиталистичките принципи, предложен е еден метод на моментално раскрстување или пресечување со се она што досега значеше општествена сопственост, целосно е анулирано влијанието на вработените во претпријатијата, во одлучувањето за судбината на сегашните состојби со општествениот капитал, дадена е определба за реално вреднување на општествениот капитал? дадена е голема улога,

сосема. изненадувачки за мене на агенцијата и државата и буквално речено, оној кој има готови финансиски средства мислам на поединец или



група со постојано живеење во Републикава или странство да може да купи претпријатие или веднаш да раководи со него, односно да управува со него.

Клучните позитивни решенија во овој предлог на закон се тие, што е јасен, без разлика дали е прифатлив за примена или не, потоа што се определил за реално вреднување на општествениот капитал, што навлегува и некако добро го регулира прашањето на оформувањето на фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со што конечно со трансформацијата се опфаќа индиректно и вработениот надвор од стопанството, што законот бара здрави и странични извори на квалитетни средства за откуп и најавува некакво признавање на вредноста на досега издадените интерни акции и тоа со ревалоризирана вредност.

Ова се факти на позитивната страна на предлогот, но мојата намера е да се осврнам на неколку по мене негативни но неопфатени моменти во овој закон, само со цел да придонесам ако бидам прифатен за негово квалитетно дооформување. Ако по овие укажувања не бидат дадени позитивни и прифатливи решенија за овој момент, не ќе бидам во состојба да дадам поддршка на овој закон за текстот како го имаме денес на седницава.

Прво на што сакам да се осврнам е прашањето како се третира правото на учество во сопственоста во општествениот капитал на сегашните вработени во претпријатијата и оние сопственици кои беа пред 1945 или 1948 година или пред 1941 година, биле сопственици на некои претпријатија или на нивни делови, а кои денес се во општествана сопственост. Додека во овој Предлог на закон се дадени осум членови кои го признаваат за прв пат после 45 години правото на сопственост на

поранешните сопственици, и нивните правни наследници, за што немам некоја посебна. забелешка доколку тоа е уставно издржано воопшто не

VI/5

можам да се согласам со определбата на предлагачот на сегашните вработени кои минале 10, 20 или 30 години во одредено претпријатие да не им се признава никаков удел во сопственоста и да се третираат чисто како субјекти кои апсолутно ништо не придонеле во развојот и модернизацијата на претпријатијата. Би се согласил без забелешка за решението на предлагачот само во случај ако постои состојба сите претпријатија во Републикава се во катастрофална финансиска состојба, ако сите досега припаѓале и се во полоша состојба мислам на финансиска и развојна, од онаа која ја имале при формирањето.4 Но очигледно е дека денес немаме такви состојби во голем број претпријатија, голем број од нив се забележливо напреднати, успешно се носат и на светските пазари, па поради тоа сметам дека е голема грешка што во законот е предложено вакво неприфатливо лошо решение и барам предлагачот да го измени во правец што ќе значи: обавезно признавање сегашните работници во претпријатијата да имаат удел во општествениот капитал или крајна селективност во признавањето односно да се признае уделот во сопственоста во капиталот на вработените барем во оние претпријатија кои континуирано се развивале, ширеле и позитивно работеле во минатиот период.

Второ прашање кое не го прифаќам како решение е прашањето кој е субјектот кој после обавената постапка на трансформација по определбите на овој предлог на закон ќе управува со поголем дел на претпријатијата на Републиката.

Во решенијата на член 44 став 1 за средните претпријатија и членот 55 став 2 за големите претпријатија стои "ако при продажба на акциите на

јавен оглас не се јазат лица кои ќе откупат минимум 51% од вредноста на сите издадени акции, тогаш управувачките права врз претпријатието ќе се префрлат или може да ги стекнат лица кои ќе прифатат да го управуваат и

VI/6

раководат претпријатието ако откупат најмалку 20% од вредноста на издадените акции за средните односно 10% за големите претпријатија.

Го поставувам прашањето: која е целта на оваа определба или кој од сегашните раководители или групи раководители, најголемиот дел од нив ќе обезбедат ваква личност на готовински средства веднаш за да остане и натаму да управува и раководи со претпријатието. Ако оваа., определба се задржи и натаму, тоа што значи дека предлагачот се определил за решението, како што го сфаќам јас ова прашаше од текстот, за брза промена на најголемиот дел од раководни гарнитури во средните и големите претпријатија на Републиката. Јас сум против вакво трајно радикално решение и се определувам за тоа за ова прашање да се изнајде ново решение кое ќе има сосема поинаков пристап.

Имено, не може во конечниот текст на законот да постои решение кое ги третира подеднакво раководните гарнитури во сите претпријатија, без да се овозможи селективен пристап кој ќе овозможи по некои издржани критериуми да се појде на проценка дали тие биле се или не се успешни во управувањето и раководен>ето.

Отстранувањето од раководната и управувачката функција во претпријатија на поголем дел раководни гарнитури во стопанството во Републиката само со клучот можат или не можат во моментот да вложат свежи нови големи финансиски средства за да откупат голем дел од акциите крајно е некоректно, може да се сфати дека има друга намера и ве уверувам дека воопшто нема да биде корисно за идниот развој на

стопанството на Републикава, а претпоставувам дека може да донесе и други потешки последици.



За да бидам до крај јасен по ова прашање, сакам да горечам уште следното: се согласувам со веројатната определба на предлагачот ако е така, за да се излезе од овие состојби во стопанството во Републикава, неопходни се брзи и квалитетни промени на дел на раководни гарнитури во дел од претпријатија и тоа што поскоро, но не и за сите кои ќе бидат опфатени со вакво радикално решение. И со оваа трансформација мора да се тргне од клучната определба а таа е со издржани решенија во Законот да се заштитат и зачуваат квалитетните кадри и истите да не паднат во доменот на поставување и разрешување од страна на државата. Во овој случај, на факторот човек мора да се има посебен обѕир.

Трето прашање на кое сакам да се задржам е прашањето на последиците од примената на овој закон, ако се задржи со овие решенија погледнати од аспект на перманентното зголемување на невработеноста. По мое гледање, ако решенијата од овој закон се применат во практиката утре, тогаш неизбежна е појавата на брзо испуштање на вишокот вработени кои денес ги имаме во најголемиот дел претпријатија во Републиката, чеис од минатиот период на работењето. Поставувам прашање дали предлагачот го очекува овој чин и ако го очекува дали паралелно припрема квалитетни решенија за нова социјална политика со која ќе го амортизира овој тежок удар можеби од времен карактер, а веројатно можеби и потребен да се стори

Има ли предлагачот проценка за големината на овие последици и готово решение за амортизација на последиците.

Четврто прашање кое не го прифаќам како решение е преголемата улога дадена на агенцијата и министерството односно државата во решавањето на оваа проблематика што и сите претходни дискусии скоро истото го рекоа. Со овој предлог закон со кој општествената сопственост



треба одма да се префрли во државна се даваат неограничени права на агенцијата и министерството и се оди дотаму да се овозможува на Владата да носи решенија за ставање на претпријатија во принудна управа. Може ли така лесно и без нарушување на уставните права да се одземат правата на ;управување, правата на сопственост и така лесно префрлат во државна сопственост.

И уште едно прашање, зошто се одлучило да се оди на определбата да се воведува и државна сопственост која со овој закон ако се прифати ќе завладее можеби во повеќето од половината од претпријатијата во Републикава. Таа определба значи концентрирање на огромна власт во Владата врз многу претпријатија.

Петто прашање за кое ќе зборувам и кое не е регулирано со овој закон е прашањето за третманот на капиталот внесен во основни средства во претпријатијата, а со користење на сопствени финансиски средства создадени од работењето во последните неколку години или поконкретно барем од периодот од почетокот на издавањето на интерните акции по сојузните закони,акции покриени со реални извори на средства. Во повеќето претпријатија во Репу0ликата во изминатите неколку години се инвестирани поголеми износи на сопствени финансиски средства кои се создадени и благодарение на учеството на квалитетните од издадените интерни акции, па нема по мене никаква реална издржаност ова да остане без решение во законот, тоа да не биде признато како целосно остварен капитал на вработените во претпријатието. Нема никакво оправдување тој капитал

инвестиран во развој во последниве неколку години да се третира како ничиј или како државни, а е остварен со свесен и договорен ангажман во оној дел ка претпријатија кои се определиле за развојот, исплаќајќи пониски лични доходи, се со цел да си. обезбедат подобра иднина. Прашувам има



ли оправдување изграденото по ваков пат да не им се признае како остварена сопственост на оние кои го граделе.

Шесто, не се согласувам со искажаното дека овој закон претставува континуитет за трансформацијата која досега ја правевме од причини што предлогот каков е даден за мене е потполно ново решение со кое се врши целосна ревизија на се она што досега е решавано, решено и ставено во функција. Со досегашните. сојузни прописи приоритет на откупот на капиталот се даваше на вработените, а со овој предлог тие се целосно исфрлени од тоа. ^Тврдам дека и со примената на овој закон ваков каков е даден во практиката нема да се добијат брзи ефекти никакви во услови кога нагло ги изгубивме пазарите на кои работевме 30 до 40 години, во онаква форма со примена како што е предложено, потоа ќе се создаде тежок хаос од примената. Не се согласувам со констатацијата дека трансформацијата досега ја чиневме,цитирам како што стои во законот, "Стихијно и без увид и контрола, бидејќи работата ја обавувавме по сојузни .закони и по терк и по постапка изготвена од официјален орган на Републикава потврдувам дека се со премин од одлучуваше од ниво на работнички совет на ниво на управен одбор е постигната огромна разлика во ефикасноста, укажувам дека паралелно со донесувањето на ваков закон е неопходно да се донесе и ревидиран и далеку поостар закон за работни односи и барам да се внесе во конечниот текст на законот определбата уплатените средства преку акции од претпријатието во агенцијата приоритетно да му се понудат за

користење на претпријатието кое ги издвоило и исплатило или само дел од нив, бидејќи дел се намерава да оди за покритие на девизните штедни влогови ка граѓаните,за развој за програми наменети за извоз и тоа по важност на понудата со ограничено време, само со цел да се овозможи запазување на континуитетот на развојот на претпријатието и остварување

VI/10

на производство исклучиво наменето за извоз.

Имајќи го предвид досегашното искуство со СИЗ-овите, барам во Законот да биде максимирана границата на трошоци во проценти од вкупниот примен капитал годишно, кој годишно може; да го троши агенцијата за свое егзистираше.

Повторно се навраќам на прашањето за неопходноста од донесување на нов далеку поостар закон за работни односи прифатлив за услови на капиталистичко стопанисуваше, какво ќе имаме со усвојувањето на овој закон, но со маса внесени корекции.

Седмо, да се осврнам малку и на член 90, алинеја 4 кој гласи: "Интерните акции не се уплатени во пари, односно ако се уплатени се интерни акции според член 4 од Законот за лични доходи". Се мисли на сојузниот закон. Тогаш, се вели во овој закон "Сопственичката трансформација на претпријатијата не е извршена согласно Законот за општествен капитал". Чудно и сфатливо, а еве зошто.

**СИМОН НАУМОВСКИ**: (продолжение)

Ние со сојузниот закон, усвоен официјално, бевме принудени од нашиот личен доход да издвојуваме дел во интерни акции на кои се признаваа и придонесите. Ако не бевме придонеле, а и ограничени во висината на личниот доход, бидете убедени дека тие средства кои во прво време присилно а потоа и доброволно ги даравме, преминаа во интерни акции, денес ќе ги немаше во претпријатијата од причини што ќе беа одамна во џебовите на вработени, значи одвоени од претпријатијата. Место тоа, тие денес се наоѓаат во претпријатија, оние што се исправно издадени како обртен капитал, или дел се затворени во основни средства кај оние претпријатија кои во меѓувреме и не инвестирале. Според тоа како може да се рече дека тие не биле готови уплатени пари од законот за лични доходи, како што овде се тврди на база кое тврдење се смета за неисправна досегашната трансформација. Некоректно е тоа така да се третира сосема спротивно од вистината. Треба да се има предвид тоа, за издавањето на интерни акции или обврзници во многу средини се вршени и анкети писмени лични изјаснувања на вработените заради добивање нивна лична согласност околу издавањето на акциите.

Во некои претпријатија постојат и писмени документи со кои им е овозможено да вршат откуп на општествениот капитал во законот за трансформацијата со издадените интерни акции по законот за лични доходи и тоа уште во текот на 1990 година. Дали овие документи може да се

негираат, а се издадени од тогашната сојузна влада. Тоа бара законот кој ќе се усвојува да ќе ја содржи определбата ка рестриктивна примена.

VII/2

На крајот го поставувам прашањето дали времето кое е потребно за трансформацијата на сопственоста по овој закон ќе одговара на потребите кои произлегуваат од денешните состојби во стопанството и дали факторот време потребно за целосно спроведување на овој закон ќе одговара на времето кое може да го издржи стопанството со денешните состојби во кое се наоѓа.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Не случајно ќе кажам дека расправата за овој закон ја правевме во еден многу неповолен амбиент кога ниту сме на небото ниту на земјата, кога не знаеме што носи денот, што носи утрото, кога дојдовме во една исклучително тешка положба еве денес имавме прилика да слушнеме дека и националниот доход по жител ни е на 650 долара, имавме прилика да слушнеме дека во 1989 година имавме 1660 долара, а јас ќе ви кажам во време кога го донесувавме првиот закон за трансформација имавме 2421 долар, кога веќе се приближивме на една Чехословачка која беше пред војната втора земја по развиеност, на една Маџарска со силно развиено земјоделие и индустрија, кога бевме испред една бугарска, испред една Турска, далеку испред Полска која имаше помалку од нас 950 долари, бевме далеку испред една Романија, кога така речиси бевме земја или држава или република со најмала задолженост по еден граѓанин некаде 406 долари итн.

Денес состојбите, не случајно ги кажувам се драстично тешки кога нашите загуби се поголеми од добивката кога нашите граѓани осиромашеа, кога живеат со својата создавана со години своја акумулација, кога

стопанството е истоштено, техничко, технолошко заостанато итн. Еве во таков амбиент сера расправам за донесување на еден закон кој е



предложен и од прилика кој важи за понормални економии во светот. Морам да кажам дека се направени големи напори и потрошени многу средства, потрошено многу енергија да се нешто стави на хартија при ситуација кога и многубројни закони кои се направија во земјите кои имаа општествена сопственост, не ги покажаа соодветните резултати кои многу брзо се мењаа и во Чехословачка и во Маџарска и во Полска, а многу земји сеуште и немаат такви закони.

Морам да кажам и тоа дека приватизацијата на сопственост на светски процес. Некако овде се стекнува впечаток дека е тоа само процес кој се одвива во земјите кои имаат општествена сопственост. Не е тоа така господо. Приватизација вршат и високо индустриските земји, но приватизација веќе на монополистичките организации, како што е железничкиот сообраќај ПТТ сообраќајот, комуналните услуги и многу други дејности во производството на енергијата, услугите итн. Не случајно тоа се прави. Се прави од причини што се покажа дека државната .сопственост во еден одреден период, како и општествената сопственост, јас лично мислам одиграле значајна улога во развојот на општеството, меѓутоа дека тие понатака и покажаа сите свои негативности поаѓајќи од позицијата на бирократизмот, технократизмот и ред други негативности. Затоа и денес кога го гледаме овој закон, а ние го гледаме со различни очи. Со едни го гледаат креаторот на овој закон, а со други ние, а тој кога тврди и кога образложуваше тука дека нема елементи на поддржување на општествената сопственост, се чудам, а не ги изнесува аргументите во тој поглед, тогаш како ние пак сите тука кои се занимаваме со оваа

проблематика ја гледам тука и најголемата опасност и најголемите последици кои може да уследат, а може ли да нема поддржување кога 56% од сопственоста, трајната сопственост која ја имаме во нашата држава,

VII/4

Македонија е надвор од приватизацијата, таа останува и ќе се решава со други закони и таа автоматски поминува во државна сопственост. 44% сега е предмет на приватизација. Но, имајќи ги предвид моите уводни напомени дека ова стопанство, дека овој народ не располага со капитал не може да дојде до приватизација ниту пак некој од страна да дојде па да внесе свој капитал поради собитијата што се случија во Југославија, барем 10 години тоа не можеме да го очекуваме, а и поради тоа што не сме баш така атрактивно стопанство и покрај тоа што некои имаат спротивни мислења. Еве досега јас не гледам дека некој дошол и прав капитал да вложи кај нас, не само во лошите туку и во извонредно добрите организации.

Неоспорно е дека ние мораме, како што беше речено овде да почнеме да го продолжиме процесот на трансформацијата на капиталот, но тоа продолжување на тој процес мора да биде во правец на приватизација, никако на поддржување на тој капитал.

Вие гледате сега, а ако ги следите податоците што ги дава СОК и другите институции, статистичките заводи итн., ние со огромни напори при извонредно поволни услови кои што денес некои ги напаѓаат ние успеавме се на се 15,1% од вкупниот капитал само да го направиме акционерски. Каде е 85%. Зошто тука толку тажачка дека некој еве други кои работат во други сфери ја Ј немале таа шанса да учествуваат во откуп на акции, кога имаме ние 85% капитал кој воопшто не е во процес на трансформација. Друго, и овие организации 355 кои се ставени во тој процес на трансформација само 40% од тој капитал е трансформиран. 60% останува

општествен капитал. Еден огромен дел, поготово по престанувањето на законот за платите во 1991 година тој процес е потполно зауставен. Според



тоа 60% и во тие организации останува општествен капитал кој може да се приватизира. Меѓутоа, економските ефекти од една таква трансформација се очигледни. 355 субјекти како што реков се предмет на трансформација биле. Тоа е 35% од правните субјекти во Македонија односно 3%. Меѓутоа 3,5% во 1991 година остварија вкупен приход 50% од вкупниот приход во Македонија. 56% бруто добивка, 55% акумулација Што значи тоа?

Прво, веројатно се работи за поголеми организации кои поминале во овој процес на трансформација, а второ дека тој процес на трансформација ги дал крупните економски ефекти, а и тоа е целта, ние да направиме со приватизацијата и воопшто и во светот подобрување во системот на раководење и управуваше и во организирањето на организацијата, а со тоа да ги подобриме економските перформанси, да порасне продуктивноста, економичноста производството, да почне растот воопшто на организацијата да оствариме еден додатен капитал кој треба сега да го вложиме сега во понатамошниот развој, а не како што во законот се заговара тој да оди на покривање на загуби, на обврски итн. Па ние и натаму идеме во стагнација бидејќи немаме друг свеж капитал од каде да дојде, а ние сакаме да почнеме сега да ја подобруваме економската состојба со додатниот капитал, а не го вложуваме додатниот капитал каде што се создава материјалното богатство и тука е големиот дефект на законот. Јас разбирам дека ние треба да водиме сметка и за таквите обврски, но ние

прво мораме да ги идентификуваме и да учествуваме во нивното решавање како целокупен народ на оваа држава



Втор еден крупен недостаток за кој беше овде зборувано и кој јас сакам исто така да го елаборирам, тоа е правниот континуитет, непостоењето на правниот континуитет на овој закон. Па ние господо се определивме за граѓанско општество, општество кое ќе има правна сигурност, општество во кое ќе владее правото.

Со самото тоа што ние не ги признаваме вредностите кои произлегувале од претходните устави, закони, подзакони итн., со самото тоа ние како Парламент, а чудно е тоа да го нуди една влада која вели дека е експертска внесуваме беззаконие, неред и анархија. Нема земја која има граѓанско општество во која што нема правен континуитет, а ние со Уставот и со Уставниот закон како резултат од Уставот, тука има правници, попаметни во тој поглед, ги прифативме сите сојузни закони, па и Законот за општествен капитал, па и Законот за хартии од вредност и Законот за претпријатијата, Законот за платите итн. Дури и тој закон за платите постоеше функционираше и се применуваше додека, еве и овој Парламент, стои живее, егзистира, работи, до крајот на 1991 година. Како сега одеднаш овде има заговарање, некои вредности кои што се стекнати ние сакаме со нови измислени решенија да ги елиминираме. Тоа е огромна опасност за демократијата, слободата и правниот систем на една држава. Тоа се крупни проблеми кои ќе предизвикаат сега огромни социјални немири, нарушување на безбедноста, на политичката состојба итн.

Кога би го донеле вака законот ние него би го направиле еден од главните иницијатори на рушеше на една политичка состојба во Републикава. Практично тој станува неприменлив, не може да заживее не може да добие своја Функционалност. Во тој поглед законот има и свои



недостатоци. Јас само неколку би спомнал затоа што и вие треба да зборувате. На пример во член 10 тој настојува да изврши идентификација на државниот капитал и државата да го најде својот дел, па вика до придонесите кои се издадени од страна на буџетот итн., тие средства се викаат како учество на државата и државата дури по нив полага и права на управување. Се поставува прашаше тие придонеси од каде доаѓаат, кој ги уплатуваше, па стопанството. Државата како може сега да се стекнува со принуда сопственик на тие средства. Или пак една друга нелогичност, вели: средствата издадени од Републичкиот фонд за неразвиени во исто време се сметаат дека тоа се средства со кои ќе учествува државата во таа организација, а тие средства се изведени од фондот на федерацијата, а тие средства од фондот на федерацијата не им прилегаат такви права. Значи, има огромен број на нелогичности.

Или пак за членот 44 кога се зборуваше, после сите овие операции останува 10%, некој ако уплати пари и да може сега да ги стекне сите управувачки и други права во организацијата. Па јас да ви кажам еден ОХИС ќе го купи еден новокомпонован богаташ или некој пиљар, тоа го кажав и скоро, ако дојде кај мене јас Ісе му кажам како за тоа време кое му дозволува законот сто пати да го обрне тој својот капитал и да заработи толкав профит и потоа да не стане, се разбира низ разни махинации,

шпекулации итн. а такви работи ќе имаме многу присутни. Ние по малку се коцкаме со целата оваа работа. Добро е да се играат коцки, викав дека тоа е креативна работа но не може тоа да cs прави со животот, со реалноста итн. Тоа може ќе да полсжи на логика, мора да се види законот како модел дали тој како таков може да се примени.

VII/8

Јас кажав и на едно друго место како ние ако ги ускратиме правата што ги стекнале вработените, тие не ги стекнале само како вработени, тие ги стекнале и како граѓани, Еден професор тоа многу добро го елабoрираше, затоа што ние ги издаваме на граѓанин тој и тој акциите кои се по основ на закон за општествен капитал законот за плати итн. и одеднаш ние тој граѓанин сега му ги одземаме правата што ги стекнал. Па тие работници веќе помирисаа што е дивиденда. Тие се 160 илјади работници во Македонија, помножете ги со 4 тоа е 600-700 илјади граѓани во оваа Република. Па како вие сега на 600-700 илјади граѓани сега ќе им примените мерка на принуда. Треба тука да имате војска, да имате огромна полиција, незнам се што треба да се направи, треба да се изврши нова национализација, треба да се направи нова експропријација. Значи не е можно да се примени Законот во живот. Ние веднаш ќе се сретнеме со многу големи проблеми во неговата примена и веднаш ќе се јави нужност од негово брзо менување па ќе седне една нова влада, еден нов парламент или ние како Парламент со нова влада или таа влада брзо да носи промени на тој закон. Па ќе ги поништиме сите овие придонеси и вредности со овој закон што ќе се реши, па ќе правиме нов итн. Според тоа ние при ова одлучување мораме многу совесно да им пријдеме на проблемите, да се ослободиме ние од емоции.

Ако гледаме овде дека постои една тензија дека овој закон практично им погодува досега на директорите. Не,обратно. Ако е искрен предлагачот на тој закон па да каже нас како директори, но тие директори што се

креативни способни итн. многу повеќе ни одговара овој закон и во стекнуваше на огромни богатства без труд отколку оној другиот закон, затоа што другиот закон ни овозможуваше спрема нашите плати да учествуваме во тие акции.

**ЉИБИСАВ ИВАНОВ:** (продолжение)

Тој закон ја решаваше и социјалната страна на вработените. Работникот сега стана и помотивиран, затоа што тој мисли, не само да мисли, туку и така дека со својата поквалитетна работа, со своето многу поголемо ангажирање, со поголемото производство, со штедењето на репроматеријалите итн., тој ќе обезбеди многу поголем профит, а тоа ќе значи дека утре ќе има и поголеми приходи низ дивидендата итн., и станува на еден начин сопственик на таа организација и заинтересиран е да вложува во тој поглед напори. Според тоа, во оваа фаза мислам дека мора да се сочуваат елементите, економскиот елемент социјалниот елемент, безбедносниот, политичкиот и правниот континуитет. Да не сметаме било на кој од овие елементи, ние самите ќе создадеме крупни проблеми, не е свесна ни Владата, па и ние како Парламент дека сега практично социјалните проблеми ги пренесуваме тука во Владата и во Парламентот. Тука сега ќе настанат социјални вриења, штрајкови, гужви итн., какви што ги имавме во годините што изминаа. Но, сега нема никој право да штрајкува ако се вработените акционери во таа организација, затоа што тие се сега креатори на својата судбина. Затоа, да скратам, прво, на тој елемент мора да се смета.

Второ, на вработените во тие организации под исти услови како и досега што се одвиваше барем 30% треба да им се обезбеди да учествуваат како акционери и тогаш тие 30% да ги откупат да им се овозможи под исти услови како и досега што беше тоа откупување. 15% да се задржи за социјалните фондови. Точно е што зборуваше колегата за штедните влогови. Ние како стопанство, барем јас, ние имаме голема обврска спрема штедачите во Македонија. Затоа што во крајна линија

огромен дел од тие средства ги потроши стопанството. Ако може тој процент дури и нека порасне со оние права кои што се предвидени, а

VIII/2.-

другиот или кој останува да се препушти на останатите граѓани под еднакви услови да учествува во откуп на акциите за стварање на тој дополнителен капитал.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитувани пратеници, денес расправаме за мошне значаен законски акт кој има за цел целосно ослободување од досегашниот начин на договорна економија, која по сите досегашни експерименти не беше во духот на потребите и желбите на произведувачот. Пазарното стопанство најверојатно ќе отвора нови видици и перспектива кон поголема продуктивност на трудот, поголемо ангажирање на општата и стопанската трансформација и креативност. Меѓутоа, во овој миг оваа проблематика е мошне комплексна,па од тие причини треба да внимаваме како ги донесуваме овие законски прописи за приватизација на општествениот капитал. Приватизација да, но како? Како е создаден тој општествен капитал и кој всушност учествувал во неговото создавање. Тука постојат неколку прашања кои бараат и соодветен одговор. Првото прашање е тоа дали Владата има јасна визија, а тоа е кој учествувал во создавањето на тој општествен капитал, кои граѓани во Републиката, почнувајќи од земјоделецот, па се до службеникот. Притоа сега кога зборуваме дека тој треба да биде ослободен од социјалистичката монополска доктрина како тој да се дели и кој е тој што ќе ги купи заедничките создадени вредности од капиталот. Сметам дека само по најначелните одредби и членови што ги нуди овој предлог-закон како да ги решава јасно битните проблеми, бидејќи многу работи како да остануваат надвор од овој предлог- закон. Затоа што најверојатно ќе треба да се донесат и други законски прописи и акти, кои ќе бидат и како основа да се привлекува странскиот капитал.

Исто така во овој закон ме се предвидени тесните врски и одговорности слични на странските искуства и кои истовремено гарантираат продуктивност. Имам впечаток дека овој предлог на закон не се дефинирани до крај кои сектори на општествениот капитал ќе бидат



опфатени во првата фаза на ваквото трансформирање и кои сектори ќе бидат опфатени во другата фаза итн. Во предлог-законот се потенцира трансформацијата на комерцијалното стопанство, а не се опфатени другите значајни инфраструктурни објекти и дејности, а сето тоа ќе се реализира преку создавање на агенција за приватизацијата која најверојатно ќе ги нормира критериумите и динамиката на трансформирањето на општествениот капитал. Меѓутоа, сам по себе се поставуваат и одредени проблеми на кои навистина треба да се внимава. Како ќе биде регулиран процесот на кредитирање, на купуваше на општествениот капитал, како ќе се реши проблемот на вработеноста. Исто така, како ќе се решат социјалните тензии во нашата Република и конечно каков ќе биде статусот на работникот кој учествувал со својата активност и со својата работа во процесот на продуктивноста на трудот. Денес, сепак, со овој предлог на закон влегуваме во нова епоха со нови односи, искушенија и крстопати, што сметам дека нудат светла перспектива и човекот да стане вистински субјект на сопствената економска среќа и активно учество во создавање на економската активна логика. Со принципите на приватизација на општествениот капитал постои докажана постапка дека се создаваат патеките на регулативите и гласноста на умот човекот станува ноторен двигател на сопствената трансформација во време просторот.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, несомнено е дека има потреба за донесување на законот за трансформација на претпријатието со општествен капитал. Ова е прва фаза каде сите субјекти, па и овој Парламент може да даде придонес каде со своите забелешки на овој предлог и со своите предлози би се реализирала оваа мошне начазка економска мерка. Причините

поради кои се донесува Законот за трансформација на претпријатието со општествен капитал се општо познати и :во овој предлог односно јас нема да се задржам на тоа, меѓутоа, ќе се задржам само на еден момент кој мене



ми остави една мала празнина. Имено, кај мене сеуште постои една резерва во врска со досегашната приватизација односно трансформација која се одвиваше според сојузниот закон на општествен капитал. Факт е тоа што во овој период се направија првите чекори на трансформација, меѓутоа, во овој период имаше и доста недоследности на овој план. Во образложението на овој предлог на страница 9 стои дека "трансформацијата која до денот на влегувањето во сила на овој закон, извршиле сопственичка трансформација предвидено е обврска агенцијата да достави соодветна документација за извршена трансформација каде СОК на !У1аќедони ја ќе изврши контрола односно ревизија и доколку не постапиле според спомнатиот закон, агенцијата ќе поднесе предлог до надлежното министерство да донесе решение со кое ќе ги поништи донесените акти". Јас ова го сфаќам како досегашната трансформација треба да ја прифатиме со сите недоследности и недоречености на сојузниот закон, бидејќи со одредбите на овој предлог ревизија ќе се изврши само за оние претпријатија кои не постапиле според духот на постојниот закон. А во постојниот закон сите велиме, па и во предлогот стои дека има повеќе недоследности и недоречености. Во врска со ова сметам дека предлагачот до наредната фаза треба да ја преиспита можноста за преиспитуваше на сите субјекти кои извршиле трансформација не само на претпријатијата кои постапиел надвор од одредбите на постојниот закон, туку и на сите субјекти каде е извршена трансформација надвор од економската логика. Вакви примери има доста и сметам дека не би било во ред тоа што, на пример, еден Тетекс или Силика итн., кои ги граделе сите

граѓани и тоа со доброволни работни акции, итн., а оваа трансформација по пат на интерни акции да го трансформираат само дел на вработени о ќе организации. Тука има примери исто и со "Јака"-Радовиш каде за неполни

VIII/5.-

10 месеци 63% на овој капитал веќе е трансформиран во приватна сопственост. Второ, што сакам да истакнам е тоа дека оваа трансформација е доста тешка мерка и нормално е некои да ја поддржуваат, а некои не, поготово поголемите претпријатија каде наведуваат дека состојбата на работниците ќе се влоши итн. Овде се поставува прашањето дали и сега состојбата на работниците е добра. Сигурно не. Ние секојдневно оваа ситуација ја осеќаме, а ако е така, јас сум убеден дека е така, тогаш потребно е што побргу да се изврши трансформација со цел да се подобрат ваквите односи.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, потребата од донесување на овој закон јас би сакал да ја потенцирам и чест ми е да кажам дека уште пред 5 или 6 години незнам точно зборував за потребата за донесување на овој закон. Зборував на еден собир на тогашната партија која беше на власт и на некој начин морам да кажам, бидејќи тоа беше револуционерно во тие моменти и бев осуден и како дисидент, меѓутоа, еве дојде време кога навистина ова прашаше е потребно да го решаваме. Тогаш ова прашање го потегнав од една единствена причина што навистина мотивот на работниците, на вработените за производство и создавање на нова вредност во општеството во кое се наоѓавме беше на едно такво ниво што во постојано опаѓање беше производството и воопшто напредувањето на стопанството во Републиката. Се залагав за одредување на титулар на општествената сопственост, не од причина за да се знае кој е газдата во тоа време, туку напротив за постигнуваше на еден мотив поголем, заради подобрување на

производството и за како што реков зголемување и создаваше на новата предност и подобрување на економските услови за живеење на нашите граѓани. Меѓутоа, до тоа колку и како дојде ги знаеме сите состојби до кои дојдовме, а и затоа е сега моментот на некој начин оние недостатоци кои

VIII/6.-

беа покренати и предвидени со Законот за трансформацијата на општествениот капитал кој беше донесен од страна на Анте Марковиќ и кој на некој начин и овој закон прави напори и како прво начело за донесување на овој закон го применува континуитетот на овој закон. Притоа, морам да кажам дека малку можам овде да ја најдам таа нишка односно тој мотив, бидејќи навистина тој континуитет не можам воопшто да го најдам. Причина, велам за донесување на овој закон која би сакал да ја поддржам, навистина е таа што сакам да се најде мотивираноста на вработените. Не можеме да ги прифатиме начелата на овој закон врз кои не се обезбедува континуитет во трансформација. Меѓутоа, дали можеме да најдеме правичност во тој континуитет и во таа трансформација. Доколку успееме да најдеме поголем дел на правичност, во таа насока мислам дека и успешноста во спроведувањето и на овој закон ќе биде поголема. Доколку не успееме во тоа морам да кажам дека и овој закон, како и многу други закони Ісе ја подели судбината дека ќе остане само добро слово напишано на хартија. Од таа причина не може и не смее да биде занемарена досегашниот придонес на оние кои го создаваат капиталот со кој располага оваа наша сиромашна Република. Морам да кажам и тргнувам од тие начела дека поголем дел од капиталот со кој располага моментално нашата Република е создаден во поново време, да не кажам таму некаде подоцна после 1965 година, па до денешните денови. Тргнувам од фактот, од подрачјето од кое јас потекнувам, бидејќи првата фабрика која беше пуштена, освен развојот на земјоделството со кое се занимаваше најголемиот број од населението на струмичкото подрачје беше предилницата "Струмичанка" која е таму пуштена некаде во 1962 година, а

дотогаш реков во Струмица единствена. организација која постоеле како организација беше монополот како организација за откуп на тутунот во струмичката општина. Од таа причина ако. Законот се залага за да се обезбедат средства и континуитет на поранешните сопственици на

VIII/7.-

капиталот на кои почна да се гради нашето општество, тогаш мора да најде услови и причини да го надомести и да го надокнади трудот на вработените и граѓаните кои на некој начин го создадоа оној капитал со кој моментално располага нашата Република. Доколку во тоа успееме да го направиме во тој поглед јас мислам дека ќе имаме услови и да се спроведе тој закон. Од таа причина би сакал да предложам и да кажам дека покрај тоа што овој закон се залага дел од средствата да преминат во пензискиот фонд каде на некој начин пак ќе се стимулираат и тие работници кои го создале тој капитал, односно на некој начин ќе имаат една сигурност за да можат барем во овие моменти да ги примат своите пензии Меѓутоа мора да се најде начин и на вработените кои сега моментално се наоѓаат и кои дале голем придонес за создавање на тој капитал исто така да добијат одреден дел од тој капитал, а подоцна преку формата на екстерни акции тие можат тој капитал, односно таа вредност или да ја дадат на располагање, да ја продадат или понатаму да останат сопственици со тој капитал и да"учествуваат во управувањето на стопанските субјекти со кои подоцна ќе добијат посебни односно други сопственици односно титулари на таа сопственост.

Министерот во својот воведен збор рече/дека цел на овој закон е да ја одвоиме државата од стопанството. Меѓутоа, јас мислам дека тоа треба да биде како последица со примената на овој закон. Во почетокот на примената на овој закон мислам дека тоа не може да се земе како констатација со оглед на тоа ако го прочитаме член 21 во кој кажува дека

сите средства од продажбата на капиталот се сопственост на Република Македонија. Оттука, произлегува дека досегашниот општествен капитал се пренесува на некој начин на државата и со продажбата на тој капитал сите средства стануваат сопственост на државата. Јас во оваа констатацијата и



ова начело што го изнесе министерот во своето воведно излагаше мислам дека и давам целосна поддршка и треба да биде тоа целта да не мисли еднаш државата, да не кажам власта да ја оттргнеме од стопанството. Стопанството да биде сам тој што ќе води сметка за себе, за своето постоење, за својот развој и за својата егзистенција. Меѓутоа, дали е тоа така со овој закон или тоа е цел односно желба за само да го направиме а и не срочено во начелата односно во самите членови на законот со кои би сакале да дојдеме до оваа цел која на некој начин ја ставаме како начело на кое се темели овој закон кој треба да го донесеме.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ** (продолжение)

Јас на овој закон морам да ви кажам дека му посветувам големо внимание и голема желба за негово добро конституираше од таа причина што лично размислувам дека каква ќе биде содржината и каква ќе биде можност тој закон да биде толку спремен и на некој начин практично да го дефинира општеството за кое ние на некои начин правиме напори да го примениме односно  зборот ми е каков ќе биде овој закон мислам дека во таа смисла и ќе придонесеме да го оформиме новото општество во кое сите се залагаме да извршиме промени со кои сите се сложивме дека општеството во кое сите се наоѓаме и кое досега на некој начин го протежиравме не дава перспектива за една подобра благосостојба на граѓаните во која тие живеат, меѓутоа доколку успееме овој закон да го концептираме така во таа смисла би требало да ги прифатиме сите забелешки, сугестии кои со добра намера и конструктивни на некој начин желби се пренесуваат и даваат и на оваа говорница во расправата која што беше досега и во расправата која што натаму ќе следува за да можеме да го оформиме тој закон, а со неговото оформување и со неговото концептирање на некој начин, мое размислување е дека ги ставаме и темелите на новото општество кон кое сите се стремиме тоа општество да биде општество кое ќе гарантира слобода на граѓаните, кое ќе гарантира тие граѓани со сопствено знаење, со сопствено умееше да го најдат свое тоа место во тоа општество. Навистина, нивните желби и нивните барања мора на некој начин да бидат срочени во одредени закони, во одредени прописи кои на некој начин ќе го трасираат патот по кои треба да се движи нашето општество кое што како што реков .имаме желба да го промениме,

Од таа причина во овој момент бидејќи сега расправаме во начело за донесување на овој закон и за потребата од донесувањето на овој закон не би сакал да ги произнесам конкретните забелешки кои ги имам нотирано по одредени членови на овој закон. Мислам дека за ова ќе имаме можност во подоцнежната процедура за донесувањето на тој закон. Од таа причина ја сум еден од тие што се залага процедурата на овој закон да не биде така скратена особено во фазата на донесување во Собранието бидејќи морам да кажам ако Владата имаше без малку скоро година ипол дена на располагање да го подготви тој закон мислам дека е потребно да оставиме поголем простор на пратениците во овој парламент заедно со консултациите во овоит6редини со своите бази да дадеме што е можно поголем конструктивен допринос за дооформивање на овој закон за да може да биде тој што е можно во побрза мера по применлив и за да може неговите одредби да донесат промена во нашето општество, а што е најбитно да донесат промена во економскиот систем на нашето општество, а со самото тоа и до поголема ^благосостојба на нашите граѓани во нашата Република. Затоа останувам на определбата овој закон да оди во сите три фази, ако сега е предлог за донесување да одиме со фазата нацрт за донесување за донесување на закон, а подоцна со предлог на закон, така да ќе имаме можности поголем дел од нашите забелешки ги провериме и самите, а и во дијалог односно расправа со другите соговорници кои имаат намера навистина да дадат придонес за подобрување на текстот на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза до 14 часот и молам за точност.

(Паузата започна во 13,00 часот).

IX/3

( По паузата седницата започна во 14,20 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Збор има господин Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека за расправа имаме како прво извонредно важен закон и ценам дека овој закон во суштина значи исто колку што во делот на политичките односи значи признавањето на Македонија, во делот на економијата мислам дека исто такво значење треба да му дадеме на овој закон. Инаку, ова што е клучно прашање денес, а тоа е потребата од донесување на ваков закон, мислам дека е неспорна и практички кај сите пратеници е присутно мислењето дека потреба од донесување на ваков закон постои, впрочем и во сите политички партии во предизборните кампањи, имаа во програмата зацртано процес на приватизација на општествената сопственост.

Во мојава дискусија не би се осврнал на/тоа што значи детална разработка на законот бидејќи очекувам дека тоа ќе дојде кога ќе биде и самиот нацрт на законот, меѓутоа не би можел во глобала да не дадам некакви забелешки во однос на самиот закон.

Пред се неминовно е да се најде некоја коегзистенција со претходниот закон за приватизација бидејќи процесот на приватизација практички започна нешто порано пред овој закон и практички сега би имале некакво продолжение на тој процес без разлика дали тој процес беше добар или лошо, меѓутоа во. суштина ние практички имаме продолжение. Една

работа што секако заслужува да се спомне е фактот да при самиот приод кон донесуваше на овој закон ние имавме една процедура во ова исто

IX/4

Собрание практички прво се тргна со една одлука да се стопира стариот закон со некакви образложенија дека има грабеж врз општествената сопственост и со едно образложение дека би било добро веднаш да се стопира, ако се сеќавате тоа беше минатата година уште во мај месец и дека Владата веќе го има новиот закон, па според тоа не би имале големи проблеми бидејќи веднаш со стопирањето на стариот ќе имаме многу брзо нов закон. Меѓутоа, праксата покажа дека тој закон . тогаш дури не бил ни во зародиш дека тој закон еве доаѓа практички година и нешто по таа изјава на Владата па мислам дека на тој начин првин создадовме една неповолна клима во самата Република и второ, мислам дека не треба да се даваат такви изјави од причина што практички излегува дека ние немајќи ни почнато еден закон тврдевме дека тој веќе постои и заради тоа имавме право да го стопираме стариот закон. Ценам исто така дека се направи извесна штета со тоа штос е стопираше стариот закон, односно не што се стопираше туку со тоа што се покрена една таква иницијатива практички од еден процес кој што беше од прилика почнат меѓу вработените претпријатијата да почнат да ги чувствуваат како свои со што во извесна мера се смени и односот према работата со овие декоративни изјави дека имаме грабеж, дека имаме пљачка итн. практички тој однос се измени, се изгуби верба во донесување на нешто и мислам дека беше нанесено доста штета повеќе од психолошки карактер, а сигурно можеби и од материјален карактер ако тоа може некако да се процени.

Сега би кажал некои генерални забелешки во овој закон вез да навлегувам во детали, а тоа е првото прашање што секако се јавува со самиот процес на приватизација, а тоа е прашањето каква приватизација

ние сакаме брза или бавна. Гледано по законот мислам дека е многу радикален и дека нуди многу брза приватизација, што од аспект на



корисност, од аспект на ефикасност во стопанството сигурно е попожелна, меѓутоа ни се јавува другиот момент на праведност на законот и ценам дека овие два односи меѓу праведноста и корисноста се во обратна пропорцијална зависност и ако сакаме да добиеме еднаш го губиме едното а друг пат го губиме другото ако сакаме да добиеме корисност губиме од праведноста и обратно. Голема политичка мудрост во овој момент е да се оцени кој е би било тоа оптимално решение кое што би донело и ефикасност и колку толку некоја праведност во донесувањето на новите закон. Инаку, не се работи за тоа дали овој закон би поминал во овој Парламент, меѓутоа многу битна работа и клучна ќе биде како овој закон во пракса ќе се спроведе и можните импликации. Јас мислам дека ако ни се случи овој закон во Парламентот да помине, а во пракса не успее да се спроведе, мислам дека за оваа држава ќе нема спас, тоа би било слом за целото стопанство , а потоа би правеле ние некои да речам шминки на овој закон, издржани решенија кои практично би направиле повеќе штета отколку корист, а бар досегашниот однос на Владата беше таков. Вие се сеќаваат донесовме закон за К-15, станаа неколку претпријатија го скинавме. Донесовме некои други мерки се побунија некои претпријатија па ги скинавме. Да не ни се случи истото и со овој закон. Треба цврсто да се застане на оваа позиција, ако мислиме дека е вака и да се тера без разлика на сите притисоци, или пак што е мое размислување политички да се процени која е таа можност, со гаранција или можни опции што може да ги дозволи овој закон што би овозможиле и ефикасно стопанство и колку толку справедливост на овој закон во пракса. Инаку уште еднаш напоменувам ако заради социјални проблеми дојде до практично не извршување на законот

тогаш би било катастрофа за оваа држава и воопшто за стопанството на оваа држава.

IX/6

Ценам дека заедно со овој закон мора да оди и законот за работни односи и законот за новиот даночен систем. Овие дава закони мислам се многу поврзани со овој закон и според тоа мора да одата паралелно инаку би дошло до еден несклад, би имале нови услови на работење со закон за работни односи кој регулира услови на работење во други услови, па според тоа многу е битно овие закони да бидат така да речам симултано донесени.

Некои работи кои што исто така веќе се наметнуваат со самиот закон е да во некои членови големи ,ингеренции се даваат на улогата на СОК во процесот на контрола било во процесот на некакви дополнителни сознанија што би ги добивале од него. Од ова иста говорница пред скоро време ние имавме дискусии во врска со улогата на СОК и неговата идна трансформација или па како што беше и тука запишано практично се оди кон укинување на СОК. Одредени обврски и задачи ќе има СОК, па се поставува прашањето можеби уште сега како предлог за донесување дали може некоја друга институција би била таа што би ги презела овие ингеренции што се даваат на СОК или мора да остане СОК, да не ни се случи потоа заради тоа што можеби за еден месец или не е битно се укине СОК, па ќе немаме таква институција. Заради тоа ценам дека тоа треба уште од сега да се размисли да се види дали може или и сега би имале некакви идеи.

Тоа што исто така останува какао големо прашање е проблемот н парите односно од каде капитал. Илузија е да мислиме дека ќе дојде од странство. Тоа е на сите јасно и останува практично со сопствени сили да се приватизираме. Пак би се вратил на принципот на праведност. Кој во

вакви услови би станал газда. Ценам дека практички сега би бил газда снаа~така наречена црвена буржоазија оние кои што на некаков нелегален начин би рекол, или можеби легален, меѓутоа условите дозволуваа дојдоа

IX/7

до пари и сега ќе можат да ги купуваат тие претпријатија што исто така моментот на правичност го руши. Во претходниот систем не беше можно некој да дојде до такво богатство сега да може да инвестира илјадници или милиони марки за да го купи одредено претпријатие, па според тоа би било практички спорно од каде и кој ги има парите сега да ги купува претпријатијата. Исто така ми остана една друга дилема во врска со овој закон па мислам дека Владата треба да одговори а тоа е дали целта на самиот закон е приватизацијата или можеби има уште една ^руга цел која ја сака Владата,.а тоа е да собере пари во државата.

Ако се сака да се исполни втората цел мислам дека гушејќи се меѓу овие две цели, избирајќи, да не направиме поголема штета и треба конечно да стане јасно дека првостепена цел е приватизацијата, а она што ќе дојдат пари во Владата односно во државата преку оваа приватизација ќе треба да најдат веднаш соодветна намена да не дојде пак до израз волунтаризмот или да гасneme социјални пожари со тие пари и слично, оти она што останува овој закон практички сега социјалата која што во овој момент сега ценам дека е во претпријатијата сега с е префрла практично на државата онака како што е во целиот свет. Практично имаме ситуација да од фирмите социјалата поминува во државата и сега тука треба државата навистина да излезе со здрав концепт какао таа социјала ќе ја спроведува. '''Инаку, ако тоа го нема сигурно ќе има рушење на самиот закон во праска што мислам дека никој не го посакува во овој момент.

Кога сме кај овој дел од капиталот доколку не влезе капитал од страна, а ценам дека нема да влезе прво заради политичкиот момент а може и заради некои други момент, и после се ова што се случува околу



политичкото признавање на Македонија, јас да ви кажам искрено и се сомневам во правите намери на тој запад према Македонија, останува она прашање да ние практично би имале еден капитализам од јужноамерикански тип бидејќи немаме капитал, практично би имале капитализам кој би бил на ниво на една Јужна Америка како што се во Аргентина и во такви држави. Дали тоа може да го издржиме, исто така тоа е едно прашање и ќе мора да се најдат начини да бидеме атрактивни за странците, меѓутоа што со тоа добиваме. Јас верувам дека можеби некој би купил овде, меѓутоа кои фирми ќе бидат атрактивни. Од македонското стопанство можеби ќе бидат Југохром, Топилница Велес, Макпетрол итн. , меѓутоа останува прашањето што државата би добила доколку странец го купи да речеме Југохром или Топилницата Велес. Што Македонија ќе добие?. Едно е сигурно дека ќе добие 200 или 300 души невработени, тоа е сигурно, меѓутоа дали би добила и нешто друго . Тука има големи дилеми и не сум да го стопираме процесот далеку од тоа, меѓутоа мора со додатни закони да се уредат некои односи бидејќи е можно да ни дојдат такви бизнисмени на кои што главна цел ќе им биде што побрзо да го вратат тоа што го вложиле, мислам на странци, а тоа брзо враќање ќе значи распродажба на се она што ќе може да продадат и едноставно да ги снема после извесно време. Оти стои моментот дека оној што би решил да вложува тука би можел да вложи и во ново претпријатие, сам да го формира и да имаме ново претпријатие. Така да таа опција прашање е колку ќе биде валидна, мислам со опцијата за купување од страна.

И на крај исто така би спомнал до предлагачот да има на ум дека ова што се планира да се врши проценка на сите организации, зборам за големите, ситените организации сигурно брзо ќе се приватизираат, меѓутоа проблем се големите и сите знаеме дека околу нив ќе бидат најголемите спорови. Еве во нашава организација имаме едно искуство проценка на



капиталот правиме од ноември месец и се уште до денес не е завршена. Тоа ја прави сегашната агенција за трансформација со волја на сите вработени, со помош од сите вработени, па практично седум осум месеци сеуште немаме успеано да дојдеме до правата проценка на капиталот. Во услови кога ќе треба да се проценат 200, 300 фирми во Македонија се поставува прашањето дали оној период што е даден би бил како оптимален период и дали воопшто ќе се успее имајќи во предвид дека со такви кадри сме ограничени, сигурно ги имаме многу малку, а без проценка не ќе можеме да приватизираме ништо без да дојдеме до правата сума, па тука изразувам една голема резерва д али воопшто и овој оперативен дел од самиот закон ќе биде изводлив.

Во врска со вој закон толку би сакал да кажам, повеќе сигурно би расправал кога ќе дојде нацртот на законот, а генерално би упатил предлог односно апел до предлагачот нацртот на законот да дојде што побрзо и дури ако е можно на 43-тата седница.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на почетокот веднаш да нагласам дека по мене не е спорно да се донесува еден ваков закон, закон што немам намера сега да давам посебно образложение во врска со тоа доволно е само да се потсетиме дека анонимноста на капиталот постои и е присутен, второ дека го замрзнавме овој процес согласно на претходните решенија, и

трето, со воведувањето на ембаргото практично створивме политичка клима овие процеси да застанат и се вратат каде што беа на почетокот пред 10 години. Воедно сакам да укажам на пристапот на решавањето на проблемот на трансформацијата, лично мое мислење, согласно на приликите најновите состојби се во функција да се вклучи во европскиот



интегрален пазар. Јано е дека без трансформација на сопственоста на стопанството практично е невозможно да се остварат стопанските вредности на пазарната економија што сите со тоа ќе се сложиме. Оттука конституирањето на сопственоста сопственичките односи , титуларот или поедноставно проблемот на приватизацијата на општествениот капитал претставува за нас не само приоритетно туку и најзначајно прашање за решавање на стопанската структура во Македонија.

Трансформацијата на сопственост како клучен проблем за трансформирање значајна од повеќе аспекти, но основно е договорната економија да се потисне односно суспендира и се замени со пазарна економија. Оттука и се поставува прашањето на кого му припаѓа ваквата структура на денешното стопанство од аспект на сопственоста односно на кого припаѓаат претпријатијата или поточно речено кога денеска имаме интеракционерска сопственост и самоуправна сопственост. Одговорот на ова прашање досега беше баран во согласност со законот за општествениот капитал кои и ова Влада и многу од нас најчесто решенијата односно начините ги критикувавме, меѓутоа да потсетам дека со тој закон не се предвидуваше само ова решение кое сите го спомнуваме како решение, преку прибирање на додатен капитал со издавање на интерни акции, мислам дека одредени колеги на тоа укажаа дека и ова решение практично не даваше можност сто посто да се приватизира капиталот. Додека другите решенија не беа атрактивни, интересни и занимливи на

пример постоеше решение и допушташе законот преку прибирање на додатен капитал да се изврши продажба на уделите и во претпријатијата. Тоа практично никој не го примени во Македонија.

Постоеше и друго решение преку продажба на претпријатието и општествениот капитал со издавање на интерни акции. Постоеше решение преку продажба на претпријатието или делови на претпријатието

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ**: (Продолжение)

За решавање на овој проблем Владата се определи и го избра агенцискиот пристап за трансформација на општествениот капитал како најпогоден начин за македонското стопанство. Во оваа прилика сакам да укажам на следното/дека агенцискиот пристап за трансформација индиректно ја присвојува општествената сопственост и како таква им припаѓа на државата и таа се појавува во улога на продавач спрема заинтересираните купувачи. Агенцискиот пристап за решавање на сопственичките односи на претпријатијата како погоден модел, како што истакна министерот Миљовски за македонското стопанство, нагласи дека е и најприфатлив. Но, има и голем број слабости. Еве некој од позначајните:

- Со агенцискиот пристап практично е негативен процесот на трансформацијата кој се одложува;

- не може да се определи периодот на трансформацијата, мислам дека математички низ тој модел Миљоски тоа може да го потврди;

- не може да се води коегзистентна економска политика;

- бара постојан развој на елементите на договорната економија;

- потклекнува на социјал- политичките тензии и притисоци;

- државата се јавува како клучен фактор и станува добар но и чудотворен тиранин, што не е добро;

- се исклучуваат квалитативните основи за проценка на сопственоста и ја поистоветуваат нето имовината со проценетата вредност.

Покрај овие слабости има и слабости во методолошкиот. дел што во оваа прилика, доколку остане овој концепт, во друга прилика би се произнела.

Агенцискиот пристап, како начин за конституираше на сопственичките односи во претпријатијата, неговата реалност и успешност со. одредени процеси на организирање, можеме да го видиме пред се низ примерок на компаративната анализа на Енглеска. Во прилог на сето тоа што го кажав, сакам да потсетам на следното: Анализата укажува дека на Енглеска и требаше една декада да приватизира една десетина од националниот капитал. Ако се има предвид дека приватизацијата се вршеше во услови на стабилна земја, со расположив приватен капитал, со стабилен механизам за валоризација на економските активности, пред се стабилна и реална каматна стапка, стабилен и реален девизен курс и друго, а сето ова во договорната економија го нема се поставува прашањето за времетраењето и успешноста на приватизацијата на стопанството во Македонија со примена на агенцискиот пристап. Пред прашањето на приватизацијата на капиталот, односно претпријатијата во земјите со развиена пазарна економија пред се претставува една од мерките за подобрување на функционалноста на економскиот систем. Кај овие економии најчесто се користи како мерка за подобрување на буџетската состојба, за слабеење на делувањето на работничките синдикати, анализирањето на влијанијата на разновидни" социјални групи врз државните функционери, прибирање готови пари и слично. А кај договорните економии приватизацијата не е мерка, туку претставува клучна задача за трансформација на економскиот систем.

Оттука, сакам да го заговорам прашањето дали би требало да се определиме за едно размислување, за приликите на македонското стопанство, донаторскиот пристап. Наиме, со донаторскиот пристап на приватизацијата односно на сопственоста и конституирање воопшто на сопственичките односи дали во стопанството или во општествените

дејности, практично са создаваат пофлексибилни односи во однос на агенцискиот пристап.

X/3

Што се однесува до позитивностите во оваа прилика сакам да ги потенцирам на овој начин следните, мислам на позначајните:

- донаторскиот пристап пред се обезбедува, како позитивна карактеристика, постапката за приватизација да биде доста лесна и наполно објективна;

- непристрасно се определуваат носителите на сопственоста на сопственоста на претпријатијата;

- непристрасно се определува бројот на делниците што припаѓаат на купувачите;

- трошковите на приватизацијата се многу мали, скоро безначајни;

- самиот процес на трансформација значително е брз односно еднократен;

- создава основа за брзо напушташе на договорниот економски систем;

- се спречува понатамошниот развој на „елементите на договорната економија;

- се воспоставува основа за контрола на менаџментот;

- значително се поедноставува контролата на менаџментот во процесите на работата;

- при чинот на приватизацијата приливот на капиталот е осигурен;

- се обезбедува стабилна основа за иден прилив на финансиски капитал;

- се обезбедува сигурна основа за развој на финансискиот пазар;



- со развојот на процесот на приватизацијата се формира и берза на посредници;

- нема потреба од дефинирање на вредноста на претпријатијата поради приватизација на исто;

- улогата на државата за приватизација е само преку законска регулатива, односно ја има сервисната услуга;

- се постигнува правичноста на економските стопанственици односно директно или индиректно исклучување на државата;

- значително се релативизира значењето на социјалните проблеми преку приватната дивиденда.

Анализирајќи го едниот и другиот приод, лично мислам дека во нацртот на документот што треба да се понуди, лично мислам дека овој приод и врз основа на многу дискутанти што овде го потенцираа и практично го бараа континуитетот на претходниот закон, преку овој пристап веројатно дека многу од решенијата ќе бидат поблиски и поприфатливи за вработените и структурата на македонското стопанство во Македонија.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство.

Денеска на дневен ред имаме еден од најбитните закони што треба ова Собрание да ги усвои.

Во контекст на претходните дискутанти за континуитетот на поранешните закони за трансформација на капиталот, сакам да акцептирам некои работи.

Стратешката цел што се сакаше да се постигне со законот за измена и дополнување на Законот за претпријатијата, "Службен лист ка бивша

СФРЈ" број 46/90 што практично беше изнесен подоцна Законот за општествениот капитал е рекапитуларизација на средствата во

X/5

општествена сопственост со кои работат општествените претпријатија. Првиот чекор кон патот на рекапитуларизација на средствата во општествена сопственост беше организирање на постојните општествени претпријатија како акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност во мешовита сопственост.

Причина за организираше на постојните општествени претпријатија како акционерски друштва, односно друштва со мешовита сопственост е издавањето на интерни акции врз основа на издавање потврди за удели во претпријатијата. Така што членот 1-а, став 2 на спомнатиот закон е утврдено дека претпријатието а) заради прибавуваше на дополнителен капитал и под б) продажба на претпријатието може да издава акции со попуст кои не можат да бидат во прометот на пазарот на хартии од вредност и кои ги нарекува интерни акции.

Секако, главни правци на промена на односите во претпријатието беа:

прво, формирање на основниот капитал и неговата продажба односно поделба на акции и удели и

второ, уредување на односите во управувањето врз начелото со акционерски друштва, односно со друштва со ограничена одговорност да управуваат сопствениците на капиталот соодветно на вложениот капитал во друштвото.

Меѓутоа, во праксата се создаде клима, што е точно во поголем број претпријатија дека директорите ги откупија претпријатијата со евтини пари, а работниците останаа газди без пари и пак работници.

За мене, трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал е долг процес и генециска работа. Исто така, треба да се забележи она што

X/6

го вели народот "капиталот оди со душата". Оттука, :мора да го анализираме овој закон што е денеска на дневен ред и начинот на кој е создаден овој општествен капитал.

Прво, секој објект е граден на приватни парцели односно го поклонил народот;со сила. Некој управувал, газдувал и ден денеска газдува и управува и станал акционер. На граѓаните ора да им се плати одземеното земјиште каде што се изградени тие објекти а е инкорпориран во структурата на основните средства на претпријатијата со општествен капитал. Во целата Република, па и во западниот дел на Македонија сите објекти се градени на локации и парцели на граѓаните. А, Албанците се застапени со 3% во општествениот капитал.

Оттука се прашувам, со трансформацијата на општествениот капитал во приватен капитал што ќе се добие во овој момент како прво.

Второ, ако се гледа структурата на средствата на општествениот капитал тие се земани на разни начини од народот, почнувајќи од 1945 година со песната "Америка и Енглеска ќе бидат земја пролетерска", со другите давачки и разни /заеми за градење на економската база. Затоа го разбудува интересот на работниците кои го почувствуваа плодот на капиталот и дивидендата. Според тоа, Владата мора да контролира и да има преглед на претпријатијата што се трансформирале како и колку, без пардон. Тука мора и треба да се преземат следните дејствија:

Прво, изготвување на биланс на состојбите на имотите на општествените претпријатија и

Второ, определување на основната главница,основниот капитал на акционерското друштво и нејзината поделба на акции односно одредување



на основниот капитал на друштвото со ограничена одговорност и неговата поделба на удели, како и другите, за мене секундарни работи, како што е донесување одлука за запишување акции, конституирање и реорганизација.

Така што, реформата во целина мора да тргне од расчистување на источниот грев на сите социјализми, па оттука новиот економски систем да се темели на приватничкото власништво и меѓусебна конкуренција со сите форми и облици.

За мене, есенцијално прашање на општествената реформа во целина е нејзината идентификација со нејзиниот титулар, без што не е можна вкупната реформа, без реформа во општествената дејност како што е образованието, науката, културата, здравството што претставуваат инфраструктура на секое развиено цивилизирано општество. Ова се однесува и за државата со останата надградба. Време е да се~направи одлучен чекор во правец на трансформација на општествената дејност не само во општествениот капитал туку и да се идентификува неговиот титулар.

Зошто преносот на општествената дејност на државата за нас ќе значи враќање пред 45 години што како метод е напуштен во другите земји што извршија реформи. Конкретно ми е зборот за улогата на агенцијата.

Отпор се дава и од некои слоеви во општествениот сектор каде нивната стручна подготовка не е целосна и тие не оставаат простор за нови кадри што чекаат да се вработат или не можат да дојдат до израз во тие стопански објекти.

Законот за трансформација на капиталот мора да се гледа од разни аспекти, па и од социјалниот аспект. Во аспектот на социјалата треба да се гради к социјална. програма како составен дел на трансформацијата.

X/8

На крајот, би завршил со зборовите на Оскар Вајлд "што подолго живеам подлабоко чувствувам дека се што беше добро за нашите татковци не е веќе добро за нас".

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Според мое мислење основната цел што треба да се постигне со овој закон, треба да се именува титуларот на сопственоста, обезбедување на додатен капитал на стопанството и реформа на управувањето.

Ако појдеме од овие цели, тогаш неспорна е потребата за донесување на таков закон како потреба и сметам дека сите досегаш ни дискутанти ја искажат таа мисла. Како таква ја поддржувам и ја поддржувам потребата од донесување на закон за трансформација.

Сигурно е сега прашањето со кое јас се борам а многу од дискутантите верувам дека се во дилема, тоа е кој е правиот модел со кој би требало да се изврши трансформацијата. Дали овој, понудениот, ваков каков што е правиот? Пред да кажам понатаму што мислам, предвреме да соопштам ќе се сврстам во оние кои сметаат дека овој модел не е адекватен и нема да ја заврши задачата што сакаме да ја завршиме со овој закон.

Сигурно ќе се постави прашањето зошто е такво моето мислење. Ќе се обидам во најкратки црти да објаснам. Мислам дека има низок коефициент на спроводливост. Сметам дека немаме доволен капитал кај граѓаните на Македонија по овој модел да се изврши трансформацијата.

Сметам дека условите во кои работиме и политичкото милје исто така не дозволуваат некој од надвор да вложи капитал во нашата земја. Тоа имавме можност да го провериме со еден "ФЕНИ" за што се обидовме да го продадеме, а нашата Република вложи 425 милиони долари, се обидовме да го дадеме на наши акционери, се обидовме да го дадеме на акционери

X/9

од надвор и видовме колкава беше понудата за таквиот објект. Сигурно се нудеше 10 пати помалку. Според тоа, тоа е еден од индикаторите дека навистина во ова наше стопанство, со застарена опрема, застарена технологија најверојатно некој ќе се одлучи да земе ако е тоа сосема било зошто. Ако е за сосема евтини пари. Инаку, некој прав капитал овде, доколку тоа не се овозможи на нашите граѓани, а пред се на оние кои работеле и го создавале, некои директно, некои индиректно во претпријатијата, сметам дека друг купец нема да има за нашето стопанство и за нашата технологија.

Инаку, ако некој се реши по овој модел да оди во трансформација, тогаш треба веднаш да пресмета дека најмалку толку или дека уште толку пари треба да вложи во таа организација да ја доведе до едно ниво на технолошка опременост да може да биде конкурентна. А за тоа и излагачот, д-р Јане Миљовски во излагањето кажа дека нашата технологија е застарена и опремата е застарена. Според тоа, ако некој купува, прво треба да доведе нова технологија и нова опрема. Треба два пати да го купува претпријатието.

Овој модел, според моја оценка е доста неправичен. При истапот на приватизацијата е доста неправичен. Пак може да ми се постави прашањето зошто? Јас мислам дека и другите дискутанти тоа го изнесоа. Со овој модел заобиколно се зедначува општествениот со државниот капитал. Иако упорно предлагачот вели дека тоа не е вистина, тоа е

вистина, тоа може да се најде ако внимателно се прочитаат членовите, особено во еден член во кој вели дека ако после шест месеци, после сите овие лицитации, аукции итн. на се изврши, тогаш агенцијата распишува акции и овој капитал оди во трансформирање во државен капитал. Јасна е работата дека општествениот капитал станува државен. Некаде 60-70%, според моја оценка од овој капитал што го имаме овде, каков е таков, во

X/10

нашава Република, ќе стане државен. Дали е тоа правата среќа,или несреќа јас незнам Но, никој до сега не се усреќил со државен капитал. Според тоа најверојатно и ние не би се усреќиле.

Сметам дека е неоспорно во доработката на начинот на изборот треба да се најде како и на кој начин тоа да не се стори бидејќи мислам дека ќе отидеме уште поназад од она што сме сега.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:** (продолжение)

Понатаму, неправичен е према мене за тоа што никаде ги нема во законот работниците, јас не сакам да кажам дека во претпријатието тие потполно го создале капиталот, меѓутоа, неспорно е дека тие се доминантни створатели на капиталот во организацијата. Индиректно учествувале сите, а тие се доминантни. Меѓутоа, никаде ги нема. Ги има оние кои 1947 година кои на некој начин им било национализирано. Ги има оние кои се надвор од стопанството, а тие што се во стопанството ги нема никаде.

Според тоа, сметам дека тоа е најголемата неправичност и сакале или не на тоа треба да му се обрне внимание, како тие да бидат делумно обесштетени за таа работа. Ако објективно гледаме, оние организации кои создавале, кои го проширувале претпријатието, кои од една мала фабрика или од пет машини, направиле гигант, тие сега практично се пообесправени од оние кои повеќе растурале, бидејќи немале што да приватизираат, што да продаваат, тие се сега во поповолна позиција. Оние кои создаваат, а такви можам да набројам, кои што почнале од 100 вработени ,ј а сега имаат 2000 вработени, кои почнале од еден капацитет, а сега имаат десет пати поголем капацитет, кои можат делумно конкурентно да се носат, тие сега практично излегуваат најнеповолни, бидејќи можат да останат на улица, без овој закон да каже што ќе биде со технолошкиот вишок.

Сакам да напомнам дека работниците во претпријатијата земале личен доход и дека тоа не го оствариле и тоа е натаму општествено, државно. Работниците не земаат плата немаат решение за плата и не знаат

колкава ќе им биде платата. Кога би знаеле ќе речат јас работам за плата, ако не ми одговара нема да работам. Луѓето имаат решенија за бодови. Тоа е уредба која оваа земја веќе ја пропишала. Имаше бодови и во тие бодови стоеше, дали на крајот на месецот, или на крајот на годината ќе имаше да земе плата, или немаше да земе плата. Тоа зависеше само од тоа откога ќе ги подмири трошоците на државата, сите други давачки, тогаш ако има ќе земе, ако нема, нема да земе. Според тоа, не можеме да дискутираме дека работниците земале плата, туку дека работниците земале некаков остаток, она што останало и го делеле меѓу нив како личен доход. Според тоа не може да се надмине и не може да им се негира нивниот удел во создавањето на капитал кој треба да се трансформира.

Понатаму, да кажам за примерот кој беше овде спомнуван. Државата се обидува, мислам преку овој модел да го идентификува својот капитал преку средствата за ФНП, иако тие објективно, дискутираше еден дискутант, не се државни, туку се издвоени. Стопанството што издвојуваше во ФНП ни динар не му е вратен. Тоа беше 12 години, три години со грејс период со камати од еден или два посто во една инфлација, според тоа се земени средства од стопанството, вртени и враќани и сега се прикажуваат дека се државни, а оние другите се занемаруваат дека нема никаков капитал. Тоа по мене е навистина неправично.

Исто така, овој модел нема континуитет со претходниот закон. Сметам дека тука треба да бидеме барем објективни и она што мора да го направиме, а тоа е обезбедиме континуитет во законот. Би било голема неправда ако оние кои ги искористија приликите, а не сакам да зборувам за

оние што вршеле: манипулации, кражби, изигрувања, доколку има такви, службите нека го преиспитаат и нека го вратат во рамките на важечкиот



закон. Не се залагам за таквите. Се Залагам За оние не го искористија правото по изминатиот закон. Едноставно мислеа дека е тоа процес и треба да се одвива понатаму. Едноставно не извршија никаква трансформација. Чекаат по тој закон полека да се трансформираат. Сега со овој закон е ускратено правото другите кои заминаа во таа трансформација. Повторно зборувам не за оние кои вршеле манипулација, туку зборувам за оние кои коректно поминале на тоа. Се однесува на 30% попустот кој беше за*сите граѓани во Републиката. Незнам зошто овде толку многу се негира дека немале право. Сите граѓани имаат попуст 30% на купување на акции доколку сакаат, а вработените во организациите имаат плус 1% за поминатите години. Сметам дека тоа е неопходно да се вгради во новиот закон. Неопходно е и заради континуитет во законот заради тоа што едни го искористија, а и делумно да се одолжиме на оние работници кои ако не потполно барем доминантно го создавале капиталот.

Овде сакам да напоменам дека нашите бивши републики, сегашни држави Словенија и Црна Гора, јас имав^ прилика да го видам нивниот закон. Словенија после решавањето на своите политички проблеми, година ипол дена се занимава со тој закон, сеуште го нема дефинирано и морам да кажам дека во него има огромен број такви решенија, каде што на работниците во претпријатијата им се дава одредена предност пред другите. Сметам дека треба да го погледнеме и нивниот закон, треба да видиме зошто тие го одолговлечуваат, да ги видиме нивните решенија. Тие

имаат околу 9 формули како и па кој начин да се изврши трансформација, како и на кој начин секоја фирма, зависи од која област и од кој технолошки



процес,како и на кој начин најбезболно да се изврши трансформацијата. Неспорно е дека тој модел треба да се користи, не заради тоа што мене ми одговара, туку мислам дека ќе одговори на нашите прилики, бидејќи отприлика и нивното и нашето стопанство живеевме и бевме структурни едни према други. Исто таков модел има и Црна Гора, кој по мене за наши услови би одговарал.

Според тоа, од овој дел, ако можам да следам, покрај другите исправки и дополнувања што треба да се направат, неопходни се решенијата од минатиот закон. За попуст од 30% за сите граѓани, 1% за работниците во претпријатијата, да се вгради во овој закон и заради континуитет и за безбелно поминување на проблемите што јас ги истакнав и другите ги истакнаа.

Посебно што сакам да кажам од овие прашања кои се регулирани со овој концепт на закон е за преголемото овластување на агенцијата. Сите тоа го истакнаа и јас сметам дека агенцијата е практично една паралелна влада, или паралелна држава, само со поголем капитал. Сметам дека не би било површно тоа решение. Сметам дека ниту може агенцијата да биде толку стручна, за да може да ги реши сите проблеми, ниту во ова време што е предвидено да може да изврши концепт и модел да изнајде за сите претпријатија. Сметам дека во неа можат да се случуваат разни работи без контрола. Може да се искористи познатото "кадија те тужи, кадија те суди". Од прилика така ќе биде. Агенцијата има 20 члена, агенцијата прави модел, агенцијата распишува акции, агенцијата врши процена на капиталот,

агенцијата насочува каде ќе оди остатокот. од капиталот, агенцијата го наоѓа партнерот,агенцијата склучува договор практично овој закон е за агенцијата. Ништо во него друго нема. Јас апсолутно сум против во една

XI/5

таква форма, таква една служба да врши трансформација, затоа што мислам дека не треба да се запостави и оној кадар кој го има во стопанството, каков таков и тој да учествува во таа работа, а не само агенцијата.

Примерите кои ги имам по одредени членови, нема да ги истакнувам., само ќе ми дозволите за членот 1, не мислам амандмански сега да дискутирам, туку по мене е тој нејасен, пак би го молел предлагачот да се произнесе, односно да дефинира што подразбира. Вели овој закон не се однесува на природното богатство, растителниот и животинскиот свет, добрата во општествена употреба. Јас бидејќи почекувам од бранша, која користи природни богатства, сакам да бидам на јасно што мисли предлагачот. Ако предлагачот смета дека природното богатство само по себе, како суровина, не може да приватизира, јас со него се согласувам, бидејќи тоа е национално благо. А ако предлагачот смета дека технологијата, опремата, зградите, организациите и тоа не може да се трансформира јас сметам дека е во голема заблуда. Лично на мене и на луѓето кои работат во тие организации, тоа повеќе би им одговарало, бидејќи на таков основ би дошле под некаков државен чадор и биле државна фирма и како така на некој начин мора да живеат. Но ако го погледнеме светското искуство нема случаи во Америка во Канада, во Германија и секаде дека тоа. не е така. Според тоа, овде за мене е нејасно. Јас како го читам, ако се прочита членот 4, тогаш тоа јас што мислам е така, дозволена е трансформацијата на тој дел што значи технологија и

организација. Но во излагањето на господинот Миљовски, или некои други излагачи често пати стоеше дилема ова или она, Ние мораме да знаеме, нека се декларира Владата што се смета со овој закон. Што сметаат дека ќе

XI/6

оди, каде ќе оди со трансформацијата, да знаеме на што сме, а лично велам, бидејќи овде доста се злоупотребува тоа, некои од дискутантите од личен интерес гледаат, организациите и браншата во јас работам немаат • извршено досега трансформација, затоа што овие дилеми секогаш стоеле и според тоа можам да речам дека нам можеби би ни одговарало да остане да бидеме државни фирми. Јас во почетокот во овој состав на овој парламент на другата влада само поставив едно пратеничко прашање. Тогаш прашањето гласеше отприлика да ми одговорат дали по законот, па и досегашниот што го суспендиравме е можна трансформација на рудниците. Јас образложував отприлика мое видување, кои се страхувањата, а кои се поволностите. Добив одговор од тогашната влада дека моите гледања се доста застарени и дека треба овие организации да одат во трансформација. Мислам дека овие предлагачи мислат нешто друго. Сакам предлагачот да се дефинира за да можеме пред луѓето таму каде што работиме да го знаеме ставот и да се изјасниме отприлика по мислењето.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, оправдано денешната расправа побуди голем интерес кај сите пратеници, што на одреден начин се надоврзува на веќе обавените широки расправи во Републиката како меѓу стручните здруженија и организации, така и во политичките партии во Републиката. Дотолку повеќе што со овој закон, за кој денеска расправаме, се отвораат порадикални процеси, меѓусебно

условени во правец ка приватизација на општествениот капитал, едно време и со трансформација на општествените претпријатија кои треба да овозможат поголема ефикасност во стопанисувањето. и спроведувањето на



општествената репродукција во целина.

Всушност донесувањето на овој закон е од огромно влијание врз вкупните односи во општеството, посебно во доменот на стопанисувањето, меѓутоа, пошироко земено, всушност со законот се создаваат и трајни основи за изградба на новиот стопански систем и негово преструктуирање во нашата република. Оттаму е значајот и интересот кај граѓаните и кај сите субјекти, кои што делуваат на овој план, да дадат сопствен придонес во неговото конечно обликување, а со тоа и обезбедување на стабилни услови за итниот натамошен развој.

Говорејќи од името на социјалистичката партија на Македонија и пратеничката група би сакал да кажам дека нашата партија беше организатор на повеќе расправи и стручни дискусии во Републиката и во таа смисла, посебно резиме достави до Собранието и до предлагачите на овој закон и се надевам дека сериозните сугестии и забелешки и предлози што беа дадени по овој материјал ќе бидат земени предвид при конечното обликување.

Оттаму во својата дискусија, би се задржал само на неколку начелни забелешки и сугестии, кои лично сакам да ги истакнам, како и на некои конкретни, кои посебно заслужуваат внимание.

Имено, прво и основно е, доколку навистина сакаме да создадеме поефикасна економија што ќе врши рационална локација на расположливите ресурси во насока на нивно најпродуктивно искористување, подобрување на организацијата и процесите на

уфрлувањето во стопанството и слично, неопходно е целосно да се поддржи овој процес на приватизацијата и тој во наредниот период да се интензивира. Оттаму, моја лична оценка е дека е направен сериозен обид

XI/8

во овој предлог да се вградат позитивните искуства за приватизацијата на капиталот, како стекнати во западните земји, така и во источните земји во кој е започнат овој процес. Меѓутоа веројатно би направиле нови заблуди доколку јасно не го дефинираме самиот закон дека овој закон всушност претставува преоден закон, со оглед дека се работи за еден долг процес, како што беше веќе кажано, односно дека приватизацијата, не е годишна или двогодишна работа, туку пред се, една генерациска работа, која во еден закон не може да се^опфати. Затоа, предложениот закон треба да се сфати, по мое мислење, само како еден чекор, кој понатаму ќе се менува и доградува со друг и во тие рамки ќе се одвива живиот процес на приватизацијата. Веднаш би сакал како прво и основно да се определам. Никој не може, мислам дека ниту предлагачот на тоа инсистираше,да тврди дека се понудени најдобри решенија. Едноставно досегашната теорија и практика не познава такво решение. Сеуште стотина експерти, стручни и научни, од сите земји на источна Европа такво решение не понудиле, ниту такво решение е потврдено од било чие искуство на развиените земји во светот. Затоа е добро, ако дојдеме до прифатливо решение за приватизацијата на овие простори, според овие услови и нашите реални околности. Лично сум убеден дека спротивставените интереси на учесниците во овој процес во подолг период ќе репродуцираат многу проблеми, нема да биде ни лесно, ни едноставно, а се плашам нема да биде ни многу правично. Лично се сомневам дека сме блиску до прифатливите решенија. Да бидам експлицитен. Дали овој закон за приватизација со оправдано нагласување на мотивот за пораст па

ефикасноста и профитибилноста води кон создаваше на еднакви услови на сите за да се вклучат во борбата за тој мотив. Лично се сомневам во тоа.

XI/9

Веднаш би сакал да го искажам својот вредносен став. Приватизацијата мора да тече. Но не смее како продукт неоправдано богатење и претоварање на општествениот капитал во приватни раце, преку нерегуларни канали или нејзино трансформираше во државен капитал, за кој повеќе другари зборуваа.

Второ, се чини дека со предложениот текст на законот не е докрај и во целина разработена стратегијата на приватизацијата на општествениот капитал ниту пак докрај е оформена прифатлива нормативна институционална рамка на управувањето на овој процес.

Трето, се поставува прашање на примената на овој закон, доколку паралелно со неговото донесување не бидат донесени и бројни други закони и прописи од областа на даночниот систем, законот за странски вложувања, законот за концесија, законот за пресметковниот систем, законот за претпријатијата, законот за економско- финансиската ревизија и други прописи со кои се регулираат основите на стопанскиот систем на Републиката.

Четврто, од овие мои начелни забелешки, а мислам дека една од клучните е, добар дел од пратениците тоа го апострофираат, прашањето на реалниот домен на приватизацијата којшто овој закон го обезбедува. Веќе беше кажано дека одделни проценки кој што во стручните здруженија и анализи се направени е дадена реална проценка по пресметковна вредност дека денешниот општествен капитал изнесува околу 2 милијарди долари.

Со оглед дека пресметковната вредност бидејќи реалната е далеку поголема, како што беше веќе искажано дека со свој закон со член 4, во приватизацијата се ставаат 55,4% од вредноста на овој капитал, останува

XI/10

да се приватизира некаде околу 43,6%, или ако се одбие досегашната приватизација на општествениот капитал, како што некаде се искажа некаде околу 35% од општествениот капитал.

Оттука, за мене се поставува прашањето, дали е овој модел којшто џ избран не е доволно рестриктивен и во почетокот на приватизацијата на општествениот капитал којшто е регулиран со член 4 од овој закон и дали во приватизацијата на претпријатијата а поготово оние што нема да се приватизираат во овој почетен период не може да се приватизира и инвестиционите кликрично трговските или инфраструктурните вложувања во тие претпријатија. Оттаму, ценам дека, поаѓајќи од основниот пристап дека приватизацијата ќе биде во еден подолг континуитет, сепак и во почетокот треба да се обезбеди пошироко отворање на просторите на приватизацијата. Од конкретните свои забелешки би се осврнал уште на неколку. Тоа е основно прашање кое што се поставува. Да се дефинира дали е јасно дефинирано местото и улогата и во кој домен на државата е приватизацијата на општествениот капитал. Некои тврдат дека токму напротив законот треба да послужи за јасно диференцирање на функцијата на државата од стопанството и дека токму законот е во функција на приватизација на општествениот капитал.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Ова е само податок дека е мал бројот, 20 до 30% ќе остане на реприватизирање во првата фаза, од една страна, а од друга страна и самите решенија што се нудат. во законот зборуваат за создавање на голема државна сопственост, а со тоа и јакнење на државната огромна моќ и концентрација на власта. При тоа, ако се има предвид застарениот техничко- технолошки потенцијал на стопанството, кој не е атрактивен да го купат странските инвеститори и кредитори, а извршената поделба на населението преку полперизацијата создаде различни слоеви со различна куповна моќ која не може да го апсорбира понудениот општествен капитал.

Од друга страна веќе започнатиот процес на приватизација преку сојузниот закон за општествениот капитал го побуди интересот на работниците кои веќе го стекнаа со одредено знаење и практично го почувствуваа плодот на капиталот дивиденда. Така што стекнатите права имотот ќе може многу тешко да бидат намалени, одземени а да не се предизвикаат големи социјални потреси. Самиот факт што за тој дел од доходот овде не е направен обид да се идентификува претпоставувам дека меѓу работниците ќе има големи реакции.

Од друга страна во член 8 на Законот е предвидено идентификување на државниот капитал што не е чисто државен бидејќи е обезбеден со издвојување на дел од доходот на стопанството, па сега државата не би можела да се јави како сопственик на тој капитал. Тогаш веќе се создаваат бројни проблеми во идентификацијата на секој денар вложен преку разни фондови во различни временски периоди, ефектот ќе биде мал, а ќе го доведе во прашање целокупниот процес на приватизацијата со оглед дека многу стопански субјекти како партнер со удели ќе се јави државата што ќе

создава,проблеми и кај другите иматели на удели и акции во однос на местото и улогата на државата во управувањето на сите стопански субјекти.

XII/2

Всушност на секој купувач и иден носител на сопственоста на општествениот капитал факт е дека сосопственик ќе му биде државата, скоро во секое претпријатие што мислам дека негативно може да влијае врз вкупниот процес на приватизацијата.

Трето, неопходноста би ја потенцирал посебно од обезбедување на континуитет во приватизацијата помеѓу сојузниот и продолжениот закон што се заметнува само по себе бидејќи во прашање се исти процеси и иста филозофија. Исто така уредба да се обезбеди континуитет бидејќи работници во претпријатијата беа убедувани и веќе се чувствуваат како сопственици на капиталот. Сега доколку таа приватизација во овој период е вршена согласно позитивните прописи на сојузниот закон.

Четврто, мислам она што посебно треба да се нагласи, се наметнува прашањето дали со овој закон не се врши национализација на општествениот имот. Ова произлегува оттаму што доминираат решенија со кои се одредува контролата на државата преку значајната контрола и одлучувачка улога на агенцијата за приватизација која добила улога на пасивен сопственик а со доминантно право врз одлучувањето, врз изборот на моделот на приватизацијата со што ќе се руши повеќе години вградената самостојност во работењето на претпријатијата и ќе врши потиснување на слободата на изборот на моделот на трансформацијата на секое претпријатие.

Исто така агенцијата за приватизација е замислена да биде стручна организација согласно надлежностите што се предложени во законот и кој ќе влијаат директно на брзината на одвивањето на приватизацијата.

Петто, посебно би сакал да посочам, бидејќи веќе беше од одделни аспекти нагласено, продолжените решенија што се однесуваат на член 44 и



55 со кој се овозможува управувачките права на претпријатие да ги стекнат лица кои ќе прифатат да го управуваат и раководат претпријатието ако уплатат, откупат најмалку 20% односно 10% од вредноста на издадените акции што може да доведе до оформување на доминантен сопственик со цел да се изврши елиминација на претпријатието заради интересот на конкуренцијата од земјата и од странство. Секој стран капитал ќе жртвува 10% од вредноста на ОХИС за да го затвори ОХИС доколку му претставува силна конкуренција на странскиот пазар. €

Исто така ова решение ќе наметне раководните екипи во претпријатијата, она што и господинот Иванов говореше да го обезбедуваат за себе ова право со што многу малку би се водело сметка за основната идеја на Законот, постигнување на поголема ефикасност.

Шесто, за остварување на приватизацијата во Република Македонија од големо значење е преодниот период односно да се обезбеди континуитет со отпочнатиот процес на приватизацијата, особено ако тоа било сторено на легален начин. Со тоа не би се определиле стекнатите права на субјектите што беа присутни во овој процес.

На крајот посебно сакам да нагласам од конкретните прашања.

Било какви мерки и модел да се избере доколку паралелно со овој модел и закон Владата на Република Македонија не подготви и понуди во Републиката комплексна социјална програма со стабилни извори на средства за санираше на проблемите на невработените ќе предизвика посебна трансформација на општествениот капитал било да се успорува или биде доведен целосно во прашање. Не говорам само за бројните работници што ќе останат како технолошки вишок во процесот на

приватизацијата, туку на армијата млади луѓе кои што денес во Републиката со години веќе чекаат на прво сопствено вработување. Не верува дека во почетниот процес на приватизација било каков простор, нов



ќе се направи за ново вработување. Напротив ќе биде само се поголема редукција на вработени.

Намерно не се задржав на други прашања што се изнесени во резимето што го понудивме од нашето име како партија, а кое се дереприизира на повеќе расправи и стручни дискусии, кои настојуваме да бидат натпартиски и стручни и во кои учествуваат и пратеници од сите партии на овој Парламент. Меѓутоа само ќе ги набројам тие прашања.

Прашањето на поделбата на претпријатијата на мали средни и големи во која мера тоа ќе дестимулира на изборот на моделот и иницијативноста на самите претпријатија . Во изборот на најпогодниот модел за трансформација на општествениот капитал

Прашањето на правичноста, за кое што овде доста се говореше, потоа можноста за девизните штедачи да учествуваат во процесот на приватизацијата, третманот на правата на државата, создавање на претходни пазарни услови во функција на остварување на овој процес што се заедно мислам дека треба да се има предвид при конечното обликување на овој закон.

Во таа смисла би ги поддржал и сите искажувања што беа искажани и во расправите од страна на стручните и научни здруженија на организации во Републиката и во смисла да бидат земени во предвид во неговото конечно обликување и да се овозможи еден поширок простор во редовна процедура овој закон што побрзо да го донесеме.

**ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:**

(ПРИЛОГ)

Господине Претседателе, почитувани господа пратеници.

Пред нас е поставена една огромна задача и одговорност да донесеме закон со револуционерен карактер и од судбинско значење за опстанокот на економското, социјалното и политичкото живеење ва нашата млада, независна и суверена македонска држава.

Не претерувам ако кажам дека овој закон по своето значење и содржина е исто толку важен како и Уставот на нашата држава.

Овој закон го донесуваме во моментот кога нашата држава се судрува со следните проблеми:

1) длабока економска криза,

2) енормна инфлација

3) загрозена социјална егзистенција на огромен број граѓани,

4) длабока политичка криза,

5) загрозен опстанок на нашата држава.

Пред да се осврнам на содржината на предложениот Закон, ќе се задржам на општествената и државна сопственост кои се темел на сегашното наше политичко, економско и социјално уредување и живеење.

По ослободувањето, по револуционерен пат, односно со национализација, конфискација и експропријација, приватната сопственост ја трансформиравме во државна, а подоцна во општествена сопственост.

Приватната сопственост ја прогласивме за непријател бр.1 во нашето општество.

На темелите на државната и општествената сопственост изградивме социјалистичко општество, односно економски и политички систем во кој доминираше монополот на сопственоста, размислувањето и управувањето.

На темелите на државната и општествената сопственост го воведовме самоуправувањето.

на работниците, наградување според вложениот труд.

За заштита на општествената сопственост и управувањето со истата, како и во борба против приватната сопственост изградивме огромен број на институции кои се темелеа ва нашето економско, политичко и социјално уредување на нашата држава.

1) Сите општествено политички заедници, република, град, општина , имаа за цел да штитат и развиваат општествена сопственост.

2) Создадовме секретаријат за внатрешни работи да ја штити општествената сопственост.

3) Создадовме правосудство за заштита на општествената сопственост.

4) Создадовме Служба за општествено книговодство за да ја заштити општествената сопственост.

5) Создадовме банкарски систем и банки за заштита и развој на општествената сопственост.

6) Создадовме образовен систем за заштита на општествената сопственост. Уште во детските градинки децата ги учевме за самоуправувањето и општествената сопственост.

7) Создадовме информационен систем во служба на општествената сопственост.

Општествената сопственост заедно со сите предни нејзини институции требаше да обезбедат економски и социјален просперитет.

Меѓутоа, што се случи:

Под закрилјата на сите горни институции на општествената сопственост, се изврши:

1) ерозија на посугестивната сопственост (вили, куќи, станови),

2) бирократизација на општеството,

3) раслојување на општеството на богати и сиромаци,

4) привилегии,

5) доведување на работникот на просјачки стап,

Неспособноста на општествената сопственост и на нејзините институции, се огледа преку честите реформи кои се правеа и прават, а не дадоа, ниту ќе дадат резултати.

Според тоа, општествената сопственост и горните институции кои се изградени врз основа на истата, се главна и основна причина за длабоката економска, политичка и социјална криза во која се наоѓа нашата млада македонска држава.

Со напред изнесеното сакав да укажам на причините за донесување ка Закон за трансформација на општествената сопственост, како и огромната важност за идното економско, политичко и социјално утврдување на нашата држава.

2) Сопственички концепт и видови на сопственост

Ако веќе се согласуваме дека општествената сопственост ќе мора да ја напуштиме, са поставува централното прашање во кој вид односно видови на сопственост таа треба да се трансформира? Во приватна или државна сопственост? И во приватна и во државна? Колку во приватна и колку во државна? Колку време ќе одредиме за трансформација на општествената сопственост?

Пред да го донесеме Законот, ние треба да изградиме сопственички концепт за идното наше уредување.

Нашата партија, со својата програма се определи за сопственички концепт во кој доминира приватната сопственост, односно приватната сопственост да учествува 75%, а државната 25% во вкупната структура ка сопственоста во Македонија. Односно нашата програмска определба беше создавање на независна, суверена и самостојна македонска држава и трансформација на општествената сопственост во приватна.

И во програмите ка другите партии е предвидена приватизација, но јас мислам дека тие партии се за доминирање на општествената односно државна сопственост, затоа и се нарекуваат "леви".

Ако се договориме за идната сопственичка структура, во тој случај може полесно да го донесеме Законот, во спротивно ќе биде многу тешко. Затоа, денес партите во парламентот да постигнат консензус за идната сопственичка структура.

3) Концепт за управувањето

Иако сопственоста го одредува концептот на управувањето со стопанството. Во светот доминираат две концепции и тоа

1) централистичка кибернетско управување,

2) Менаџмент.

Централистичко- кибернетско управување беше присутно во социјалистичките земји на источна Европа.

Тоа во суштина го занемаруваше човекот, односно работникот. Неговата филозофија беше следна: во центарот на ниво на република се формираат експерти и тие заедно со компјутерите управуваат со

стопанството. Субјектите на стопанисувањето, односно претпријатијата треба само да слушаат и да ги извршуваат наредбите а се ќе биде в ред,

Практиката на источните земји покажа дека овој концепт е лошо минато.

Менаџментот кој се применува на Запад во услови на доминација на приватната сопственост, поаѓа од два елемента:

1) профитот како критериум за успешноста ма раководењето и управувањето (менаџерот),
2) мотивација на човекот за успешно работење.

Пред да го донесеме Законот, и за овие концепти на управување треба да се договориме,

Нашата партија е за менаџмент во управуваа>ето со доминација на приватната сопственост, односно нашата партија е за полна слобода во стопанисувањето на претпријатијата, односно експертите да бидат лоцирани во претпријатијата, а не надвор од нив.

4. <u>Дефиниција на јавната и државна сопственост</u>

Со Уставот се предвидени јавна и државна сопственост.

Многу важно е пред да го донесеме Законот јасно да определиме што е тоа јавна сопственост и колку изнесува таа во Републиката и што е тоа државна сопственост и колку изнесува таа во Републиката.

Без јасно дефинирање на тие два вида сопственост, тешко и на треба да донесуваме Закон за приватизација.

5) <u>Дали треба да ги почитуваме прописите односно да бидеме правна држава</u>

Во Македонија процесот на трансформација почна по прописите на Законот за општествениот капитал, и Законот за исплата на личките доходи.

Централно прашање и дали ако едно претпријатие врз основа на доследна примена на овие приписи издало акции и удели кои се платени, а сега ги укинеме, нели е тоа национализација.

Ние сме за почитување на прописите. Ако тоа не го почитуваме, тогаш кој ќе ни верува сега нас, на владата и на ова собрание дека утре ние или некоја нова влада и Собрание нема да го почитува тоа што ќе го донесеме, па ќе се врати назад.

Затоа, почнувањето на прописите  начело кое ја краси стабилноста на една држава,

6. Проект и програма за трансформација на општествената сопственост

За да донесеме квалитетен Закон, односно за да можеме да учествуваме во расправа на истиот, предлагачот требаше да изготви програма за трансформација на општествената сопственост во републиката или барем да ги даде следните податоци

1. Колку изнесува општествениот капитал во Македонија?
2. Колку изнесува државниот капитал?
3. Колку изнесува приватниот капитал?
^ 4. Колку изнесува акционерскиот капитал?
5. Колку ќе се трансформира општествен капитал во државен  или приватен со предложениот Закон?

7. Кој ќе врши контрола на трансформацијата

Прашањето на контролата на трансформацијата е суштествено прашање.

Таа контрола треба да се даде на агенцијата и на другите стручни организации и лица кои таа ќе ги овласти за таа контрола.

Што се однесува до Службата за општествено книговодство, таа е институција на општествена сопственост, со трансформацијата на таа сопственост таа треба да се укине

Таа беше создадена да ја штити општествената сопственост и сведоци сме колку заштити, затоа таа треба да биде исклучена од таа контрола, посебно што таа веќе и не е предвидена со Уставот на Македонија.

Со други зборови, оние кои учествуваа во процесот на досегашната трансформација (Агенцијата, фондот за развој на СОК) треба да бидат исклучени од контрола на истата, бидејќи сами себе би са контролирале, односно би ја контролирале својата контрола, а тоа е апсурд.

Во прилог на ова наша констатација е мислењето на Владата дека се направени големи ќе правилности во трансформацијата а контрола над тие прописи вршеше токму СОК и Агенцијата.

8. Содржина и основни карактеристики на предложениот Закон

8.1. Мотив и причини за донесување на овој Закон



Предлагачот што образложението и причините поради кои го предлага овој Закон, утврдува дека длабоката економска, политичка и социјална положба во која се наоѓа нашата земја се последица на монополот на општествената и државна сопственост, па затоа по овој Закон се предлага трансформација на општествената сопственост во други видови на сопственост.

Од ова произлегува дека предлагачот нема или ме сака да се изјасни во кои видови на сопственост треба да се трансформира општествената сопственост. Во задружна сигурно не. Значи, во државна и приватна, ако се знае дека државната и општествената сопственост се иста сопственост и ако знаеме какви се искуствата во државната сопственост на Исток, таа е полоша од општествената, во тој случај ако општествената сопственост не се трансформира во најголем дел во приватна, во тој случај не треба и да го донесуваме овој Закон.

Според нашето мислење, а тоа произлегува од содржината на предложениот Закон, општествената сопственост се трансформира во државна сопственост за отплата на долговите на Републиката, па според тоа ќе градиме државен социјализам од типот на оној ка Исток, кој веќе пропадна.

8 2. Основи врз кои се предлага овој закон

Во бивша Југославија, а тоа значи и во нашата Република, процесот на трансформација почна со Законот за општествениот капитал. Тој процес почна во сите републики, за да во Хрватска, Србија и Словенија, да се запре и продолжи со нивните републички закони, а кај нас продолжи по Сојузниот закон, а Владата на Македонија да го суспендира овој Закон со Одлука, а дозволи да се применува вториот Закон за приватизација а тоа е Законот за лични дохода а кој според мислењето на истата кај контроверзно и треба да се суспендира ретроактивно.

Владата како предлагач на овој Закон фрла дрвја и камења врз прописите врз основа на кои е спроведена досегашната трансформација во Македонија.

Нам не ни е јасно дали Владата има аргументи за тоа, или пак тоа го прави без такви аргументи. Еве зошто?

Ако Владата има аргументи дека се кршени прописите за трансформација, таа требаше врз основа на постоечкките прописи, да интервенира односно незаконитостите да ги отклони. Нам, колку што ни е

познато, таков случај во праксата немаше..

Ако пак Владата нема аргументи за тоа тогаш таа создава атмосфера за недоверба ка процесот ва приватизацијата, како за овој кој досега са одвивате, така и за процесот предвиден со новиот Закон.

Ева зошто ако Владата, ва СОК и на надлежните судови им дозволија колку незаконитости во процесот на приватизација, а тие се надлежни за контрола на тој процес, а тоа значи се основни кривици за тие незаконитости, а ако истите тие останат понатаму надлежни за контрола по новиот Закон, нема ли да се повтори истото . Сигурно да, бидејќи се работи за исти субјекти.

Новиот Закон се темели на искуствата и моделите на приватизација во Македонија, Хрватска в Србија, а се темели и на моделите на Законот за општествен капитал.

Новиот Закон ги прифати сите модели за трансформација кои постоеја со Сојузниот Закон, како и моделите за трансформација во Хрватска и Србија, но со извесни корекции и пополненија на тие модели низ кои може лесно да се види мислењето на Владата за приватизацијата.

Во тие модели, (Хрватска, Србија и Законот за општествен капитал) се поаѓа од правилото дека работниците во претпријатиeто се создавачи на општествениот капитал. Па затоа и се предвидува на дел од тој капитал
1) да имаат првенство на купување
2) со попуст
3) со можност за отплаќа на рати.

Во предлогот на Законот такви можности не постојат, односно нема предимство, нема попуст, нема отплата на рати.

Во моделите на другите републики се утврдени правилата на трансформацијата, а контролата за примена на тие правила е препуштена на струката односно агенцијата и другите стручни организации и лица што таа ќе ги овласти.

Нашата Влада изгледа не верува на правилата на игра, па иако дел од истите пропишува, таа верува сама на себе, па целиот процес слоро го врши таа, односно преку органите кои таа ги основа и контролира.

И за разлика од тие модели, Владата Агенцијата како збир на експерти ја претвора во државно претпријатие и општествениот капитал го пренесува во таа Агенција - претпријатие на управување и користење.

Според тоа Владата е застапник на државната сопственост преку Формирање на државно претпријатие агенција, а тоа значи дека е за трансформација , но не и за приватизација.

Оттука, Владата повеќе му верува на централистичкото управување отколку на менаџментот.

8.3. Назив на Законот

Основни причини за донесување на предложениот Закон е трансформација на општествената сопственост во други видови на сопственост, а не облиците на стопанисувањето односно видовите на претпријатијата.

Видовите на претпријатија (акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност, холдинг претпријатија) се утврдени во Законот за претпријатија, а тие може да бидат во општествена, мешовита и приватна сопственост.

Според тоа, тој Закон треба да се занимава со трансформацијата на општествената сопственост, затоа и треба да носи назив "Закон за трансформација на општествената сопственост", а ќе како што предложено.

Овој нов назив на Законот му дава сосема друго политички, економско, социјално обележје на овој Закон што тоа к го заслужува.

Ако ги добие овој назив Законот, во тој случај ќе отпаднат многу одредби во Законот кои се занимаваат со формите и облиците на стопанисувањето, а кои го објаснуваат Законот и ги прават нејасен и сложен.

8.4. Видови на сопственост во која се трансформира општествената сопственост.

Законот во член 1 се определува општествената сопственост да се трансформира во државна, приватна и задружна сопственост.

Општествената сопственост во приватна се трансформира само со купување и плаќање.

Ако се знае кои се материјалните можности на нашето население и работници, тешко може да се оствари претворање ка општествената сопственост во приватна.

Претворањето на општествената сопственост во државна се врши без надомест, а тоа значи дека прекуноќ таа сопственост ќе се претвори во државна и тоа без свежи пари а кои толку многу ни недостигаат.



Оттука, со овие решенија тешко може да се каже дека се работи за Закон за приватизација.

8.5. Која општествена сопственост се трансформира

Причини за донесување на овој Закон е трансформација на општествената сопственост во приватна, државна и задружна.

Според тоа, не требало целата општествана сопственост да се трансформира.

Меѓутоа, Законот са определува да се изврши трансформација оаш ва дел од општествената сопственост.

Делот на општествената сопственост што треба да се трансформира, предлог Законот не го утврдува директно, туку индиректно преку утврдување на делот на општествената сопственост што не се трансформира (член 4).

Не се трансформира општествената сопственост во претпријатија на железничкиот и 07? сообраќај, одржувања на патишта, електростопанство, шумските претпријатија, претпријатијата од водостопанството, земјоделските претпријатија и задруги, комуналните претпријатија, јавните претпријатија, установите од општествените дејности, претпријатијата со монополска положба, банките и другите финансиски организации и организациите на осигурување.

Ако се има во предвид дека кај овие претпријатија и установи е лоцирана кад 65% од општествената сопственост, уште на почетокот поголемиот дел на општествената сопственост ќе остане нетрансформиран

Ако на кој дел се додаде општествената сопственост на претпријатијата кои работеле со загуба (член 5), а такви ги има многу, а кај тие претпријатија е лоцирана повеќе од 10% од општествената сопственост, делот од општествената сопственост што не може да се трансформира според одредбите на овој Закон се зголемува ка 75%.

Значи, според одредбите на овој Закон ќе се трансформира само 25% од општествената сопственост.

Со оглед на тоа што со решенијата на овој Закон, дел од општествената сопственост која се трансформира ќе се иззема државната сопственост, дел од сопственоста што се отстапува на фондот за пензиско и инвалидско осигурувала, во тој случај делот од 25% од општествената сопственост што треба да се трансформира се намалува.

Ако се земе предвид материјалната положба на нашето население, односно работник со 50Дм. плата, тешко е овој остаток од општествената сопственост да се купи.



Според тоа, и покрај најоптимистички прогнози, само 10-151 од општествената сопственост може да се трансформира по приватна, факт што заслужува поголемо внимание.

Ако се појде од тоа дека 85% од постоечката општествена сопственост нема да се трансформира, туку остане иста или ќе се трансформира во државна, со аргументи може да заклучиме дека сакаме да го задржиме старото општествено, политичко, економско и социјално уредување на нашата држава која не доведе до длабока економска, политичка и социјална криза, го загрозува опстанокот на работникот и населението, а са тоа и опстанокот на нашата мпада македонска држава.

8.6. Поделба на претпријатија на мали, средни и големи

Во Закон се предлага да се изврши поделба на претпријатија на големи, средни и мали претпријатија и според големината на претпријатието се пропишува посебна трансформација. ул. општествената сопственост.

Таквата поделба на претпријатијата е ирелевантна и непотребна од аспект на трансформацијата на општествената сопственост затоа што општествената сопственост е иста и кај големите, средните и малите претпријатија и е погрешно да се прави разлика.

Поделбата на претпријатијата на големи и мали е земена од Законот за сметководство што е погрешно. Еве зошто:

Поделбата на претпријатијата на големи средни и мали во Законот за сметководство е извршена заради начинот на водење на книговодство и извештаите што треба да са достават до надлежните органи.

Ако сакате веќе некоја поделба, заради разлики по стапки на трансформацијата, тогаш, критериум за таквата поделба мора да биде големината на сопственоста.

Па би можеле да кажеме, за претпријатијата кај кои општествената сопственост изнесува до, на пример, 180 000 ДМ, ќе пропишеме една постапка за трансформацијата и за останатите претпријатија други постапки за трансформацијата на општествената сопственост.

Во прилог на оваа каша констатација оди фактот што во пракса имаме претпријатија со голема општествена сопственост и капитал и големи претпријатија со мала општествена сопственост.

8.7. Постапка на трансформацијата

Со предлог Законот (член 12, 13, 14, 15, 16, и 17) е пропишана постапка за трансформацијата на општествената сопственост.



Таа постапка е многу сложена и тешко остварлива и сигурно го запира процесот на трансформацијата.

Прво, Службата за општествено книговодство врши две контроли и тоа една за трансформација по стариот Закон и друга ревизија на 1969, 1990 и 1991 година.

Ако са имаат во предвид самите определби во Законот дека проценка на општествениот капитал е основа за трансформацијата, а таа проценка треба да се изврши пред почетокот на трансформацијата и истата треба да се изврши од стручни организации а лица овластени од Агенцијата, а во таа проценка се опфаќа дотогашното работење на претпријатието, ќе има потреба покрај оваа проценка, и Службата за општествено книговодство да прави две контроли, бидејќи тие немаат смисла.

СОК редовно врши контрола на работењето на претпријатието, па нема потреба од ново контролирање кое ќе го запре процесот, а со таа контрола не се добива ништо.

Постапката е усложнета непотребно преку тоа што (член 15) се дадени два степени на одлучување и тоа Агенцијата и надлежното Министерство.

Правилно би било да одлучува Агенцијата, бидејќи таа за тоа и се Формира, а не надлежното Министерство.

8.8. Пренос на акциите на фондот за пензиско и инвалидско осигурување

Со предлог Законот (член 18) е производ^ко 15% од акциите односно уделите бесплатно да се пренесат на Фондот за пензиско и инвалидско осигуруван»е.

Овој процент е висок а тоа е повторно оптоварување на стопанството.

8.9. Искажување на акциите и уделите

Мислиме дека акциите и уделите треба да се изразуваат во денари домашна валута а не во ДМ.

8.10. На кого му припаѓаат средствата од трансформацијата на општествената сопственост

Според одредбите од членот 21 од предлог законот, средствата од продажбата на претпријатијата и припаѓаат на Републиката, а се уплаќаат во Агенцијата



Иако предлагачот така ги формулира одредбите во Законот, тие средства и припаѓаат на Агенцијата која се формира како огромно државно претпријатие.

Средствата би биле на Републиката ако за тие средства се формира посебен републички фонд, односно фонд за развој.

Давањето на акциите на име на Агенцијата значи одредување на Агенцијата како сопственик на продаденото претпријатие, што би била огромна грешка.

8.11. Модели на трансформација (член 32 до 68)

Во начело го прифаќаме сите предложени модели на трансформација со следните измени и дополненија:

1) претпријатијата да не се делат на големи, средни и мали според критериумите на Законот за сметководство, бидејќи таквата поделба а ирелевантна за трансформацијата на општествената сопственост.

2) ако се врши поделба, во тој случај, критериум да биде големината на општествениот капитал, затоа што во праксата имаме мали претпријатија со голем капитал и средни претпријатија со помал општествен капитал.

Ако се врши некоја поделба во тој случај за претпријатијата до 200.000 ДМ општествен капитал, да се предвиди една постапка за трансформација со тоа што тие би имале скратена постапка за трансформација и другите претпријатија со над 200.000 општествен капитал друга постапка.

3) На дел од општествениот капитал вработените на имаат право на предимство при купувањето, а тој да изнесува најмногу 50% од општествениот капитал.

4) Купувачите да имаа право на попуст и тоа 15% и плус 1% за секоја година на стаж по претпријатието или најмногу 55%.

5) Купените акции од вработените да можат да се плаќаат во рати со рок не подолг од две години.

6) Директорот на претпријатието да може да купи најмногу 10% од вредноста на акциите односно уделите.

7) Средствата од продажбата на претпријатието да се уплатат во фондот за развој.

8) Средствата од продажба на акции и удели за прибирање на №№ додатен капитал да се уплаќаат во претпријатието.

9) Да се ограничи износот на акциите што ќе се издаваат со попуст до 50% од општествениот капитал.



10) Да  не се ограничува преносот ва акциите е уделите што се издаваат беа попуст.

11) Да не учествува Агенцијата во управуван>ето со претпријатието.

8.12. <u>Агенција за трансформација на претпријатието</u>

Нив сме за формирање на Агенција за трансформација како стручна организација под чија стручна контрола и помош ќе се врши трансформацијата на општествената сопственост.

Таа Агенција треба да биде независна стручна организација, а извештаи за своето работење треба да и поднесува на Владата.

Дејноста и организацијата на таа Агенција треба да се регулира со Статут на таа организација на кој согласност дава Владата

Агенцијата во принцип не бара голема и гломазна организација. Финансирање на Агенцијата треба да го вршат претпријатијата кои вршат трансформација ка општествената сопственост.

Според тоа, Агенцијата не треба да се формира како државно претпријатие не кое ќе му припаѓаат сите средства, акции и удели од трансформацијата на општествената сопственост. Во таков случај Агенцијата како претпријатие би стекнала огромен капитал како и ингеренции да управува со целото стопанство на Македонија.

Средствата и управувањето со средствата што ќе се создадат со трансформацијата, треба да му припаѓаат на фондот за развој како фонд на Републиката.

Според тоа, за прибирање и управување со средствата од трансформацијата треба да се формира посебен републички фонд за развој, а тоа е суштинско прашање, бидејќи постои голема разлика помеѓу фонд и претпријатие.

Фондот може да работи по прописи кои ќе бидат одредени со овој закон, додека претпријатието ќе работи според прописите за претпријатието.

Ако се формира Агенцијата како претпријатие и ако средствата за трансформација и припаднат на неа, тогаш тие средства можат да добијат карактер на државна сопственост со што целата општествена сопственост би се претворила во државна.

Преодни и завршни одредби

Во појдовните основи за донесувањето на овој Закон, предлагачот

сака да го одржи континуитетот на трансформацијата на општествената сопственост во нашата држава.

Во Македонија е вршена трансформација на општествената сопственост по Законот за општествениот капитал и Законот за личниот дохода.

Секоја држава, па и ватата треба да ги почитува законите кои во одреден период ги применувала.

Ако тоа ве го правиме, во тој случај создавам огромна недоверба спрема легално донесените закони и легално избраните тела кои ги донесуваат тие закони.

Ако не постапиме така, се поставува прашањето кој акционер или вложувач ќе ни верува дали истата таа Влада или Собрание со друг закон нема да прогласат дека тие акции и удели односно сопственоста е незаконски стекната, и им се одзема, тоа е нонсенс за една правна држава.

Треба да побараме од агенцијата, и тоа од новата да изврши контрола на спроведената трансформација според старите прописи односно дали таа е извршена согласно тие прописи, и ако таа е извршена во согласност со нив, тогаш истата треба да се признае и прифати како легална.

Во врска со трансформацијата извршена според старите закони, таму каде што не е вршена проценка, треба принципиелно да се определиле, ревалоризацијата на неотплатените акции и удели да го зголеми општествениот капитал, а на неотплатените акции, со што општествениот капитал ќе се сведе на неговата пазарна вредност, тоа ќе би било во спротивност со старите прописи

Исто така, голема грешка и непочитување на стекнатите права на работниците ќе направиме ако не ги признаеме акциите по основ на законот за лични доходи ако не се платат придонеси за лични доходи за нив.

Такви решенија немаме нити во нашиот Устав ниту во други прописи, а од друга страна кашите и така сиромашни претпријатија би ги изложиле ка огромни давачки за придонеси и даноци со кои можеме да ги доведеме до работ на пропаста.

Господа пратеници, јас одговорно тврдам дека голема ерозија, па и кражба на општествената сопственост се врши преку сомнителни редовни работи на  претпријатието отколку со трансформацијата и минатата и сегашната.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас знам дека долго расправаме, меѓутоа мораме да расправаме долго за оваа материја заради тоа што се работи за такво прашање кое е едно од најзначајните за преминот командната економија на пазарната економија. Ќе беше подобро сега кога расправаме за тоа прашање да имавме и повеќе присутни пратеници односно селата да е полна и вниманието да биде, но што да се прави некои други теми ни се малку попривлечни.

Само да ве потсетам. Ние расправајќи по овој закон расправаме за вредност која што подготвувачите на проектот за приватизација ја процениja како книговодствена на 12,8 милијарди долари, горниот износ и реално, сметајќи дека е тоа преценето на 3,5 милијарди долари.

**ПЕТАР ГОШЕВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Денес расправаме за една од тие вредности што веројатно ни едната ни другата не е точна, можеби е нешто во средината, а можеби нешто и повеќе од тоа. Затоа, сериозноста на оваа расправа е од исклучително значење како капитал, како вредност, а како општествено- економски однос од пресудно значење е за реализација за целиот економско- политички проект кој го усвоивме со Уставот.

Централно прашање што на почетокот сакам да го истакнам е прашањето на правичноста, бидејќи имаме многу дискусии кои што се шират дека нема правична приватизација. Ако нема правична приватизација, ние веднаш да се откажеме од расправата за ова прашање и веднаш да прогласиме прераспределба, распределба, подароци и други начини на приватизирање, јiа присвојување на општествениот капитал. Тоа можеме веднаш на тој начин да го направиме. Но, јас се залагам за правична приватизација и мислам дека има решенија кои што можат да не доведат до некое разумно толкување на тој поим. Меѓутоа, во врска со оваа материја сведоци сме веќе на разни демагогии завиткани во разни идеологии, а кога ќе се разглобат веднаш се гледа дека се работи за гол интерес, да се сочуваат стекнати материјални средства, привилегии од тоа оправдано стекнати, некои неоправдано, некои оправдано се бранат, да се приграбат нови по прв пат да се стекнат материјални средства за тие што немале досега, се да се во отпочнувањето на процесот на приватизацијата многу ја гледаат шансата да и речат збогум на сиромаштијата и преку ноќ од мануелни работници и менаџери што работеле само за плата и лица што администрацијата им била единствена животна судбина, наеднаш да станат

капиталисти, газди, сопственици итн. Тоа е нормално, тоа е разбирливо, затоа што се работи за човечки еден интерес. Од тие причини

XIV/2.-

температурата расте и овде во Парламентот верувам дека понатаму ќе се зголемува. Се вадат од нафталин излитени и нам добро познати принципи, теории и идеологии, Можеме ние да се препознаеме секој од нас кој во што од тоа влегува. Се разбира, се компонираат и нови. Се докажува евентуална неправда што некому му се спрема, започната е битка за правилно информирање, лобирање за оваа или онаа опција, тоа го знаеме од претходниот период и уште ќе трае до усвојувањето на законот. На пример, синдикатите се јавија со своите предупредувања да не се гиба во тоа што го создале работниците. Имавме соопштение и тој притисок ќе се зголеми понатаму и можеме да очекуваме. Се јави и се јавуваат одредени менаџери, маката нивна е исто така позната, труд голем вложувам, и наеднаш промена, да не се гиба интерното акционерство, бидејќи во спротивност се повредуваат многу стекнати прави на работници и други. Се јавија вработени кои цел живот разменувале само интелектуален труд и тие со право се прашуваат заради природата на карактерот, мојот труд, исто така, не е безвреден труд, не му припаѓа ништо од општествениот капитал, а сме го прогласиле како општествен, сечии и ничии, така беше дефиницијата. Се јавија бивши газди, разгаздени односно развластени од главните градители на новото општество што не измести од историјата на човековата цивилизација бараат ретроактивно да бидат обесштетени пак се разбира со право. Затоа што неоправдано биле ограбени. Всушност, се пробудија сите претенденти на престолот наречен имот капитал, бидејќи добро знаат дека имотот не само што обезбедува живот, туку и власт, а ова пак повторно обезбедува имот односно овозможува да се зголемува

имотот. Меѓу власта и имото1 постои тесна соработка. Отсекогаш во историјата на човечкиот развој.

XIV/3

Особено е интересно, поводливо ако до имот се доаѓа низ познатите социјалистички национализации експропријации, распределби и прераспределби, само едно слово или зборче на законите. Тоа е многу интересно, бидејќи без мака со многу други средства се доаѓа до имот. Се разбира, секогаш бранети, за жал и одбранувани со идеолошки флоскули за повисоките интереси на општеството. Кога сите, тоа порано го правевме во името на работничката класа, сега го правевме во име на нешто друго постојано имаме нешто за тоа. Кога сите овие интереси би ги уважувале, а не може ни да се тврди дека сите се нелегитимни, има основа за секое од тие барања и тврдења меѓутоа, ако сите ги уважиме при оваа расправа тогаш господо нема приватизација, особено нема правична приватизација. А јас тврдам ако нема правична приватизација, јас не сум за приватизација, веднаш да се договориме за некакви клучеви за прераспределба на општествениот капитал. Ако парламентот подлегне на одгласите што доаѓаат од одделни социјални групации, ако пратеничките групи и овој пат се впуштат во познатата практика на ловење поени од тие што евентуално би ни помогнале во евентуалните блиски или подалечни избори, пак тврдам нема приватизација, особено неправична приватизација. Затоа, задачата на овој парламент во врска со ова прашање е една од најголемите после Уставот односно втора по значење, некој тоа го рече. Бидејќи претендентите на општествениот капитал своето право на сразмерен дел го правдаат со нивното учество во неговото создавање, клучно прашање е да се потсетиме на генезата на неговото создавање за да може да добиеме тука појасен одговор на прашањето кој како всушност може да дојде до него

во својство на познат сопственик. Јас ќе наведам само неколку начини на формирањето на овој општествен капитал кој што го имаме без да се



исклучувам дека во тој капитал, се разбира учествувала работничката мака, учествувала менаџерската способност, исто така и мака. Тоа не се негира воопшто, но ние треба да го гледаме централниот проблем за да можеме да го најдеме централното решение а за одредени компензации можеме да се договараме низ решенијата.

Прво, околу генезата на капиталот. Почетниот капитал кој што е даден на управување, користење и располагање, тој термин ни стоеше е туѓ. Не беше на тие што почнаа да работат со капиталот. Во основа на почетокот. Се враќам во 1945 година, тој ле бил ниту на вработените, ниту на менаџерите, така се почнало.

Второ, во понатамошниот тек трајните извори на средства настануваат во значителна мера со узурпација на имовината на банкарските доверители. Стручњаците за тоа можат лесно низ цела една серија на податоци да покажат како се врши одземање, прелевање на капиталот на доверителите преку банкарскиот механизам. Познато е дека со уставот беше забрането настанувањето на трајни извори на средства со траен влог на некое лице или било кој друг. Тоа беше забрането. Тоа беше ерес. Преку реално негативната камата се вршеше невидена перманентно првобитна акумулација, а тоа го правиме и денеска. Погледнете ги и денес банкарските камати, погледнете ја и денес есконтната стапка и споредете ја со инфлацијата денешна која што ја имаме. Познато е дека штедачи беа поединци во банките и познато е дека главниот капитал на банките беше од девизните и динарските девизни влогови на граѓаните. Всушност да не се потсетуваме на кражбата на столетието што би се рекло случена во бивша Југославија во врска со девизниот штеден влог на населението.

Трето, дел од контаминиранaта актива на банките и претпријатијата познато е дека ги презема државата. Ние донесовме еден таков закон во



овој Парламент и верувам дека ќе донесеме уште такви прописи формирајќи го јавниот долг на Републиката. Тој јавен долг, се разбира ќе падне на товар на јавната потрошувачка а јавната потрошувачка се алиментира од приходите на сите граѓани кои што имаат имот и кои што имаат добивка, капитал итн.

Четврто, со години, децении загубите се покриваат од буџетите на општествено- политичките заедници од фондовите за санација. Ние можеме по список да наброиме колку претпријатија се разбира, овде не ги вклучувам тие што никогаш не претендирале на покривање на загуби, имало и такви претпријатија за среќа, инаку не би преживеале до денес. Меѓутоа, може да се види цел еден список на претпријатија и сума на средства користена од фондовите на општествено- политичките заедници за санација на загубите. Имаме ние абонирци претпријатија кои што и по десет години биле редовни, бидејќи стечајот и ликвидацијата биле нешто непознато. Јас еднаш за малку ќе ја изгубев работата кога му напишав на еден мој претпоставен дека загубите во пазарна економија и во социјалистички услови се нормална пропратна појава. Но, тоа зборчето"пропратна", пак ме спаси. Инаку, тоа беше анатема да се мисли дека може нешто такво да се случува.

Петто, државата непрекинато создаваше монополи, монопсони, гушејќи ја конкуренцијата. А кога си монопол во едно претпријатие кога си единствен стопанственик и тоа не е така многу тешко да се стопанисува пак да не ми се налутат сите тие што работат позитивно, ова зборува за некои

рамки на системот во кои што функционираме. Дупли капацитети беа забранети и јас можам да ве потсетам дека не можеше никој да добие



согласност за нова инвестиција од соодветната групација во стопанската комора, директорите тоа го знаат, ако таков капацитет постоел во Македонија или ако во Југославија постоеше, не можеше од сојузната стопанска комора на Југославија. Таква согласност за нова инвестиција не даваше ни заводот за план, по што и тој даваше мислење, всушност. Банката се разбира беше воздржана ако немаше такви мислења не даваше кредити за затворање на таа инвестиција.

Шесто, зарем и натаму ќе ја задржуваме сталинистичката категоризација на луѓето на вредни и невредни, производствени и непроизводствени итн., иако нема разлика во работењето на едните и на другите. Затоа, може да се редат уште начини за да дојдеме до општата генеза на создавањето на општествениот капитал, без да ја обесправувам маката на способните менаџери врз основа на кои и досега функционираме. Затоа, може да се каже дека не постои алгоритам барем за умни луѓе врз основа на кој оваа имовина општествен капитал би можел правилно да се распредели на поединци. Од наведените причини поправично е тоа да се смета како имот на сите граѓани, тоа е поправично и најправично. Не на оваа групација вработени или на онаа, не на овие во администрацијата, на докторите на професорите, не на самовработените, иако и на вработените им припаѓа. Меѓутоа, начинот на создавањето е сепак да се сметаат тој капитал дека им припаѓал на сите. Меѓутоа, решение за приватизација што би не одвело до тоа да прогласиме некој народен капитализам, па секој да добие парче од имовината, исто така,

нема да биде добро решение и со тоа нема да ја завршиме задачата, имаме некои такви обиди во други источноевропски земји. Има уште околу оваа аргументација зошто не народен капитализам од овој тип или зошто не само еден слој од населението да му припадне учеството во распределбата



на општествениот капитал, заради времето јас тоа ќе го прескокнам и ќе кажам како јас мислам врз основа, водејќи сметка за ова како може овој модел да се доработи и да дојдеме до она што мене барем ми се чини нешто подобро, иако и ова е една основа која што може да послужи да дојдеме до конечниот текст.

Прво, сопственичката трансформација може првиот чекор да се направи врз. основа на книговодствената вредност на претпријатијата на ден што ќе се договори во самиот закон. Со пренос на обични акции, ако со тоа се согласува и агенцијата и фондовите и ако запишеме таква обврска во законот. Или на партиципативни преференцијални акции на следните баратели. На фондот за надомест на штета што треба да го формираме и што е предвиден со овој закон. 15 до 20% акции мислам тоа е преференцијални акции повеќе да бидат, отколку обични. На фондот за пензиско и инвалидско осигурување 20 до 25%. Тоа е конвенција, тоа е договор во првата фаза. На фондот за развој кој што треба да го формираме и да го одвоиме од агенцијата, функциите, за тоа имаше заложби и во други дискусии 60 до 65% или некој друг процент. До денот определен со закон претпријатијата мора до надлежниот суд да поднесат предлог за регистрација на такво капитално друштво. Тоа уште не е вистинско претпријатие со познати сопственици.

Второ, да се одреди каква функција ќе има преференцијалната акција. Едно решение има предложено. Да гласи на име се разбира, да има номинална вредност која што ќе биде договорена во германски марки или

во еки итн. заради реалното изразување на вредноста. Да му овозможува преференцијално право на годишна дивиденда во законот предлага 2% а јас би предложил и 1% може да биде заради карактерот на овој прв чекор што го правиме. Остатокот од добивката да се дели на сопствениците на



обични и на преференцијални акции во согласност со нивниот дел во сопственичкиот капитал на претпријатието. За оној дел од остатокот на добивката кој има припаѓа на преференцијалните акции се воведува систем на учество во остатокот на добивката кој се распределува во одреден соодност меѓу сопствениците на преференцијални акции, работоводството, менаџерската екипа, не може да биде исклучена од тоа и не можат да бидат исклучени работниците од учество во делот од профитот после наплатата на преференцијалната акција која што е минимална дивиденда од 1%. Значи, на тој начин мораме да ги заштитиме интересите и на работниците и интересите на менаџерите. Но, овој е малку поинаков начин од некој друг. Преференцијалната акција дава право на наплатување на нејзината вредност во случај на стечај или ликвидација, мислам дека има такво нешто предвидено, решение, дава право на глас само во случај ако претпријатието не може да ги плати тие 1% дивиденда само тогаш таа се активира со своето управувачко право во претпријатието. Ако во претпријатието покрај сопствениците од член 10 на овој закон се појават приватни сопственици, партиципативните преференцијални акции во посед на фондовите се изменуваат во непартиципативни односно се претвораат во обични акции на приватните сопственици, додека обичните акции не достигнат барем 25% од вредноста или 30% или може тој процент да го зголемиме, тоа е прашање на договор.

Трето, како треба да настане после овие генерални поставки, да настане приватната сопственост. Откако ова се решава, тогаш може да се вклучи целиот овој механизам што го предлага предлагачот во предложениот закон и таму се предвидени сите можни начини на приватизација. Со зголемување на сопствениот капитал преку издаваше на обични акции, со продажба на преференцијални партиципативни акции во

XIV/9

сопственост на фондовите кои што ги спомнав, со измена на должничкиот капитал на претпријатието што е предвиден облик во овој закон што се предлага, со откуп на претпријатието од вработените и со зголемување на сопственичкиот капитал на претпријатието преку издавањето на акции на вработените во претпријатието, со продажба на сите средства на претпријатието, со престанок на претпријатието итн., уште некоја форма што е предвидена. Тие се сите предвидени. Значи, тогаш настапува ова што во законот се предлага.

Четврто, мора да се реши управувањето на претпријатието во оваа фаза. Не може да поминеме на онаа одредба на крајот што е владата има право да воведе принудна управа заради тоа што не успеала трансформацијата во предвидениот рок, тогаш владата станува газда и поставува директори и незнам врши контрола на претпријатието итн. тоа е прекрасен начин за директно одржување и тоа е прекрасен начин сите овие менаџерски екипи врз неекономски критериуми да ги отстраниме, врз субјективни критериуми да поставуваме други. А изборот на менаџерите може да се обезбедува на друг начин, но не од страна на владата. Таа одредба никако не смее да помине во овој закон. Во претпријатието во кое сопствениците имаат преференцијални акции, сега еден можен предлог, не велам дека овој, но го ставам за размислување, бидејќи ние сме во прва

фаза на расправа на овој закон. Во претпријатијата во кој сопствениците имаат преференцијални акции во висина од 90 до 100% да се востанови управен одбор кој се состои од 10 до 15 члена, половината од членовите на управниот одбор мора да го сочинуваат вработени во претпријатието, работници, службеници, работоводство на тоа претпријатие, а половината од членовите надворешни може да бидат доверители, може да бидат

XIV/10

сопственици, може да бидат стручњаци, неутрални. Два претставници во управниот одбор треба да постави синдикатот и тука треба да дојде онаа западна демократија која што се повеќе ги шири правата на работниците во управниот одбор во вакво претпријатие. Претседателот на управниот одбор, се разбира го избира управниот одбор и претседателот има два гласа во случај на нерешено како што е секаде во светот.

Петто ако претпријатието не може да исплати 1% од годишната дивиденда на преференцијалните акционери, тогаш тие се стекнуваат со право на глас. Тогаш фондот, на пример, може ако биде преференцијален сопственик на акции може да делегира двајца члена или агенцијата ако остане или другиот фонд што ќе го формираме итн. Само ако претпријатието не може. Зашто ако може претпријатието да егзистира, бидејќи продажбата не може да се изврши во рокот што го предвидува Владата претпријатието нормално ќе егзистира, ќе плаќа преференцијална акција и ако не може да ја изврши задачата тогаш настапува некој механизам на контрола и притисок врз менаџерската екипа да наоѓа подобри решенија и да замине таа менаџерска екипа да дојде некоја друга. Тоа е поштено решение спрема досегашните луѓе што работат во претпријатијата.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Кога настанува зголемување на приватниот капитал во претпријатието до 10% може да одлучува работоводството, на тоа можеби може треба да се бара согласност од агенцијата. При трансформирањето на претпријатието во претпријатие со познат сопственик на вработените да им се издаваат акции и сега тоа треба да се договори во која висина на вработените можат да им се издадат акции до 10, до 15% и повеќе од тоа дали е можно за да се задоволи тој интерес, но да не се наруши концептот кој што значи продажба а не поклон. Вработените во претпријатието можат да станат сопственици на претпријатието со издавање на обични акции и нивниот откуп да биде и со дел од платниот фонд на тоа претпријатие и во рамките на ова решение може да се бара солуцијата за она што се случи со интерните акции. Се разбира почитување на законот што важел,но отстранување на сите други прекршоци на постојниот закон. Вработените во претпријатието можат да купат, треба да се предвиди да купат акции и по поволна цена отколку надворешните, но тоа не може да биде како предвидуваше стариот закон 30% плус за секоја година по 1% и ако имаш 40, значи 70% и тогаш фактички се работи за поклон. Но, вработените во претпријатието да имаат право да купат со нешто пониска цена. Вредноста на претпријатието задолжително се проценува ако во неговата вредност се приватизира над 10%, вредноста на претпријатието задолжително да се проценува најмалку со две методи проценка на вредноста, ако се работи за претпријатие од поголема вредност, притоа задолжително проспективната метода да се примени.

Фондот на Република Македонија за развој за кој што се залагам да се воведе треба да биде финансиска организација и да се одвои од она што е сега вгнездено со овој предлог во агенцијата. Прецизно утврдување на

средствата што ќе се користат преку фондот особено за јавни потреби, за инвестиции од поширок карактер заради тоа што и сопственоста денеска како што реков повеќе му припаѓа на целото население заради нејзината генеза отколку на одделни социјални слоеви.

Фондот за надомест на штета по завршувањето на функцијата ако му доделиме 15 или 20% од акциите ќе престане да важи, а ќе се запише член средствата ќе поминат во фондот за развој. Ова е мојот општ поглед на ова прашање како да биде регулирано.

Сега ќе кажам неколку конкретни забелешки што не се во рамките на овој мој концепт но треба уште еднаш да ги преоцени предлагачот и со тоа би завршил.

Прво, го остава големиот дел од општествениот капитал во статус кво состојба. Не е подржавување веднаш директно со индиректни одредби ние тврдиме дека може да стане државен капитал, за тоа имаше дискусии, но генерално сега над 50 или 60% од капиталот е оставен во статус кво состојба во услови кога ќе се одвива да речеме поинтензивен процес на приватизација. Директорите и тие што се разбираат од финансии знаат што во такви случаи може да се случува. Тоа воопшто не е добро. Со овој предлог што јас го предлагам извесна заштита од тој вид постои, дали доволно успешно, за тоа пак можеме да дискутираме.

Второ, предлагачот не се изјаснува што ќе биде државна сопственост. Тоа потоа ќе ни го соопшти или ќе не изненади или нема да не изненади. Тоа треба сега да се каже што ќе биде класична државна сопственост. Од текстот ние може имплицитно да насетуваме она што ќе биде државна сопственост и да го проценуваме процентот можеме.

3. Со членот 8 експлицитно се бара воведување на државен капитал за нешто што е давано без каматно или неповратно и така натаму што нема никаква смисла и никаква основа бидејќи на тој начин државата ќе влезе во претпријатија каде што нема смисла да биде присутна. Не само заради тоа туку и заради тоа што по моделот на владата и по ова што ние дискутираме овде никој не бара поклон, туку бара купување, продажба. Според тоа, и тоа што Владата го дала некогаш неповратно ќе биде продадено некој ќе плати и тие средства ќе одат или во агенцијата или во фондот за развој и повторно ќе ги употреби општеството. Затоа нема никаква смисла тој член 8 што се предлага во овој закон.

4.Немам никаква причина агенцијата да има својство и на стручна организација, институција, сето тоа што пишува за неа таму да биде истовремено институционален фонд, финансиска организација итн. Тоа треба да се раздвои.

5. Рокот за продажба е толку краток што може сега со сигурност да се каже дека продажбата нема да биде извршена и дека сите акции преференцијални ќе поминат во агенцијата. Тогаш се враќаме на еден деформиран модел за кој што Владата се изјаснува против него, а за којшто јас зборувам како треба да биде тој поразработен"јб бидејќи населението нема пари не може да се изврши трансформација на општествениот капитал во приватен капитал бидејќи се работи за иста маса на средства со која што располагаме тогаш ќе се случи агенцијата да биде пренатрпана со капитал, ако воопшто оди продажбата а ако пак не оди продажбата пак Владата не рече ви воведувам насекаде привремени мерки и привремена управа. Тоа ќе биде логиката на развојот на настаните што се предвидени со овие решенија и тие мора да се коригираат.

7. Преминувањето на управувачките права во рацете на тие што имаат 20% сопствен влог или 10% во големите претпријатија можеби е стимулативно решение, но мошне опасно. Што значи ако тројца се договорат по 10% да го земат претпријатието, или четворица или пет души ги преземат управувачките права,

а потоа можностите за финансиски шаренила, прошетки се огромни тоа го знаат директорите најдобро. Значи, тоа е многу опасно решение. Што значи ако со 10% едно големо претпријатие ни го купат странци и веднаш, затоа што дискутабилно е прашањето дали странскиот капитал сака да дојде или не. Штом се стабилизира ситуацијата и штом им понудиме ние багателни цени за нашите претпријатија, ќе ги земе најдобрите, погледнете го случајот со Чехословачка. Германската индустрија влезе во најзначајните сектори и сега ги распродава и ги присвојува. Мора да се помисли на извесна заштита од тој вид.

8. Реков дека Владата не може да си земе право да воведува привремени мерки, да менува работоводни екипи, ниту овој устав и дава ниту поранешниот ни дава такво право, туку мора да се најде друго решение.

9. Во врска со оваа материја, вербалната хајка за евентуални грабежи, грабачи на општествениот имот да престане и се согласувам со едно од последните излагања да се утврди тоа па да се каже. Тоа може да се направи и со постојните прописи, а може да се направи и со нови прописи. Да не може да се направи воопшто затоа што нема правна држава, има дисквалификации основани, неосновани, секој е осомничен, секој да биде предавник, секој да биде крадец во оваа држава треба да престанеме така да работиме.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, начелната расправа по предлогот за донесување на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во општествена сопственост започната во 1989 година се одвива, а и денеска се спроведува во услови на недовршени уставни и законски концепции на односи во оваа област. Тој факт заслужува внимание бидејќи како појава не претставува новина во нашите услови на повеќе годишен маратон помеѓу политиката правото и економијата, во кој маратон само во поедини етапи некој од учесниците остварил предност која подоцна се покажала само како превид. Меѓутоа, наведената недоследност заслужува внимание во голема мера, во која се очекува новиот предлог за донесување на закон да ги разреши сопственичките односи и обезбеди опстанок и препород на општеството што го градиме.

Цврсто сум убеден дека ниту со новиот устав не се обезбеди правна претпоставка односно основна уставно- правна претпоставка, а преку тоа да се обезбеди законско раздвојуваше на државната сопственост од општествената сопственост или пак на секој вид на сопственост еден од друг од општествената сопственост. Сигурно е дека таа работа не е едноставна во наши услови како што направивме се обидовме да кажеме дека сопственоста докажана како докажана историска категорија со економско правна содржина ја преобразиме како историска, експериментална категорија која содржина е идејно- нормативна и ја створивме општествената сопственост. Општествената сопственост од која сега повторно се ново треба да настане досега со начелата на уставите дефинирана како сечија и ничија,ствар на која никој нема право на сопственост при која никој според мене претставува ознака за друштвото во целина.

Уште со уставните амандмани на бившата СФРЈ од 19881989 година, со промовирањето на категоријата општествен капитал и со безрезервното декларирање дека економското уредување на општеството ќе се заснова на сите облици на сопственост и дека сопственоста и трудот се основа за управување ниту новиот устав тоа не го негира, туку во членот 58 став 1 го инаугурира и предложениот предлог за донесување на закон материјално содржински во повеќе членови тоа го уредува спротивно на уставот, според кое лично сметам дека и самиот предлог онака како што е компониран во одредени членови е со сомнителен уставен основ за неговото донесување.

Предложениот законски проект нуди преокрет на основите на сопственичките односи и тоа тежнее да го изведе без револуција, што досега во историјата на развојот на општеството беше причина на промените и според мое убедување на општествената сопственост според овој законски проект државата треба дефинитивно де јуре стане легитимен сопственик и таа како сопственик утврди цена, начин на продажба на сопствениот имот. Во овој момент државата е во позиција да потполно самостојно го одреди обемот на сопственоста која на неа ќе и припадне од оној дел на капиталот односно општествен капитал кој објективно е произведен од страна на сите членови на општеството. Слободата на државата во ова одлучување е потполна и правно заснована, ако наиме го следи правото да донесува закони и нема никакво ограничување во овој поглед. Но отпочнувајќи на овој начин да ги разрешиме проблемите чија цел е да се редефинираат сопственичките односи кај нас постои извесна недоследност во редоследот на зафаќањето. Пред да се даде било каква критична анализа или пак оспорување на поедините законски решенија што се нудат треба да се тргнува од ставот да во правниот поредок кој тежнее

да со право се нарече правен систем законите не можат да одат подалеку од Уставот, ниту пак со свои норми ги надоместуваат непосточеките норми во Уставот. Во таа смисла секоја недоследност во законската трансформација на системот на односите, во суштина е условена со пропуштање или воздржување на уставотворецот да го разреши основниот однос така што бескомпромисно ќе изврши национализација денационализација, реприватизација на затечената општествена сопственост. Неразрешувањето на тие односи во суштина е работа на политичка одлука. Основниот маневарски простор може да биде искористен на најдобар начин, но исто така може да биде употребен за стекнување на имовина и права преку мера во крајно нестабилни услови на стопанисување и нефункционирање на правната држава. Според мене во Уставот егзистираат со одредени специфичности и недоречености отворени уставно- правни прашања во поглед на уредувањето на оваа материја и донесувањето на овој закон. Во ваква состојба во која се наоѓаме може да се расправа од различни аспекти, уставно- правни и други. Во прв ред е прашањето дали е допуштено со закон кој сега се нуди да се воспостави сопственост на државата и другите субјекти на добра кој со полн уставен основ досега се во општествена сопственост, а кои не се негирани со новиот устав.

Имајќи го во вид недефинирањето на сопственостите во Уставот да со донесувањето на поголем број на закони по било кој дискутабилен основ оваа материја се уредува и на подруг начин. Изложените уставно правни дилеми не се единствената дисхармоничност во уредувањето, односно во креирањето на односите кои треба да бидат темел на новото општествено економско уредување.

Ваквиот пристап на промени кој оди во правец на надградба и последици на база и модел му одговара на карактерот на вкупните промени во општеството кој има ретрограден тек ценет од стојалиште на историски редослед на општествено- економските формации. Воспоставувањето на новите односи додека трае постапката на довршувањето па дури и остварувањето на самата уставна концепција, донесувањето на еден ваков закон не може да ужива правен авторитет што исто важи и за постапувањето на законодавната и уставотворната власт, која со овој проект се определува овие односи со овој закон да ги уреди парцијално. Можно е одбраната за таквиот пристап на решавањето на проблемот е условен и нуди од потребата за брзо преобразување, но мора да се истакне да при таквите барања на животот, на пишувачите и носителите на правните норми им се случува често да лавираат помеѓу потребното и можности, прагматичното и импровизираното, но мора да го прими на знаење и мора да застанеме со експанзивната на непроверените новини се додека трае процесот на нивното генерално теориско обликување.

Објективната потреба за промена на основниот сопственички однос во чија основа е оправдано тежнението секој предмет да добие и заслужен сопственик оптоварено е и со природно тежнение да досегашните, велам сопственици во изглед да остварат што поповолна позиција на стартот во стекнувањето на сопственоста, меѓутоа да може освојувањето на позициите да тече со поголема објективност и одговорност овој процес да се одвива во услови на поголема правна сигурност, која не може да биде донесена во прашање со секоја нова измена и дополнување на Законот како што сега го правиме, стариот и новиот закон.

Според сето кажано сметам дека овој закон само формално го исполнува уставниот основ односно се донесува во законски пропишана постапка, а во материјалната, содржинската смисла не го почитува Уставот во одредени негови решенија дадени во членовите кои ги нуди законот. Го разорува целокупниот нормативен систем со кој се уредува стопанисувањето односно репродукцијата, да го почитува законот за претпријатијата, законот за стечај, законот за финансиско работење, законот за сметководство на работење и другите системски закони. Сметам дека овој закон повеќе личи на закон за основање на агенција, а не на закон за трансформација.

Не дефинираното место и улогата на агенцијата дали е државен орган, орган на министерството или управен орган или јавно претпријатие, преголемата слобода е никаква одговорност односно злоупотреба и неуспех само отвора пат на една несигурност во иднина. Огромен дел од изземањето на трансформацијата и дефакто национализирање на целокупниот општествен капитал е директно претворање во државен капитал со право на управување, располагање и отуѓување од агенцијата.

Административното трансформирање би рекол на општествениот капитал по сила на закон без слободно изразена волја на оние кои го управуваат и големата опасност од неприфаќањето на законот и немањето на решенијата за надминување на оваа состојба дали целокупното стопанство во Македонија ќе биде под принудна управа и во управување на агенцијата и државата. Поништувањето на членови со нов закон без изменување и дополнување на Законот кој фактички се менува тоа можете да видите во завршните определби. Со овој закон што се нуди се менуваат членови на Законот за претпријатијата, Законот за стечај, присилно

порамнување итн. Дали е тоа правничко допуштено и можно без да се води расправа за измена на еден закон со друг закон се менуваат членови на друг закон. Правење на компалација на стечајната, управната постапка и на ред други постапки како што тоа го нуди Владата, Владата да има право да воведува присилна управа доколку не бидат исполнети условите кои ги предвидува законот за трансформација, дали тоа не е сега работа на стечајните судови, стечајните совети итн.

Според мене, употребата на уште недефинирани правни инструменти како што е фидуцијарната спогодба, како што е договорот за лизинг сеуште со закон не се дефинирани, не се јасно концизно определени. Само фидуцијарниот договор како што се нуди во Законот како спогодба, тој не е спогодба, тој е реален договор меѓу фидуцијантот и фидуцијарот,но во правната наука во празното сознание е дека овој договор е со враќање на имотот, а сега при трансформацијата на кој ќе се врати. Дали нецелисходно се применува оваа дискусија. Договорот за лизинг кој не е добро разработен кој се кажува дека е договор за продажба, а познат во меѓународното право и во законот за надворешно трговско работење во член 57 каде го определува дека договорот за лизинг е сложен правен акт кој содржи повеќе елементи, договор за закуп, договор за кредит, договор за обавување на определени работи, сметам дека сето тоа сеуште законодавецот правилно не го обликувал и нема концизно и јасно решение за оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да прекинеме со работа, бидејќи имаме уште 15 дискутанти пријавено за расправа, а сега односно во 17 часот во Комората

треба да се одржи еден состанок заради санкциите и дел од присутните треба да присуствуваат на тој состанок.

Сега да прекинеме, а утре во 10 часот да продолжиме со работа.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).